СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
*Основана 1922*
ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA
*Founded 1922*

ISO 9001 Quality Management
FS 549642

# ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ВО 2014 ГОДИНА

*Февруари 2015 година*
*С к о п ј е*

# СЕДНИЦИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

## Дваесет и шеста седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија 18.02.2014 година

- Недостигот на стручен квалификуван кадар - се` поизразен проблем во стопанството;
- Кратка информација за досегашните состојби при спроведување на анкетата за неданочни и парафискални давачки;
- Информација за прописи од значење за бизнисот;
- Одлука за изменување и дополнување на Правилникот за организацијата и работењето на Стручната служба на Стопанската комора на Македонија.

## Дваесет и седма седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија 17.4.2014 година

- Предлог-извештај за активностите на Стопанската комора на Македонија во 2013 година;
- Предлог-финансиски извештај на Стопанската комора на Македонија за 2013 година;
- Заклучоци по Информацијата: „Недостигот на стручен квалификуван кадар - се` поизразен проблем во стопанството“;
- Информација за прописи од значење за бизнисот;
- Предлог-одлуки за верификација на мандат на членови на Собранието на Стопанската комора на Македонија;
- Извештаи и Програма на Бизнис центарот за тренинг и обука:
  - Годишен извештај на работењето за 2013 година;
  - Годишен финансиски извештај за 2013 година;
  - Програмски насоки за активностите во 2014 година;
- Решение за разрешување и за именување на член на Второстепената комисија за одлучување по приговори на работниците во Стручната служба на Стопанската комора на Македонија;
- Одлука за формирање Совет за едукација и развој на човечки ресурси;
- Одлука за именување членови на Советодавниот одбор на Бизнис центарот за тренинг и обука - Охрид.

## Дваесет и осма седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија 26.6.2014 година

- Олеснување на трговијата - насоки за зголемување на протокот на стоки долж коридорите 8 и 10;
  - Информација за прописи од значење за бизнисот.

## Дваесет и деветта седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија 18.9.2014 година

- Презентирање на Нацрт на амандманот XXXIV на Уставот на РМ за основање на меѓународна финансиска зона и на Нацрт на амандманот XXXVII на Уставот на РМ за утврдување на фискални правила на фискалната политика, од страна на Министерството за финансии;
- Инвестициите во приватниот сектор - приоритет за повисока конкурентност на македонската економија;
- Информација за прописи од значење за бизнисот.

**Триесетта седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија**
**27.11.2014 година**

- Актуелни прашања и проблеми во примената на Законот за јавните набавки;
- Информација за доставени мислења по предлози на закони и за иницијативи за измена на закони;
- Предлог-иницијатива 2015 година да се прогласи за година на конкурентноста на Република Македонија;
- Основи за соработка на Стопанската комора на Македонија и единиците за локален економски развој во општините и планските региони;
- Информација за прописи од значење за бизнисот.

# СЕДНИЦИ НА СОБРАНИЕТО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**Единаесетта седница на Собранието**
**17.4.2014 година**

- Извештај за активностите на Стопанската комора на Македонија во 2013 година;
- Финансиски извештај на Стопанската комора на Македонија за 2013 година;
- Заклучоци по Информацијата: „Недостигот на стручен квалификуван кадар - се` поизразен проблем во стопанството“;
- Одлуки за верификација на мандат на членови на Собранието на Стопанската комора на Македонија.

**Дванаесетта седница на Собранието**
**23.12.2014 година**

- Програмски насоки за активностите на Стопанската комора на Македонија во 2015 година;
- Финансиски план на Стопанската комора на Македонија за 2015 година;
- Иницијатива 2015 година да се прогласи за година на конкурентноста во Република Македонија;
- Инвестициите во приватниот сектор - приоритет за повисока конкурентност на македонската економија;
- Одлука за распишување избори за избор на претставници на здруженијата според дејности и на регионалните комори во Собранието на Стопанската комора на Македонија.

# СЕДНИЦИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**Дванаесетта седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Македонија**
**11.02.2014 година**

- Елаборат на Централната пописна комисија за попис на средствата, побарувањата и обврските со состојба на 31.12.2013 година со извештаите на пописните комисии.

**Прва седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Македонија**
**3.4.2014 година**

- Предлог-финансиски извештај на Стопанската комора на Македонија за 2013 година;
- Извештај од овластен ревизор на ревизорското друштво „Б и Љ“ ДОО - Скопје од спроведената ревизија на финансиско-материјално работење на Стопанската комора на Македонија за 2013 година;
- Извештај за наплата на членарина во 2013 година.

**Втора седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Македонија**
**17.7.2014 година**

- Финансиски извештај за работењето на Стопанската комора на Македонија за период 01.01.2014 до 30.6.2014 година;
- Предлог-одлука за спроведување на постапка за избор на независно ревизорско друштво за ревизија на финансиско-материјалното работење на Стопанската комора на Македонија за 2014 година;
- Предлог-одлука за утврдување на критериуми за оценка на понудите за избор на независно ревизорско друштво за ревизија на финансико-материјалното работење на Стопанската комора на Македонија за 2014 година;
- Предлог-одлука за формирање Комисија за избор на независно-ревизорско друшво за ревизија на финансиско-материјалното работење на Стопанската комора на Македонија за 2014 година;
- Јавен оглас за избор на независно ревизорско друштво за ревизија на финансиско-материјалното работење на Стопанската комора на Македонија за 2014 година.

**Трета седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Македонија**
**21.11.2014 година**

- Предлог-финансиски план на Стопанската комора на Македонија за 2015 година.

# ШТО СОДРЖИ ИЗВЕШТАЈОТ?

1. Одржани 44 прес-конференции и присуство на медиуми на 33 други настани.

2. Одржани преку 60 состаноци и расправи за компаниите.

3. Доставени 44 информации за прописи до компаниите.

4. До компаниите доставени 213 прегледи на информации за објавени статии во дневни и неделни печатени медиуми (економски вести, вести поврзани со правна регулатива и сл.).

5. Над 35 активности на регионалните комори.

6. Организирани над 15 бизнис-форуми и уште толку бизнис-средби.

7. Преку 27 меѓународни активности на Комората во рамките на разни програми, проекти и иницијативи.

8. Над 50 посети на дипломатско-конзуларни претставници во Комората.

9. Издадени 44 електронски изданија на „БИЗНИС ИНФО“, во просек на околу 40 страници.

10. Објавени 42 електронски изданија на „БИЗНИС ОГЛАСНИК“.

11. Објавени 5 броја на „ИНФОРМАТОР“ и два Информатора - огласници, во печатено колор издание.

12. Центарот за едукација и развој на чивечки ресурси реализираше 89 едукативни настани, на коишто присуствуваа 2286 учесници.

13. Издадени вкупно 80 веб-сертификати Exellent SME.

14. Издадени документи од Бизнис канцеларијата:

    - 2087 сертификати за потекло на производите (Форм А);
    - 12115 сертификати за потекло на производите (Оригин);
    - 468 АТА-карнети;
    - 29 потврди за ексклузивитет;
    - 2 потврди за слободна продажба;
    - 1 потврда за единствен производител;
    - 22 потврди за производител;
    - 10 потврди за членство во Комората;
    - 181 заверка на фактури, договори и други документи (со печат Видено во Комора);
    - 24 мислења за исполнување на економските услови.

# ОДРЖАНИ РЕДОВНИ ПРЕС-КОНФЕРЕНЦИИ
## *(СЕКОЈ ПОНЕДЕЛНИК ВО 11:00 ЧАСОТ)*

**13 јануари 2014 година**
СОВЕТОТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ ПРИ СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ГО ПРЕТСТАВИ НОВОИЗБРАНИОТ ПРЕТСЕДАТЕЛ, ГОСПОДИНОТ ХУАН ПЕДРО ИМАНЕЗ НАВАРО, ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР НА „АРЧЕЛОР МИТАЛ“ - СКОПЈЕ

**20 јануари 2014 година**
НОВИ МОЖНОСТИ ЗА ПОГОЛЕМА КОНКУРЕНТНОСТ НА КОМПАНИИТЕ ПРЕКУ ЕВРОПСКИТЕ ФОНДОВИ И ПРОГРАМИТЕ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ, РАЗВОЈ И ИНОВАТИВНОСТ – „ХОРИЗОНТ 2020“ И „КОСМЕ“

**27 јануари 2014 година**
ПРОМОВИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ: „ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО – ИДНИНАТА НА СТУДЕНТИТЕ“

**3 февруари 2014 година**
СОСТАНОКОТ НА СВЕТСКАТА ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО ЖЕНЕВА СЛЕДНИОТ МЕСЕЦ - ПРЕДИЗВИК ЗА ТУТУНОПРОИЗВОДСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**10 февруари 2014 година**
ТЕХНИЧКИТЕ НОРМАТИВИ ЗА СУВА ГРАДБА, ПО ТЕРКОТ НА ЕВРОПСКИТЕ ЗЕМЈИ – ЕДЕН ОД УСЛОВИТЕ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА НЕЛОЈАЛНАТА КОНКУРЕНЦИЈА ВО ЗАВРШНИТЕ ГРАДЕЖНИ РАБОТИ

**24 февруари 2014 година**
ИНВЕСТИЦИИ ВО ЧИСТА ЕНЕРГИЈА

**3 март 2014 година**
ДРЖАВНА ПОДДРШКА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДСТВОТО НА СВЕЖО СВИНСКО МЕСО И НАМАЛУВАЊЕ НА НЕДОСТИГОТ ЗА ПРЕРАБОТКА

**10 март 2014 година**
ОСИГУРУВАЊЕТО КАКО ОБЛИК НА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК - ПРЕДНОСТИ И ПРЕДИЗВИЦИ НА ОСИГУРИТЕЛНИОТ ПАЗАР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**17 март 2014 година**
РЕПУБЛИКА МОЛДАВИЈА – МОЖНОСТИ ЗА НОВИ ДЕЛОВНИ ПАРТНЕРСТВА И ПОГОЛЕМА ЕКОНОМСКА СОРАБОТКА

**24 март 2014 година**
МОЖНОСТИ И ПРИОРИТЕТИ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА СОРАБОТКА СО РЕПУБЛИКА ФРАНЦИЈА

**31 март 2014 година**
ЕЕН-МРЕЖАТА ЗА БИЗНИС-МОЖНОСТИ – ПОМОШ ЗА ПОДДРШКА НА МАЛИТЕ И СРЕДНИ КОМПАНИИ ВО ИЗНАОЃАЊЕ ПАРТНЕРИ ЗА НОВИТЕ ЕУ-ПРОГРАМИ „КОСМЕ“ И „ХОРИЗОНТ 2014-2020“

**7 април 2014 година**
ПОЗИТИВНИ ИСКУСТВА ОД ПРИМЕНАТА НА ЕНЕРГЕТСКИОТ МЕНАЏМЕНТ ВО ИНДУСТРИЈАТА

**14 април 2014 година**
АКТУЕЛНИ СОСТОЈБИ ВО ТЕКСТИЛНАТА ИНДУСТРИЈА И ПРОЕКЦИИ ЗА НАРЕДНИОТ ПЕРИОД

**22 април 2014 година**
ТУТУНСКАТА ИНДУСТРИЈА ВО МАКЕДОНИЈА НАСПРОТИ НЕПОВОЛНИТЕ СВЕТСКИ ТРЕНДОВИ

**28 април 2014 година**
ОБУКИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ВО ГРАДЕЖНИОТ СЕКТОР
ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ „BUILD UP SKILLS“ – ВТОРА ФАЗА

**5 мај 2014 година**
ДИГИТАЛЕН МАРКЕТИНГ - СО ПРИМЕНА НА НОВИТЕ ИКТ-ТЕХНОЛОГИИ
ПОБЛИСКУ ДО ПОТРОШУВАЧИТЕ ВО ОСВОЈУВАЊЕ НА ДОМАШНИТЕ И СТРАНСКИТЕ ПАЗАРИ

**12 мај 2014 година**
РЕСУРСИТЕ НА МИНЕРАЛНИТЕ СУРОВИНИ – ПОТТИКНУВАЧИ ЗА ЕКОНОМИЈАТА ВО ЗЕМЈАТА

**19 мај 2014 година**
АКТУЕЛНИТЕ ДВИЖЕЊА И СОСТОЈБИ ВО МЕТАЛУРШКИОТ
КАКО НАЈВИТАЛЕН СЕКТОР НА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА

**26 мај 2014 година**
МОЖНОСТ ЗА ПОТВРДА НА КВАЛИТЕТОТ НА МАКЕДОНСКИОТ ТУТУН И ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ
И ОСВОЈУВАЊЕ НА НОВИ ПАЗАРИ ПРЕКУ МЕЃУНАРОДНАТА МАНИФЕСТАЦИЈА ЗА ДЕГУСТАЦИЈА
НА ТУТУН И ПРЕРАБОТКИ ОД ТУТУН „ИТТА - ОХРИД 2014“

**2 јуни 2014 година**
УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА СОРАБОТКА СО РЕПУБЛИКА АВСТРИЈА

**9 јуни 2014 година**
ТРЕТ ФОРУМ НА ЧИНИТЕЛИ И ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ ЗА ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

**16 јуни 2014 година**
КВАЛИТЕТНИ СТРУЧНИ КАДРИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА СТОПАНСТВОТО

**23 јуни 2014 година**
УПРАВУВАЊЕТО СО АМБАЛАЖАТА И АМБАЛАЖНИОТ ОТПАД
- КАКО ДО ИСПОЛНУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИТЕ ЦЕЛИ?

**30 јуни 2014 година**
СТАНДАРДИЗАЦИЈА И МОДЕРНИЗАЦИЈА НА СТАТИСТИЧКИТЕ ПРОЦЕСИ,
СО ПРИМЕНА НА ИКТ ВО ПРИБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ

**7 јули 2014 година**
НАСОКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА БИЗНИС-КЛИМАТА ВО ХОТЕЛИЕРСТВОТО И ВО УГОСТИТЕЛСКАТА ДЕЈНОСТ

**14 јули 2014 година**
ТРГОВИЈА СО НЕОПАСЕН ОТПАД САМО ЗА СУБЈЕКТИТЕ КОИ ПОСЕДУВААТ ИНТЕГРИРАНА ДОЗВОЛА
– РЕГУЛАТИВА ВО ИНТЕРЕС НА КВАЛИТЕТЕН СИСТЕМ НА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

**1 септември 2014 година**
СОСТОЈБИТЕ И МОЖНОСТИТЕ ЗА ПЛАСМАН НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ ВО РУСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА

**15 септември 2014 година**
ОБВРСКИТЕ ЗА ПРАВНИТЕ И ФИЗИЧКИТЕ ЛИЦА СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА И ЕЛЕКТРОНСКА ОПРЕМА И ОТПАДНА ЕЛЕКТРИЧНА И ЕЛЕКТРОНСКА ОПРЕМА

**22 септември 2014 година**
СОСТОЈБИТЕ ВО ГРАДЕЖНИШТВОТО – ИНВЕСТИЦИИТЕ ВО НИСКОГРАДБАТА КАКО ПОТТИК ЗА ЕКОНОМСКИ РАСТ

**29 септември 2014 година**
ЗАКЛУЧОЦИТЕ ОД РЕГИОНАЛНАТА КОНФЕРЕНЦИЈА: „ЕКОНОМИЈАТА - ОСНОВ ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН“ – НАСОКИ ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА КОМПАНИИТЕ ОД РЕГИОНОТ

**6 октомври 2014 година**
ИНВЕСТИЦИИТЕ ВО НОВИ ИНОВАТИВНИ ПРОИЗВОДИ - РЕЦЕПТ ЗА ЛИДЕРСТВО НА ПАЗАРОТ

**13 октомври 2014 година**
СО ПОДОБРО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА КОМПАРАТИВНИТЕ ПРЕДНОСТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДО ПОКОНКУРЕНТНО ОРАНЖЕРИСКО ПРОИЗВОДСТВО

**20 октомври 2014 година**
БИЗНИС-КОНТАКТИТЕ - ОСНОВА ЗА ГОЛЕМЕНА ТРГОВСКА РАЗМЕНА СО АВСТРИЈА

**27 октомври 2014 година**
ЕКОЛОШКИ ОЗНАЧЕНИ ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ - НАМАЛЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПОГОЛЕМ ПЛАСМАН ВО ЕВРОПА И ВО СВЕТОТ

**3 ноември 2014 година**
СОВРЕМЕНА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКИОТ РАСТ

**10 ноември 2014 година**
ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА МЕЃУ СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА И ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ПРЕКУ ПОТПИШУВАЊЕ МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА ВО НАСОКА НА УНАПРЕДУВАЊЕ НА КОРПОРАТИВНАТА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

**12 ноември 2014 година**
ПРЕХРАНБЕНАТА ИНДУСТРИЈА И ТУРИЗМОТ- ШАНСА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА СОРАБОТКА МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА ИТАЛИЈА

**17 ноември 2014 година**
РАЗМЕНАТА НА ДОБРИТЕ ПРАКТИКИ МЕЃУ КОМПАНИИТЕ ВО ФУНКЦИЈА НА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ТРГОВСКИТЕ ОДНОСИ МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА ФРАНЦИЈА

**24 ноември 2014 година**
ПОРАКИ НА РАБОТНИТЕ ГРУПИ ОД СТОПАНСКИТЕ КОМОРИ ОД ЦЕФТА-РЕГИОНОТ ВО НАСОКА НА ОЛЕСНУВАЊЕ НА ТРГОВИЈАТА И СЛОБОДЕН ПРОТОК НА СТОКИ И УСЛУГИ

**1 декември 2014 година**
УНАПРЕДУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛНАТА СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ГРАДЕЖНИШТВОТО И ИНСТИТУЦИОНАЛНО ПОВРЗУВАЊЕ ЗА ЗАЕДНИЧКИ НАСТАП НА ПАЗАРИТЕ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД РЕГИОНОТ КАКО И НА ТРЕТИ ПАЗАРИ

**9 декември 2014 година**
СЛЕДЕЊЕ НА ЕФЕКТИТЕ ОД ТУРИСТИЧКАТА ДЕЈНОСТ – УСЛОВ ЗА РЕАЛЕН ПРИКАЗ ВО ВКУПНАТА ЕКОНОМСКА АКТИВНОСТ

**15 декември 2014 година**
ОБВРСКИТЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО ПОСТАПУВАЊЕТО СО ОТПАДНАТА ЕЛЕКТРИЧНА И ЕЛЕКТРОНСКА ОПРЕМА ЗАПОЧНУВААТ ОД 1 ЈАНУАРИ 2015 ГОДИНА

**22 декември 2014 година**
КЛУЧНИТЕ АКТИВНОСТИ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ВО ПРВИОТ КВАРТАЛ ОД 2015 ГОДИНА НА РЕГИОНАЛЕН ПЛАН

# ДИРЕКЦИЈАТА НА ЗДРУЖЕНИЈА СПОРЕД ДЕЈНОСТИ

**16.01.2014 година**

**Работилница во Штип во организација на Стопанската комора на Македонија и Царинската управа - ЗАПОЗНАВАЊЕ НА БИЗНИС–ЗАЕДНИЦАТА ОД РЕГИОНОТ СО НОВИНИТЕ ПРИ ВРШЕЊЕ ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР**

Во организација на Стопанската комора на Македонија, а во соработка со Царинската управа на Република Македонија, на 15.01.2014 година, во Штип се одржа работилница на тема: „Новини при вршење инспекциски надзор во царинските постапки“, на која присутните претставници на бизнис-заедницата од штипскиот регион на непосреден начин имаа можност да се информираат за организационата поставеност, надлежностите и функционирањето на инспекциските органи, со посебен акцент на нивната инволвираност во увозно-извозните царински постапки. Свој настап пред претставниците на бизнисот имаа претставници од: Агенцијата за храна и ветеринарство, Државниот инспекторат за земјоделство, Државниот пазарен инспекторат, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Државниот инспекторат за техничка инспекција, Државниот инспекторат за транспорт и Државниот инспекторат за животна средина. Директните средби на бизнис-заедницата со надлежните државни институции, како и до сега и овој пат предизвикаа голем интерес, пред се` поради можноста за отворени дискусии на актуелни прашања од делокругот на нивното работење, надминување на евентуални проблеми и градење на поинтензивна меѓусебна соработката, во која насока беше нагласена отвореноста за натамошно нејзино продлабочување.

**29.01.2014 година**

**Групација на сува градба - ЗАЕДНИЧКИ ПОЛЕСНО ДО СПРАВУВАЊЕ СО НЕЛОЈАЛНАТА КОНКУРЕНЦИЈА**

Компании-членки на Групацијата на сува градба, притиснати од проблемите со кои се соочуваат, пред се’, нелојална конкуренција од физички лица кои се вклучуваат во монтажа на гипсени производи, како и донесување на нормативи за оваа дејност, избраа нов Управен одбор и усвоија повеќе документи.




**30.01.2014 година**

**Презентиран Проектот „Подобрување на енергетскиот менаџмент во македонската индустрија“ - ТЕХНИЧКА ПОМОШ ЗА ПОДОБРО УПРАВУВАЊЕ СО ЕНЕРГИЈАТА ВО ПРЕХРАНБЕНАТА ИНДУСТРИЈА**

На 30.01.2014 година, во Стопанската комора на Македонија официјално беше презентиран Проектот „Подобрување на енергетскиот менаџмент во македонската индустрија“. Тој започна да се имплементира во декември 2013 година, а има за цел намалување на потрошувачката на енергија и подобрување на енергетските и еколошки перформанси  во малите и средни претпријатија од прехранбената индустрија во Македонија. Имплементаторот на Проектот - Центарот за климатски промени со своите партнери -  Агенцијата за енергетика на РМ, Машинскиот факултет и Стопанската комора на Македонија, во следните 12 месеци ќе реализираат работилници и тренинзи за македонските компании од прехранбениот индустриски сектор кои ќе им овозможат техничка помош за подобро управување со енергијата и имплементација на стандардот за управување со енергија ISO 50001:2011, а планираниот прирачник за енергетски менаџмент, кој ќе може да ги применуваат сите компании од прехранбениот сектор, ќе им овозможи на компаниите самостојно да применуваат практики за управување со енергијата.

**31.01.2014 година**

**Работилница на Комисијата за АМЛ и Compliance при Здружението на банкарството во соработка со Управата за финансиско разузнавање - ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ОБВРСКИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА МЕЃУНАРОДНИ РЕСТРИКТИВНИ МЕРКИ**

Комисијата за АМЛ и Compliance при Здружението на банкарството во соработка со Управата за финансиско разузнавање, на 31.01.2014 година организираше еднодневна работилница на тема: „Имплементација на обврските од Законот за меѓународни рестриктивни мерки", во Стопанска комора на Македонија. Целта на оваа работилница беше одблиску да се анализираат постапките за спроведување на финансиските рестриктивни мерки и имплементацијата на финансиските санкции од Законот за меѓународни рестриктивни мерки на Република Македонија, како и да се споделат искуствата и проблемите што произлегуваат од истите. Работилницата ја отвори претседателот на Комисијата за АМЛ и Comliance при Здружението на банкарството при Стопанската комора на Македонија, м-р Маја Андревска Блажевска. Предавачи на оваа работилница беа доц. д-р Методија Хаџи Јанев од Воената академија и доц. д-р Ивица Симоновски од Управата за финансиско разузнавање. Сите банки во Република Македонија земаа учество со свое мислење и презентации по однос на Законот за меѓународни рестриктивни мерки.

**5.02.2014 година**

**Во Стопанската комора на Македонија, Министерството за економија ја реализираше првата промотивна средба за користење на кредитната линија на ЕБОР од регионалната Програма за енергетска ефикасност - КРЕДИТИ ПРЕКУ ОХРИДСКА БАНКА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА МАЛИ ПРОЕКТИ ВО ПРИВАТНИОТ И ЈАВНИОТ СЕКТОР**



На иницијатива на Министерството за економија и Европската банка за обнова и развој, а во соработка со Охридска банка, се одржа првата од неколкуте планирани промоции (5.02.2014 година) на новата кредитната линија на Европската банка за обнова и развој (WeBSEFF 2) од регионалната Програма за енергетска ефикасност за Западен Балкан, овојпат пред претставниците на стопанските комори во Македонија. Како што информираше министерот Сараќини, преку директна комуникација со заинтересираните, претставниците од Министерството за економија и ЕБОР ќе даваат техничка помош на компаниите при подготовка на апликација за кредит. Вкупниот износ на финансиски средства кои се обезбедени од ЕБОР за сите земји од Западен Балкан изнесува 75 милиони евра наменети за реализација на мали проекти во приватниот и јавниот сектор, во областа на енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија и истата се пласира преку комерцијални банки со кои ЕБОР има склучено договор. Со обезбедувањето на финансиска поддршка и експертска поддршка од страна на ЕБОР, преку кредитната линија ќе се придонесе значително кон реализација на конкретни проекти од областа на енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија кај компании од приватниот сектор, меѓутоа и во општинскиот сектор.

**7.02.2014 година**

**Новоконституираната Групација за безбедност и здравје при работа расправаше по Правилникот за висината на трошоците за извршување на стручните работи за безбедност при работа - ИНИЦИЈАТИВА ЗА ИЗМЕНА БИДЕЈЌИ ЦЕНИТЕ НЕ КОРЕСПОНДИРААТ СО ТРОШОЦИТЕ**

На конститутивната седница на Групацијата за безбедност и здравје при работа, одржана на 7.02.2014 година, се расправаше по Правилникот за висината на трошоците за извршување на стручните работи за безбедност при работа („Службен весник на РМ" бр. 10/14). Членките на Групацијата расправајќи по овој Правилник констатираа дека со истиот се утврдуваат минималните и максималните цени за извршување на стручните работи за безбедност при работа, при што констатираа дека тие цени не кореспондираат со трошоците кои ги имаат фирмите за извршување на својата дејност. По основ на висината на цената на трошоците членките предложија да се покрене иницијатива за промена на овој Правилник со можност да биде дефинирана минималната цена, а максималната да не се ограничува со што би се обезбедила пазарна економија и би се подобрил квалитетот на давањето услуги.

**10.02.2014 година**

**Заложби на Групацијата за сува градба при Стопанската комора на Македонија да се воведат техничките нормативи во оваа област по теркот на европските земји - СПРЕЧУВАЊЕ НА НЕЛОЈАЛНАТА КОНКУРЕНЦИЈА ВО ЗАВРШНИТЕ ГРАДЕЖНИ РАБОТИ**

Приоритет во работењето ќе биде анимирање и зајакнување на членството, запознавање со тековните активности, како и барање до надлежните институции за донесување на техничките нормативи за сува градба. Групацијата ќе ги има подготвено техничките нормативи за сува градба, по теркот на европските земји, односно стандардизирани описи и нормативи на материјал и време за системи за сува градба.

**19.02.2014 година**

**Средба на Менно Снел, извршен директор на ММФ со високи претставници на банки од Република Македонија - СЕ ОЧЕКУВА КРЕДИТЕН РАСТ, ОСОБЕНО ЗА КОМПАНИИТЕ**



На барање на Меѓународниот монетарен фонд во Република Македонија, на 17.02.2014 година, во Стопанската комора на Македонија, Менно Снел, извршен директор на Меѓународниот монетарен фонд одржа состанок со претставници од високото раководство од неколку банки, за кои ММФ достави барање до Здружението на банкарството. На средбата учествуваа: НЛБ Тутунска банка, Комерцијална банка, Стопанска банка, Охридска банка и Шпаркасе банка Македонија. На состанокот присуствуваа и резидентниот претставник на Меѓународниот монетарен фонд, Патрик Гитон и советникот на извршниот директор, Методиј Хаџи-Васков. На состанокот беше даден осврт на банкарскиот сектор во Република Македонија, со посебен акцент на трендовите и состојбите, условите на кредитниот пазар и изгледите за кредитен раст. Ѓорѓи Јанчевски, претседател на Здружението на банкарството и претседател на Управниот одбор на НЛБ Тутунска банка потенцираше дека во Република Македонија има долгорочна макрокоеномска стабилност, пораст на БДП од 3%, стабилност на девизниот курс и ниска инфлација од 2,8%, коишто претставуваат главни предности во домашната економија. Претседателот на Здружението на банкарството во оваа прилика ја истакна добрата состојба на банкарскиот сектор, укажувајќи на високата стапка на адекватност на капиталот, растот на штедните влогови за 7% и на кредитите за 6%. Заменик-претседателот на Здружението на банкарството и претседател на Управниот одбор на Охридска банка, г-ѓа Јитка Пантучкова, укажа дека законската рамка во РМ е во целост усогласена со европските регулативи и дозволува натамошен развој на финансискиот пазар. Притоа, додаде дека Република Македонија е добар пример за успешно надминување на финансиската криза, што пред се` се должи на одличниот дијалог меѓу монетарната и фискалната власт. Во иднина, врз основа на макроекономската стабилност, сите присутни претставници на состанокот, од горенаведените банки, истакнаа дека очекуваат кредитен раст, особено на кредитите насочени кон претпријатијата.

**19.02.2014 година**

**Проект за инвестиции во чиста енергија - ПРЕДЛОЗИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ НА ИНВЕСТИТОРИТЕ**

Во рамките на Проектот за инвестиции во чиста енергија, на 19.02.2014 година во Стопанската комора на Македонија се одржа Втората средба на чинители и засегнати страни во областа на обновливи извори на енергија. На оваа средба, претставниците на фирмите-членки на Групацијата на обновливи извори на енергија, заедно со претставници на институциите и на научната јавност имаа можност изворно да ги споделат и заеднички да ги продискутираат информациите и регулативите за натамошен развој на инвестициите во обновливите извори на енергија, особено во малите хидроелектрани.

**28.02.2014 година**

**Јавните комунални претпријатија во земјава ќе треба да се раздвојат по дејности - НУЖЕН ПОТЕГ ЗА ДА СЕ ОВОЗМОЖИ ИНВЕСТИРАЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ЕВРОПСКИТЕ ФОНДОВИ**

Здружението на комуналните дејности при Стопанската комора на Македонија одржа состанок на кој се расправаше по Предлог-заклучок од седмата седница на Комитетот за здравје и животна средина, одржана на 16.01.2014 година, како и по заклучок од 171-та седница на Владата на РМ, одржана на 22.01.2014 година, со која се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да изработи информација за раздвојување на комуналните претпријатија во градовите. Беше констатирано дека ќе се изготви информација во која ќе се анализира можноста за поделба на јавните комунални претпријатија по дејности, но при тоа ќе биде побарано да се дефинира до која големина на градови ќе треба да се прави анализата и со колкав рок на приспособување би била ваквата трансформација. Во Скопје, Прилеп, Битола, Охрид, Куманово, комуналните претпријатија се веќе поделени и секоја од комуналните дејности е управувана од посебно јавно претпријатие.

**28.02.2014 година**

**Здружение на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите - ИНИЦИЈАТИВА ЗА ЗАЕДНИЧКИ НАСТАП НА ТРЕТИ ЗЕМЈИ НА ГРАДЕЖНИТЕ КОМПАНИИ ОД ЗЕМЈИТЕ ОД РЕГИОНОТ**

Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите на седницата одржана на 28.02.2014 година, ја разгледа и ја поддржа иницијативата за заедничко учество на тркалезната маса на тема: „Унапредување на регионалната соработка во областа на градежништвото, институционално поврзување за заеднички настап, со посебен акцент на трети пазари", што ќе се одржи во Сараево. Целта за оваа иницијатива е да се изнајдат можности и начини за заеднички настап на градежната оператива на трети пазари, преку формирање на конзорциум составен од компании од Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора, Косово и други.

**1.3.2014 година**

**Презентација на софтверската програма CASPER - за примена на Новиот компјутеризиран транзитен систем (NCTS) - ЗАПОЗНАВАЊЕ СО ТЕХНИЧКИТЕ КОМПЈУТЕРСКИ ОПЕРАЦИИ**

По повод официјалниот почеток со примена на Новиот компјутеризиран транзитен систем (NCTS), на национално ниво од 1 март 2014 година, што го воведе Царинската управа на Република Македонија, на 27.02.2014 година во организација на Групацијата на меѓународните шпедитери и логистички оператори – MIFA при Стопанската комора на Македонија беше презентирана софтверската програма CASPER како алатка за аплицирање на компаниите во увозно-извозните царински процедури во рамките на овој систем. Презентацијата беше во функција на непосредните учесници во царинските постапки да им помогне да се запознаат со техничките компјутерски операции за примена на новиот транзитен систем, за кое тие имаа релативно краток период да се приспособат на примената од стариот кон радикално новиот систем на евидентирање на стоките во увозно- извозните операции. На присутните им беше практично презентиран начинот на електронско внесување на податоците за стоките вклучени во увозно-извозните операции со помош на овој програм, прилагоден на проектот NCTS, со истовремено објаснување на целокупната постапка и давање одговор на сите отворени прашања поврзани со неговото користење. Новиот компјутеризиран транзитен систем (NCTS), всушност, претставува електронски систем за управување во поглед на движењето на стоките на европскиот континент што е регулиран со Конвенцијата за заеднички транзит на Европската унија, донесена во 1987 година.

**3.3.2014 година**

**Македонската асоцијација на рударството – МАР одржа работна средба со м-р Валон Сараќини, министер за економија во Владата на Република Македонија - НАЈАВЕНИ РЕФОРМИ ВО РУДАРСТВОТО И НОВИ ЗАКОНИ ЗА РУДАРСТВОТО И ГЕОЛОГИЈАТА**




Членките на Македонската асоцијација на рударството – МАР одржаа работна средба со м-р Валон Сараќини, министер за економија, на која беше најавено дека во наредниот период се планираат реформи во рударството, при

што е предвидено да се донесат посебно нови закони за рударството и за геологијата. Во врска со електронското пријавување на товарниот биланс, кој е предвиден со новите измени на Законот за минерални суровини, се поставија прашања кои треба да се разгледаат на еден заеднички состанок на претставници на МАР, Министерството за економија, Управата за јавни приходи и Царинската управа. Министерот Сараќини најави дека се повлекува донесувањето на нов тарифник, што значи дека во текот на оваа година нема да има зголемување на концесискиот надоместок.

**4.3.2014 година**

**Групацијата на производители на заштитни врати со барање - ОТСТРАНУВАЊЕ НА НЕДОРАЗБИРАЊАТА СО СЕРТИФИКАТИ ЗА ИЗДРЖЛИВОСТ ПРИ ПОЖАР**

На седницата на Групацијата на производители на заштитни врати при Стопанската комора на Македонија, одржана на 4.3.2014 година, се расправаше за потребата за усогласување на ставовите на надлежните министерства и институции по однос на прифаќање на сертификатите за издржливост при пожар за противпожарни врати. На состанокот се истакна дека во изминатиот период, различни министерства и други институции при реализација на инвестиции по однапред објавени тендери различно ги прифакаат сертификатите за квалитет на производителите на противпожарните врати. Имено, од некои министерства се прифаќаат сертификатите за квалитет и издржливост од пожари од Машинскиот факултет од Скопје, а од други министерства истите не се прифаaќаат. За надминување на ваквата состојба, членовите на Групацијата заклучија во најкраток можен рок да се побара средба со надлежните органи од оваа област, за да се дефинираат условите кои сертификати за издржливост при пожар за противпожарни врати ќе се прифаќаат.

**12.3.2014 година**

**Состанок на Клириншки интербанкарски системи АД - Скопје – КИБС со раководителите на платниот промет и вработените од секторите за управување со ризици од сите банки во Република Македонија - ПОД ЛУПА НОВАТА ОДЛУКА НА НБРМ ЗА РАБОТЕЊЕТО СО ТРАНСАКЦИСКИ СМЕТКИ**

Во Стопанската комора на Македонија, Клириншки интербанкарски системи АД - Скопје - КИБС организираше состанок, на којшто беа поканети раководителите на платниот промет и вработените од секторите за управување со ризици од сите банки во Република Македонија, односно учесниците во клиринг (12.3.2014 година). Состанокот беше посветен на подетално информирање во врска со Одлуката на Народната банка на Република Македонија за начинот и постапката за отворање и затворање на трансакциска сметка, каде што КИБС АД - Скопје е определен да посредува во размената на информации со Централниот регистар на Република Македонија во врска со работењето со трансакциски сметки. На состанокот беше презентирана можноста во платниот систем на КИБС АД - Скопје да се обезбеди конечност на плаќањето во моментот на поднесувањето/прифаќањето за плаќањата за кои е гарантирано извршувањето. Предавачи на состанокот беа Владо Блажевски и Никола Паунковски, претставници од КИБС АД - Скопје. На состанокот присуствуваа и претставници од Народната банка на Република Македонија.

**12.3.2014 година**

**Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите - ГРАДЕЖНИЦИТЕ СО ДОПОЛНИТЕЛНИ ПРЕДЛОЗИ ЗА ГРАЃАНСКИОТ ЗАКОНИК**

Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите расправаше по работната верзија на Граѓанскиот законик на РМ - Книга трета - Облигационите односи. Во обемната дискусија беше истакнато дека има доста јасни одредби, систематиката е добра, термините се појаснети, при што нема да се јавува двосмисленост во толкувањето, а некои термини треба да се дообјаснат. Договорено е Здружението уште еднаш да се состане и да се систематизираат сите забелешки со предлози и образложенија и да се доставaт како заеднички материјал преку Стопанската комора на Македонија до Комисијата за кодификација на граѓанскиот законик.

**11.3.2014 година**

**Здружението на трговијата го разгледа текстот на работната верзија на Книга трета на Граѓанскиот законик на Република Македонија - СУШТИНСКИ ЗАБЕЛЕШКИ ЗА РЕГУЛАТИВАТА ЗА ОБЛИГАЦИОНИТЕ ОДНОСИ**

Здружението на трговијата при Стопанската комора на Македонија, на седницата одржана на 11.3.2014 година, го разгледа текстот на работната верзија на Книга трета на Граѓанскиот законик на Република Македонија, што се однесува на облигационите односи. Се разгледуваа предложените измени за уредувањето на материјата на облигационото право како дел од граѓанскиот законик, по кои правната материја е поделена во повеќе делови и тоа: настанувањето, дејствата и престанувањето на обврските; разни видови обврски; промена

на страната на доверителот или на должникот; посебни договори и друго. Понатаму, се рзгледуваа одредбите за „моралот“ како дополнителна одредница на добриот обичај, (новото) „начело на должност на соработка“ преку кое дополнително се истакнува координацијата како метод на уредување на облигационите односи, начелото на справедливост, начелото на должно внимание во извршувањето на обврските и во остварувањето на правата од облигационите односи. Се дискутираше за дадените две алтернативи на „Начело на заштита на потрошувачите“. Се разгледуваше и начелото на мирно решавање на споровите, особено медијацијата како еден од механизмите за мирно решавање на споровите. Здружението на трговијата расправаше и за очекуваните ефекти од примената на новите законски прописи и за потребата од измена на Законот за заштита на потрошувачи, Законот за финансиска дисциплина и други закони што директно влијаат на работењето и резултатите од работењето на компаниите од трговијата.

**13.3.2014 година**

**Прв семинар во рамките на Проектот „Подобрување на енергетскиот менаџмент во македонската индустрија“ - ЗАПОЗНАВАЊЕ СО ПРЕЛИМИНАРНАТА ЕНЕРГЕТСКА ПРОВЕРКА ПРЕКУ ПРИМЕР ВО КОНДИТОРСКАТА ИНДУСТРИЈА**

Во Стопанската комора на Македонија се одржа првиот семинар во рамките на Проектот „Подобрување на енергетскиот менаџмент во македонската индустрија“, којшто го реализира Центарот за климатски промени, со поддршка на Агенцијата за енергетика на РМ, Машинскиот факултет од Скопје и Стопанската комора на Македонија. Проектот има за цел да ја унапреди енергетската ефикасност во македонската прехранбена индустрија. Претставници на 15-на компании од овој индустриски сектор, на семинарот за енергетскиот менаџмент во индустријата имаа можност да ги проследат презентациите и да се запознаат со прелиминарната енергетска проверка - како да се спроведе и зошто е неопходна, со конкретен практичен пример за енергетска проверка во индустријата за кондиторски производи, за начинот на подобрување на искористувањето на енергијата во индустриските процеси и за начинот на имплементирање на системот за управување со енергија ИСО 50001. Проектот има за цел да обезбеди основа за имплементирање на мерки за заштеда на енергија во производните процеси, односно за подобрување на енергетските перформанси и перформансите во животната средина кај малите и средни претпријатија од прехранбената индустрија, како значајни процеси во нивниот натамошен развој. Присутните на семинарот ги препознаа придобивките од воведувањето, односно унапредувањето на процесите за поголема енергетска ефикасност, како начин за намалени производни трошоци, зголемена компетитивност, како и придонес во заштитата на животната средина. Реализацијата на проектот, што треба да заврши до крајот на 2014 година, се очекува да резултира со имплементирање на конкретни мерки за управување со енергијата во индустриските процеси и имплементирање на стандардот ИСО 50001 кај одреден број компании кои ќе пројават интерес за учество во овој проект, значаен за македонската прехранбена индустрија.

**14.3.2014 година**

**Промоција на Светскиот ден на правата на потрошувачите - РАСТЕ СВЕСТА И ЗАШТИТАТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ, А УЛОГА ИМААТ И КОДЕКСИТЕ ЗА ДОБРА ПРАКСА**




Во соработка со Министерството за економија на Република Македонија, Стопанската комора на Македонија организираше промоција на Светскиот ден на правата на потрошувачите. Оваа година промоцијата беше одбележана со презентација и согледувања на следната тема: „Остварени резултати во заштитата на правата на потрошувачите - кодекси на добра пракса”. Светскиот ден на правата на потрошувачите се одбележува на 15 март, а на средбата во Комората беше поздравен фактот дека сите засегнати страни веќе седат на заедничка маса ги изнесуваат и разгледуваат проблемите, што не беше случај пред неколку години. Според зборовите на Анче Трифунов,

државен секретар во Министерството за економија, македонската регулатива во оваа област е усогласена со петнаесетте директиви на Европската унија. Во Комората изминатиот период беа потпишани 10 Кодекси на добра пракса и истите се задолжителни и применливи за членките на: Здружението на трговијата, Здружението на земјоделството и прехранбената индустрија, Здружението на текстилната индустрија и конфекцијата, Здружението на комуналните дејности, Здружението на банкарството, Здружението на осигурувањето, Здружението на производителите на тутун и производи од тутун и следните групации: Групацијата за работење со хартии од вредност, Групацијата на агенции за промет со недвижности и Групацијата на сува градба. Со активностите на овој план кои ќе продолжат и понатаму во рамките на другите облици на организирање и работење во Комората со што активно се придонесува во градење на здрави деловни односи, воспоставување стабилни меѓусебни контакти засновани на почит и доверба и унапредување на соработката меѓу деловните субјекти, што дава позитивен импулс кон градењето на едно повисоко ниво на професионално, објективно, непристрасно, коректно и пристојно однесување кон корисниците на производите и услугите на членки. Свое обраќање имаа и претставници од здруженијата и групациите при Стопанската комора на Македонија кои потпишале кодекси: Ило Ристовски, претседател на Здружението на осигурување, Анета Андовска Сараулева, од Здружението на земјоделството и прехранбената индустрија, Билјана Василевска, член на УО на Групацијата на агенции за недвижности и Ѓорги Крајчев, од Групацијата на импортери на моторни возила при ССК.

**17.3.2014 година**

**Презентација на саемите за земјоделство „MOLDAGROTECH“ и за градежништво „MOLDCONSTRUCTION“ од Република Молдавија - ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА МЕЃУ СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА И МОЛДАВСКИОТ САЕМ**

Иницијативата за отпочнување поинтензивна соработка со Република Молдавија, како земја-членка на ЦЕФТА е со цел да се искористат потенцијалите и можностите што ги нуди ЦЕФТА-Договорот, а кои според официјалните статистички податоци, се користат минимално. Со презентација на двата најголеми саема во Кишињев, Република Молдавија, за земјоделство и за градежништво - „MOLDAGROTECH“ и „MOLDCONSTRUCTION“, извозно ориентираните компании имаат можност да ги промовираат своите производи за пласман на пазарите во Молдавија. „MOLDEXPO“ е саемска организација во Молдавија со 50-годишно искуство каде годишно се одржуваат преку 30 манифестации, со учество на компании од повеќе од 30 земји. Токму затоа и посетата на Аркадие Андроник, генерален директор на „MOLDEXPO“ на Стопанската комора на Македонија, беше искористена за потпишување Меморандум за соработка на Саемот со Комората, со којшто, покрај директната стимулација на соработка меѓу двете земји, ќе се иницира и индиректно ќе се стимулира соработката и со останатите пазари во тој регион - Романија, Белорусија, Украина, Руската Федерација, Грузија, Казахстан, Узбекистан, со кои Молдавија има традиционални трговски врски.

**19.3.2014 година**

**Презентиран Проектот за гасификација на Скопскиот регион пред членките на Стопанската комора на Македонија -ПОДДРШКА НА ИНТЕНЗИВИРАЊЕТО НА ГАСИФИКАЦИЈАТА ЗАРАДИ НАМАЛУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ КАЈ КОНСУМЕНТИТЕ**

Пред повеќе од 30 компании-членки на Стопанската комора на Македонија, беше презентиран Проектот за гасификација на Скопскиот регион. Во воведното излагање, Миле Јанакиески, министер за транспорт и врски во Владата на РМ, го истакна значењето на овој инфраструктурен објект и најави дека до крајот на годината се очекува да биде потпишан договор со концесионерот за изградба на дистрибутивната мрежа за природен



гас во Скопскиот регион.

-Изградбата на примарната и секундарната мрежа, според сегашните цени, ќе чини околу 100 милиони евра и ќе се гради по принципот на јавно-приватно партнерство, - подвлече Миле Јанакиески. -Претставникот на „Топлификација“ АД, која е изготвувач на физибилити студијата за гасификацијата на РМ, истакна дека со Проектот за гасификација на Скопскиот регион ќе бидат опфатени сите 17 општини. Изградбата на гасоводната инфраструктура е повеќегодишна заложба на бизнис-секторот. Во изострените услови на глобалниот пазар цената на енергијата, од која во голема мера зависи степенот на конкурентност на македонскиот производ, добива се` поголемо значење.

**28.3.2014 година**

**Семинар за енергетска ефикасност на згради со практичен тренинг - АРХИТЕКТИ И ГРАДЕЖНИ ИНЖЕНЕРИ ИЗРАБОТУВАА ЕЛАБОРАТ ЗА ГРАДЕЖНА ФИЗИКА НА ОБЈЕКТ**

Здружението на градежништво, индустријата на градежни материајли и неметалите во соработка со д-р Петар Николовски, дипл. инж. арх, консултант по енергетска ефикасност на згради, организираше дводневен семинар на тема: „Изработка на елаборат за градежна физика за проектиран или изведен објект, согласно Правилникот за енергетски карактеристики на згради“. Целта на семинарот беше да се продолжи со подлабоко навлегување во проблематиката на пресметките за енергетски карактеристики на згради според Правилникот за енергетски карактеристики на згради, односно да се изработи комплетен елаборат за градежна физика за проект на некоја зграда, независно од тоа дали е изградена или допрва ќе се гради. Заради зголемен интерес за Семинарот, истиот се одржа по втор пат и тоа на 8 и 9 април 2014 гиодина.

**10.4.2014 година**

**Претставници на Европската банка за поддршка и развој на работна средба во Стопанската комора на Македонија - ПРОДЛАБОЧУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА МЕЃУ ДВЕТЕ ИНСТИТУЦИИ**

Госпоѓа Анча Јонеску, виш банкар во Европската банка за поддршка и развој и господин Владо Бојаџиевски, главен банкар во Европската банка за поддршка и развој во Р. Македонија, се сретнаа на работен состанок со претседавачот на Собранието на Стопанската комора на Македонија, господин Антони Пешев и извршниот директор на Стопанската комора на Македонија и секретар на Здружението на банкарството, м-р Јелисавета Георгиева. Главна тема на состанокот беше продлабочување на соработката меѓу двете институции, како и промоција и запознавање со новите производи на Европската банка за поддршка и развој (ЕБПР). Госпоѓа Анча Јонеску посебно нагласи дека ЕБПР има за цел да биде партнер на компаниите кои имаат потреба од зголемување на капиталот, преку неколку можности за соработка кои беа предмет на состанокот. Госпоѓа Јонеску исто така истакна дека ЕБПР е поддржувач на странските директни инвестиции и верува дека тие ќе придонесат кон намалување на невработеноста и ќе отворат нови пазари за нашите компании. Господинот Антони Пешев ја поздрави иницијативата и поддршката што ја нуди оваа банка на компаниите, притоа нагласувајќи дека е многу важно за компаниите што ЕБПР се јавува како партнер и притоа не е потребен колатерал за добивање на средствата. М-р Јелисавета Георгиева ја нагласи можноста Европската банка за поддршка и развој преку свои делегирани претставници активно да се вклучи и во Советот на странски инвеститори при Стопанската комора на Македонија. Од 1994 година, па се` досега, Европската банка за поддршка и развој има инвестирано околу 1 милијарда евра, со активно портфолио во моментов од 100 милиони евра, од кои 60% во автомобилската индустрија.



**14.4.2014 година**

**Заради зајакнување на конкурентноста на македонските текстилни компании потребна е поддршка и од страна на државата - СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ ПРИ НАБАВКА НА НОВА АВТОМАТИЗИРАНА ОПРЕМА НАМЕНЕТА ЗА ПРОИЗВОДСТВО**

Текстилната индустрија во Република Македонија е од особено значење, како по бројот на вработените, така и според извозот. Во овој сектор особено дојдоа до израз претприемничките иницијативи, кои создаваат солидна материјална основа. Во вкупниот извоз „ЛОН“-работењето учествува со околу 93 %, а на класичното производство на извоз отпаѓаат 7 %. Оваа гранка вработува околу 40-42 илјади работници кои се околу 10-12% од вкупниот број вработени и околу 40% од вработените во преработувачката индустрија, а додека во вкупниот извоз на земјата во 2013 година учествува со 16,4 %. Ова беше истакнато на редовната прес-конференција во Стопанската комора на Македонија на тема: „Актуелни состојби во текстилната индустрија и проекции за наредниот период“. За состојбите во оваа индустриска гранка зборуваше Ангел Димитров, претседател на Здружението на текстилната индустрија и конфекцијата при Стопанската комора на Македонија. Извозот на текстилни производи во 2013 година достигна 701 милион САД долари, од кои 77,6 милиони САД долари отпаѓаат на текстилни ткаенини, а 624 милиони САД долари на готови текстилни производи, додека увозот изнесува 554 милиони САД долари, а најголеми партнери се компании од западноевропските земји. Ваквиот раст најмногу се должи, според Ангел Димитров, на два фактора и тоа:- повисоките фази на обработка и доработка на производите каде веќе дел од производствените операции се вршат во земјава (печатење, везење, пакување); - заживувањето на економијата во Европската унија што доведе до продолжување на договорите и задржување на најзначајните партнери од западноевропските земји. Со цел да се овозможи поголема конкурентност, македонските текстилни компании бараат од страна на државата да се обезбедат финансиски средства за субвенционирање при набавка на нова автоматизирана опрема наменета за производство. Со цел да бидеме конкурентни во однос на окружувањето, македонската текстилна индустрија мора да добие поддршка од државата во смисла на поволни кредитни линии, субвенции, користење на гарантни фондови итн., со што ќе се овозможат вложувања во автоматизација на производните процеси.

**23.4.2014 година**

**Заеднички состанок на Здружението на информатичко-комуникациски технологии и Европскиот информативен и иновативен центар при Стопанската комора Македонија - ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ОТВОРЕНИ ПОВИЦИ ЗА КОРИСТЕЊЕ СРЕДСТВА ОД ЕУ**



Со цел да се споделат информациите со македонските компании, посебно од ИКТ-секторот, во организација на Здружението на информатичко-комуникациски технологии и Европскиот информативен и иновативен центар при Стопанската комора на Македонија се одржа работен состанок за аплицирање на компаниите од секторот на информатичко-комуникациски технологии со проекти на повиците за користење средства од Европската унија (23.4.2014 година). Стопанската комора на Македонија, како член на Конзорциумот на Европскиот информативен и иновативен центар ENTERPRISE EUROPE NETWORK во Македонија, поврзана е со сите конзорциуми и членки во мрежата, како стопански комори, асоцијации, универзитети и други научно-истражувачки центри во Европа и пошироко. На состанокот беше извршена презентација за: отворени повици за аплицирање, посебно од ИКТ-секторот; како заеднички да се аплицира, во соработка на Здружението на информатичко-комуникациски технологии при Стопанската комора на Македонија, бизнис-секторот и установите од високото образование.Беа споделени значајни информации за тоа како да се имаат поконкретни информации за странски апликанти кои бараат партнери од Република Македонија и како ние да бараме странски партнери и кои се нивните профили. Беше договорено детално да се следат сите повици, сегашни и идни, објавени од Европската унија, од сите области каде што има простор за аплицирање од секторот на информатичко-комуникациски технологии. Потоа, беше договорено да се следи интересот на странските клиенти, баратели на македонски партнери за аплицирање на

проекти за користење средства од европските фондови, да се испита кои македонски фирми имаат капацитет да бидат лидери на проекти за коишто ENTERPRISE EUROPE NETWORK при Стопанската комора на Македонија е во можност да бара странски партнери за заедничко учество во проектите.

**24.4.2014 година**

**Асоцијација на секундарни суровини и рециклатори - ПОБАРАНО (ДО) ПРЕЦИЗИРАЊЕ НА ЗАКОНСКИТЕ ОДРЕДБИ**

На седница на Управниот одбор Асоцијацијата на секундарни суровини и рециклатори при Стопанската комора на Македонија го отвори прашањето за примената на Законот за изменување и дополнување на Законот за управување со отпад („Сл. весник на РМ“ бр. 147/2013) во делот кој го регулира престанокот на важноста на лиценците за трговија со неопасен отпад, кои стапуваат во сила на 28 април оваа година. Позитивните ефекти од примената на последните измени и дополнувања на Законот за управување со отпад во дејноста управување со секундарни отпадни суровини се евидентни но неопходно е докрај да се прецизира начинот на примената на делот од Законот кој го регулира престанокот, односно забрана за вршењето на дејноста трговија со неопасен отпад освен во случај кога правното или физичкото лице поседува дозвола за вршење на дејноста складирање, третман и/или преработка на отпад.



**24.4.2014 година**

**Групацијата на производители на керамички производи ќе подготви стручно образложение - НЕМА ПОТРЕБА ОД КОНТИНУИРАНО МЕРЕЊЕ НА ИЗДУВНИ ГАСОВИ КАЈ ТУНЕЛСКИ ПЕЧКИ!**

Групацијата на производители на керамички производи расправаше (23.4.2014 година) за состојбата во производството, увозот и извозот на тули и керамиди и наметнатата законска обврска за континуирано мерење на издувните гасови од тунелските печки.

Групацијата донесе Заклучок да се обрати до Министерството за животна средина и просторно планирање, и со стручно образложение да се елаборира непотребно поставената обврска за континуирано мерење на издувните гасови од тунелските печки, кога и повремените квартални мерења покажуваат дека добиените параметри се во рамките на дозволените гранични вредности.

**8.5.2014 година**

**Седница на Групацијата за лифтови при Стопанската комора на Македонија - ПОТРЕБНО Е ДА СЕ СПРЕЧИ НЕЛОЈАЛНАТА КОНКУРЕНЦИЈА КАЈ „ДИВИТЕ“ МОНТАЖЕРИ**

На седницата на Групацијата за лифтови членовите на Групацијата констатираа дека областа пуштање во промет, монтирање, сервисирање и одржување на лифтовите е регулирана со повеќе закони и подзаконски акти, но сепак во земјата има присуство на нелојална и нестручна конкуренција која се јавува со работењето на „дивите“ монтажери на лифтови кои се` повеќе се од странство, со што се нарушува конкурентноста. Членовите на Групацијата истакнаа дека поради ваквите состојби потребно е иницирање на промена и дополнување на Правилникот за лифтови и транспортери, бидејќи во него не е регулирано издавањето лиценци за монтажери и сервисери за одржување на лифтови. На седницата се предложи покрај воведување лиценци, истиот да се дополни и со воведување на Модул Б сертификат за увоз на комплетен лифт, каде што сите делови на лифтот ќе бидат типски назначени. Со воведувањето на Модул Б, Царинската управа на Република Македонија во секој момент ќе може да изврши експертиза за квалитетот на лифтовите и на деловите кои се вградени во нив, со што ќе се овозможи поголема сигурност на корисниците.

**9.5.2014 година**

**Во Стопанската комора на Македонија - СРЕДБА НА ММФ СО ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА БАНКИТЕ**

На барање на Меѓународниот монетарен фонд во Република Македонија, да одржи заеднички состанок со директорите на НЛБ Тутунска банка АД - Скопје, Комерцијална банка АД - Скопје, Стопанска банка АД - Скопје, Охридска банка АД - Скопје и Шпаркасе банка Македонија АД - Скопје, на 8.5.2014 година, во Стопанската комора на Македонија, се реализира средба со госпоѓата Ивана Владкова Холар, шеф на Делегацијата на мисијата на Меѓународниот монетарен фонд за Република Македонија. На состанокот присуствуваа и други претставници на Меѓународниот монетарен фонд. На состанокот на кој се расправаше за банкарскиот сектор во Република Македонија, со посебен акцент на перспективата на ризиците и нивното влијание, господин Ѓорѓи Јанчевски, претседател на УО на НЛБ Тутунска банка АД - Скопје и воедно претседател на Здружението на банкарството при Комората, ја истакна стабилноста и ликвидноста на банкарскиот сектор во Република Македонија. Притоа, тој образложи дека главен штит од прелевање на ефектите од финансиската нестабилност од Европската унија во Република Македонија е стабилноста на нивните подружници. Претставниците од сите банки ја потенцираа стабилноста на банкарскиот сектор со апостроф на процентот на намалување на проблематичните заеми.Госпоѓата Јитка Пантучкова, претседател на Управниот одбор на Охридска банка АД - Скопје, воедно и заменик-претседател на Здружението на банкарството, го потенцираше стабилниот раст, новите инфраструктурни проекти и падот на „сивата“ економија за околу 10%. Притоа, таа ја посочи поголемата диверзификација на странски директни инвестиции низ индустриските гранки, како и фактот дека во Република Македонија има добро обучен и мотивиран млад кадар. Делегацијата на ММФ постави прашања и околу кредитирањето и поддржувањето на иновативни компании, на што претставниците од банките одговорија дека во нивните портфолија има такви кредити и дека секогаш се отворени за нови проекти и, во зависност од потребите, ангажираат експерти од различни области.

**12.5.2014 година**

**Македонската енергетска асоцијација - МЕА расправаше за проблемите со кои би се соочиле компаниите при евентуален прекин на снабдувањето со природен гас заради состојбите во Украина - ПОТРЕБНО Е ДА СЕ РАБОТИ НА ИЗНАОЃАЊЕ РЕШЕНИЕ ЗА ИЗБЕГНУВАЊЕ НА ЕВЕНТУАЛНАТА ГАСНА КРИЗА**

Поучени од минатата гасна криза, Македонската енергетска асоцијација - МЕА ги собра на работен состанок сите потрошувачи на природен гас во Република Македонија и заинтересираните страни. Целта на работниот состанок беше да се воочат проблемите со кои би се соочиле компаниите-потрошувачи на природен гас при прекин на снабдувањето и можните алтернативи за решавање на истите, а исто така и воочување на големината на проблемот, односно бројот на потрошувачи на гас кои не можат да го супституираат гасот со друг енергенс.

**12.5.2014 година**

**Ресурсите на минералните суровини се поттикнувачи за економијата во земјата - ЕЛИМИНИРАЊЕ НА СИТЕ ЗАКОНСКИ НЕДОСЛЕДНОСТИ**

На редовната прес-конференција во Стопанската комора на Македонија на тема: „Ресурсите на минералните суровини – поттикнувачи за економијата во земјата“,за состојбите во оваа индустриска гранка зборуваа Николајчо Николов и Шефки Алити, претседател и потпретседател на Македонската асоцијација на рударството – МАР. Покрај презентирањето на податоци и информации значајни за функционирањето на Асоцијацијата, беше даден акцент и на законската регулатива и подзаконските акти во Република Македонија за минералните суровини, со нагласка дена истата скоро целосно е донесена. Во постапката на донесување Македонската асоцијација на рударството – МАР, активно учествуваше во давање на предлози и забелешки, при што може да се каже дека дел од предлозите беа



прифатени. Во наредниот период е најавено да се донесат два нови закона, и тоа, посебно за рударство и посебно за геологија. Оваа иницијатива Македонската асоцијација на рударството – МАР ја поддржува, со барање уште во подготовка на самиот текст на законските решенија да биде вклучена, од причина уште на почетокот да се елиминираат решенија кои не ќе можат да се имплементираат во пракса, или решенија кои не се од интерес за инвеститорите.

**13.5.2014 година**

**„Што може да донесе СЕПА (Единствена европска платежна област) за банкарството и за реалниот сектор во Република Македонија?“ - БРЗ И СИГУРЕН ТРАНСФЕР НА ПЛАЌАЊАТА НАСЕКАДЕ ВО ЕВРОЗОНАТА И НАМАЛЕНИ ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛНИОТ СЕКТОР**

Здружението на банкарството при Стопанската комора на Македонија, како членка на Европската банкарска федерација (ЕБФ), во соработка со ЕБФ, беше домаќин на настан за банките и реалниот сектор на тема: „Што може да донесе СЕПА (Единствена европска платежна област) за банкарството и за реалниот сектор во Република Македонија?“. Настанот го отвори господинот Ѓорѓи Јанчевски, претседател на Здружението на банкарството и претседател на Управиот одбор на НЛБ Тутунска банка, појаснувајќи дека Единствената европска платежна област (СЕПА) претставува иницијатива на ЕУ-владите, Европската комисија и Европската централна банка (ЕЦБ) за создавање пазар на интегрирани плаќања низ цела Европа за која било организација или поединец кој прима и врши плаќање во евра. Со замената на денешните фрагментирани платни системи со единствен сет на СЕПА-стандарди, организациите и поединците ќе можат да вршат плаќање на кој било субјект во европската област преку нивната постојна банкарска сметка со помош на стандардизирани платни инструменти. СЕПА создава услови за зголемена конкуренција во обезбедувањето на платни услуги, што е од полза и за организациите и за поединците. Свое воведно обраќање имаше и м-р Димитар Богов, гувернер на




Народната банка на Република Македонија. Гувернерот ја поздрави иницијативата и споделувањето на чешкото искуство од либерализацијата на платниот промет. Притоа, гувернерот нагласи дека Народната банка на Р. Македонија преку надгледувачката улога и одржувањето на инфраструктурата придонесува во одржувањето на макроекономската стабилност и како таква е важна алка во создавањето услови за ефикасно извршување на платниот промет. Госпоѓата Јитка Пантучкова, заменик-претседател на Здружението на банкарството и претседател на Управниот одбор на Охридска банка АД Скопје, ги поздрави присутните и додаде дека Стопанската комора на Македонија со поддршка и во соработка со НБРМ и Министерството за финансии, со своето зачленување во Европската банкарска федерација од 2011 година, активно учествува и организира настани на актуелни теми со цел приближување до стандардите на Европската унија.Настанот имаше 3 панел-секции во кои беа опфатени теми од правната регулатива за плаќања на ниво на Европа наспрема националното

законодавство, директното задолжување, кредитните трансфери, влијанието на СЕПА на националното банкарско опкружување, отстранување на разликите меѓу домашните и меѓународните плаќања, како и искуство од национален проект за спроведување на СЕПА .Во март 2012 година, Европскиот парламент и Советот на ЕУ со донесената Регулатива (ЕУ/260/2012) поставија технички и деловни барања за кредитните трансфери и директните задолжувања за извршување на плаќањата во евра во рамките на СЕПА, бидејќи дотогашните активности на европскиот банкарски сектор за саморегулирање и миграција кон заедничките шеми за овие два платни инструменти биле оценети како недоволно ефикасни. Новите регулаторни барања се однесуваат и на земјите-членки од ЕУ надвор од евро-зоната, но само за плаќањата во евра, заради што тие имаат обврска во определен рок да ги спроведат во платните системи интегрирани во СЕПА. Дали притоа овие барања ќе ги усогласат и функционалностите на платните системи за извршување на плаќањата во национална валута и плаќањата кон земјите надвор од ЕУ, зависи од оценката на секоја земја одделно за трошоците и користа од тоа. За Република Македнија како земја со кандидатски статус за членство во ЕУ, подготовката за спроведување на овие регулаторни барања претставува чекор напред кон интеграција во ЕУ.

**14.5.2014 година**

**Групација на пазари при Стопанската комора на Македонија - ВО СОРАБОТКА СО ИНСПЕКЦИСКИОТ СОВЕТ ДО НАДМИНУВАЊЕ НА НЕЛЕГАЛНАТА ТРГОВИЈА ОКОЛУ ЗЕЛЕНИТЕ ПАЗАРИ**

Групацијата на пазари во рамките на Здружението на комуналните дејности при Стопанската комора на Македонија, одржа состанок на кој една од темите беше да добијат подетална информација за надлежностите и работата на Инспекцискиот совет и улогата на инспекторите во решавање на проблемите со кои се соочуваат организаторите на пазарите (со посебен акцент на проблемот со дивите пазарџии). На состанокот присуствуваше и претседателот на Инспекцискиот совет, господинот Ванчо Каргов, кој ги информираше присутните претставници дека Инспекцискиот совет, ќе има за цел покривање на 6 области и повеќе задачи:- Координација на инспекцискиот надзор и системска анализа на ризикот.

**14.5.2014 година**

**Здружението на металургијата расправаше за состојбите во леењето на метали во земјава - НЕЛОЈАЛНАТА КОНКУРЕНЦИЈА ОД УВОЗНИ НЕКВАЛИТЕТНИ ПРОИЗВОДИ ИМ ГО ОДЗЕДЕ ДОМАШНИОТ ПАЗАР**

Состојбите во металургијата во делот на леење на метали – пазари, набавка на материјали, актуелни движења и нови производи беа предмет на разгледување на тематската седница на Здружението на металургијата при Стопанската комора на Македонија. Претставниците на леарниците искажаа одредени отворени прашања кои се од суштествено значење за нивното натамошно делување. Особен проблем претставува нелојалната конкуренција од увозни производи со несоодветен квалитет при пласманот на одреден вид одлеаноци на домашниот пазар, што се должи на недоволната контрола на исти такви од увоз. Поради тоа, леарниците го изгубија најголемиот дел од домашниот пазар со големи последици врз обемот на производството и на вкупните економски состојби во компаниите. Здружението ќе предложи, по примерот на други земји, да се формира национално тело за издавање документи за квалитетот на металуршките производи, поточно на одлеаноците.



**15.5.2014 година**

**Асоцијацијата на секундарни суровини и рециклатори со оценка - СЕ ОЧЕКУВА ПОЗИТИВЕН ОДРАЗ ОД ПРИМЕНАТА НА ИЗМЕНИТЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД**

Примената на Законот за изменување и дополнување на Законот за управување со отпад („Службен весник на РМ“ бр. 147/2013) во делот кој го регулира престанокот на важноста на лиценците за трговија со неопасен отпад беше основната тема на расправа во работниот дел на седницата на Собранието на Асоцијацијата на секундарни суровини и рециклатори при Стопанската комора на Македонија. Имено, правните и физички лица не смеат да вршат откуп на отпад од физички лица доколку немаат своја локација за складирање на отпад, која ги задоволува минимално техничките услови за вршење на оваа дејност и на овој начин складираниот отпад наменет за трговија би бил во секое време достапен за увид од страна на испекциските органи, со што би се спречила можноста за манипулирање на количините и видовите на отпадот наменет за трговија. При тоа, согласно член 18 од Законот за изменување и дополнување на Законот за управување со отпад, дозволите за вршење дејност трговија со отпад престануваат да важат 6 месеци по донесување на законот, без разлика за колкав период претходно биле издадени. За овие измени надлежните органи во соработка со Асоцијацијата ќе подготват и соопштение за јавноста, со цел да се елиминираат евентуални обиди за користење на претходно издадените дозволи, кои со законските измени престануваат да важат, а нема законски начин да им се одземат на имателите на истите.

**19.5.2014 година**

**Конференција на македонскиот пазар за хартии од вредност -СПОЈУВАЊЕТО НА ПАЗАРИТЕ ВО РЕГИОНОТ ЌЕ ПРИДОНЕСЕ ЗА ПРИВЛЕКУВАЊЕ ПОВЕЌЕ КАПИТАЛ**

Македонската берза за хартии од вредност АД – Скопје, во соработка со Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија и Централниот депозитар за хартии од вредност АД – Скопје, ја организираше традиционалната Конференција на македонскиот пазар на хартии од вредност во хотелот „Александар Палас“ во Скопје (16.5.2014 година). Конференцијата ја отвори м-р Димитар Богов, гувернер на Народната банка на Република Македонија. Тој ги посочи основните макроекономски показатели. Воведни обраќања имаа и претседателот на Комисијата за хартии од вредност на Р. Македонија, Елизабета Чингаровска и главниот извршен директор на Македонската берза АД - Скопје, Иван Штериев. Госпоѓата Чингаровска и господинот Штериев во своите обраќања ги посочија главните бариери на пазарот на капитал, како што се: неконзистентната девизна политика, концентрацијата на капитал, негативните финансиски резултати кои ги бележат одредени компании, недостигот на нови инструменти, падот на free-flow, ниско учество на инвестиции, отсуството на странско портфолио, намалувањето на ликвидноста, негативните психолошки влијанија, регулативата за аквизиции и преземања. Тие исто така ја истакнаа потребата од берзанско регионално обединување. Конференцијата беше поделена во два панела. Првиот панел беше на тема: „Како оди на македонскиот пазар на хартии од вредност?“. Како модератор, панелот го отвори Елена Јакимовска Петровска, извршен директор на Централниот депозитар за хартии од вредност АД - Скопје. Најпрво се дискутираше за домашната економија и за македонските компании, потоа за капацитетите на домашните институционални инвеститори и нивната можност да го поттикнат растот, како и времето потребно да се интегрира пазарот во инвестиционата култура. Експертите очекуваат подобрување на економијата, влез на странски инвеститори и заживување на македонскиот пазар на капитал. При тоа, беше нагласено дека е потребно инвестирање на домашните институционални инвеститори и се спротивставија на законската регулатива за гарантирана минимална дивиденда.Господинот Антони Пешев, претседавач на Собранието на Стопанската комора на Македонија, се обрати пред присутните, посочувајќи дека Здружението на банкарството е едно од најголемите и воедно најсилните здруженија во Стопанската комора на Македонија. Тој смета дека Берзата треба да се реконструира по примерот на Њујоршката, наместо по примерот на Франкфуртската берза. Македонската економија има мал пазар, главен проблем е хроничната неликвидност. Исто така, тој истакна дека недостигаат развиени инструменти како што се инвеститори - ангели.Во врска со прашањето околу капацитетите на домашните институционални инвеститори за поттикнување на растот, Пешев посочи дека за нив е многу полесно за инвестирање бидејќи раководат со туѓи пари, за разлика од приватните компании. Претседавачот на Собранието на Стопанската комора на Македонија истакна дека дивиденда не се исплаќа затоа што може да дојде до недостиг на средства кои не можат да се обезбедат од пазарот на капитал, па затоа се чуваат дополнителни резерви. Вториот панел беше на тема: „Влијанието на одредени случувања на странските пазари на хартии од вредност и нивните рефлексии во Република Македонија“.

**19.5.2014 година**

**Просечното учество на металургијата во вкупниот национален извоз е намалено од речиси 30 на 19 отсто во 2013 година, а годинава нема поголеми поместувања - ПРИМЕНА НА МЕРКИ ЗА АМОРТИЗИРАЊЕ НА КРИЗНИОТ УДАР**

Во металуршкиот сектор во почетокот на годината нема поголеми поместувања кај физичкиот обем на производството, иако прогнозите беа релативно поотимистички. Производството на основните метали во првиот квартал од оваа година бележи благо намалување од 3,5% споредено со првиот квартал од минатата година. Овој витален сектор на македонската економија веќе петта година ја чувствува рефлексијата од глобалната економска криза, односно не го достигна нивото на производство од 2007 година. Просечното учество на металургијата во вкупниот национален извоз е намалено од речиси 30 проценти на 19% во 2013 година. Ова беше истакнато на редовната прес - конференција во Стопанската комора на Македонија. на тема: „Актуелните движења и состојби во металуршкиот како највитален сектор на македонската економија (металургијата, материјалите и заштитата на животна средина – теми на претстојниот меѓународен конгрес за металургија)“. За состојбите во оваа индустриска гранка на прес-конферncијата зборуваа д-р Митко Кочовски, претседател на Здружението на металургијата и проф. д-р Свето Цветковски, претседател на Сојузот на металурзи на Македонија.

**19.5.2014 година**

**Стопанската комора на Македонија во соработка со Унијата на германските комори за индустрија и трговија организираше презентација за домашните компании - БЕНЕФИЦИРАНО УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНИТЕ САЕМИ ЗА МЕБЕЛ, ЕНТЕРИЕР И ДИЗАЈН ВО КЕЛН**

Стопанската комора на Македонија, во соработка со Унијата на германските комори за индустрија и трговија организираше презентација на меѓународните саеми за мебел, ентериер и дизајн што ќе се одржат во Келн, СР Германија. Присутните претставници на македонските компании имаа можност да се запознаат со понудата на меѓународните саеми за мебел, материјали за внатрешно уредување на просторот, ентериер и дизајн, за детски асортиман и за уредување на канцелариски простор - Imm (+ Living Kitchen), Interzum, Kind & Jugend и Orgatec. За компаниите од земјава беа презентирани условите, можностите и бенефитите за учество на овие значајни саемските манифестации, како изложувачи или посетители. Презентацијата ја изврши претставникот од Унијата на германските комори за индустрија и трговија, госпоѓа Марија Томова, која ги запозна посетителите за четирите саемски манифестации во Келн и ги истакна предностите за македонските компании од посета и излагање на саемските манифестации. Притоа, беа презентирани сите саеми одделно: Kind & Jugend - Водечки светски саем за детски асортиман; Orgatec - Саем за уредување на канцелариски простор; Imm (+ Living Kitchen) - Меѓународен саем за ентериер и дизајн; Interzum - Водечки светски саем за производство на мебел и материјали за внатрешно уредување на просторот. Македонските стопанственици кои ќе се одлучат да излагаат или да ги посетат овие саеми ќе имаат одлична можност да се запознаат со најновите светски текови во областа на дрвната индустрија, современите технологии за оваа индустрија, но и да остварат контакти со евентуални идни деловни партнери.

**22.5.2014 година**

**Металната и електроиндустријата со одличен старт годинава - ИЗВОЗОТ РЕЧИСИ ДВОЈНО ЗГОЛЕМЕН, ОСТВАРЕНИ 233 МИЛИОНИ САД ДОЛАРИ ВО ПРВИОТ КВАРТАЛ**

На стартот на 2014 година металната и електроиндустријата забележуваат позитивни движења кај одреден број дејности, како на планот на производството, така и во размената со странство. Ова беше констатирано на седницата на Здружението на металната и електроиндустријата, одржана на 22.5.2014 година во Стопанската комора на Македонија. Во првиот квартал од оваа година забележано е зголемување во производството на електрична опрема од 45,5%, во производството на машини и уреди од 19,9% и во производството на моторни возила, приколки и полуприколки од 357,6%. Намалување има во производството на фабрикувани метални производи од 29,0% и во производството на останата опрема за транспорт од 43,8%.Металната и електроиндустријата во БДП по основни цени учествува со 4,9%, во структурата на физичкиот обем на индустриското производство на ниво на индустијата и рударството овие гранки учествуваат со 10,9%, во вкупниот извоз на земјата со 14,8% и во вкупниот број на вработени со околу 2,2 %.Зголемувањето на производството во трите гранки се должи пред се` на преструктуирањето на производството преку процесите на приватизација, како и на поголемата стопанска активност на странските компании во ТИРЗ, кои се изградени преку Green field инвестиции во изминатиот период, пред се`, производството на делови за автомобилската индустрија, автобуси и други производи. Во 2013 година извозот на металната и електроиндустријата изнесуваше 630,7 милиони САД долари и во вкупниот национален извоз учествува со 14,7%, а во однос на 2012 година

бележи зголемување од 38%. За подобрување на работењето членките на Здружението на состанокот побараа изедначување на условите за стопанисување и инвестирање со странските инвеститори.

**23.5.2014 година**

**Групација за сува градба - ВКЛУЧУВАЊЕ ВО ПОДГОТВОКАТА И СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНСКИТЕ И ТЕХНИЧКИТЕ ПРОПИСИ**

Групацијата за сува градба расправаше за омасовување на самата Групација, со цел низ институциите на системот да се изнајдат мерки и решенија за надминување на одредени тешкотии во работењето и имплементација на законските и технички прописи. Иницијативата ја поздрави и г-дин Тодор Деловски, регионален директор на „Кнауф“, при што истакна дека еснафското здружување е една од најсилните форми на здружување, каде што заеднички ќе се истакнуваат проблемите и ќе се бараат решенија.

**23.5.2014 година**

**Средба на претставници на МЕА со делегација од САД, предводена од Роберт Ф. Цекута, главен заменик помошник секретар за енергетика во Бирото за енергетика - НА ПОЛЕТО НА ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ ТРЕБА МНОГУ ДА СЕ РАБОТИ**

На иницијатива на Амбасадата на САД во Република Македонија, се одржа работен состанок на претседателот на Македонската енергетска асоцијација - МЕА, д-р Кочо Анѓушев, зедно со претставници на МЕА со делегација од Соединетите Американски Држави, предводена од Роберт Ф Цекута, главен заменик помошник секретар за енергетика во Бирото за енергетика (23.5.2014 година). Американската делегација се интересираше за енергетската состојба и за енергетските можности на Македонија.

**30.5.2014 година**

**Групацијата за безбедност и здравје при работа расправаше за изменување и дополнување на Правилникот за висината на трошоците за извршување на стручните работи за безбедност при работа - ЦЕНИТЕ НЕ КОРЕСПОНДИРААТ СО ТРОШОЦИТЕ НА ФИРМИТЕ**

На седницата на Групацијата за безбедност и здравје при работа, одржана на 30.5.2014 година, расправајќи по Правилникот за висината на трошоците за извршување на стручните работи за безбедност при работа членките истакнаа дека во Правилникот не се опфатени дел на работи кои се извршуваат при вршењето на мерењата за имплементирањето за безбедност и здравје при работа. По однос на висината на цената на трошоците членките беа информирани дека е започната постапката за промена на овој правилник, со можност да биде дефинирана минималната цена, а максималната да не се ограничува со што би се обезбедила пазарна економија и би се подобрил квалитетот на давањето на услугите. Беше нагласено дека со примената на овој правилник забележани се и некои неправилности при објавувањето на тендери за имплементирање на овие стандарди во определени компании и установи.

**5.6.2014 година**

**Македонската транспортна асоцијација во расправа за состојбите со протокот на стоките по коридорите 8 и 10 - СО СИЛНО ВЛИЈАНИЕ И АКТИВНА ВКЛУЧЕНОСТ НА РЕЛЕВАНТНИТЕ ИНСТИТУЦИИ И БИЗНИСОТ ВО РЕГИОНОТ Е МОЖНО НАДМИНУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ**




Македонската транспортна асоцијација – МТА при Стопанската комора на Македонија, тргнувајќи од важноста и значењето на коридорите 8 и 10 за македонското стопанство и нејзиното сообраќајно поврзување со потесното и поширокото меѓународно опкружување, на својата редовна седница одржана на 4 јуни 2014 година, расправаше за актуелните состојби со протокот на стоките низ

овие коридори и за можните насоки за надминување на присутните бариери и проблемите кои ја ограничуваат и кочат меѓународната стоковна размена. Тргнувајќи од обемот на стоковните текови што во актуелниот момент се реализираат преку двата коридора, предност во значењето за македонското стопанство се дава на Коридорот 10, посебно истакнувајќи го значењето на Пристаништето Солун, како главна дестинација кон која и од која гравитираат стоковните пратки, а од тој аспект беше согледана и состојбата и можностите на „Македонски железници" во насока да одговорат на потребите на стопанството за побрза проодност на стоките од и до ова пристаниште, како главна врата за пошироко меѓународно сообраќајно поврзување на македонското стопанство. Во функција на подобрување на ефикасноста и проодноста на железницата на релација Скопје-Велес, за во перспектива, беше нагласена потребата од страна на присутните членови на МТА за зголемување на капацитетот на оваа делница со изградба на двоколосечна пруга. Во обидот што поконкретно да се лоцираат проблемите коишто го забавуваат протокот на стоките преку коридорите 8 и 10, беше потенцирано дека тие се со широк спектар, од кои дел се од локален карактер (главно инфраструктурни проблеми), а дел се од постоење на голем број административни проблеми во спроведувањето на царинските процедури (постоење на бројни нетарифни бариери, незадоволително функционирање на одредени царински системи, пред се` EXIM-системот и сл.), со посебен акцент и на недостатоците во инспекциските процедури, во кои значаен дел се дејствија од формален карактер, што само го забавуваат протокот на стоките. Општа беше оценката дека поради намалениот обем на услуги преку железницата, како последица на рецесивните состојби на меѓународно ниво предизвикани од економската криза, не се чувствува притисокот што железницата би го имала за забрзување на протокот на стоките, како и за подобрување на квалитетот на превозот. Реално е да се очекува дека до таков притисок ќе дојде веднаш штом поинтензивно ќе заживее стопанската активност, а за таква прилика банките се подготвени за соодветна поддршка, чија реализација ќе зависи, пред се', од финансиската моќ на железницата и на државата.

**5.6.2014 година**

**Здружение на трговијата - ПРЕЗЕНТИРАНИ ПОДАТОЦИТЕ ЗА ТРГОВСКАТА РАЗМЕНА НА ЗЕМЈАВА СО СТРАНСТВО**

Здружението на трговијата при Стопанската комора на Македонија, на 5 јуни 2014 година пред своите членки ги презентираше податоците за трговската размена на Република Македонија со земјите од светот. Презентацијата ги опфати податоците за периодот од 2013 година и првите три месеци од 2014 година. Притоа, беа анализирани податоците за трговската рамена според: земјите на увоз и извоз; земјите и производите на увоз и извоз; тарифните броеви на производите и според земјите на извоз и увоз; регионите на извоз и увоз (Европска унија, балкански земји и др.); учество на одделни производи во структурата на извозот и увозот; како и други конкретни податоци на барање на членките. Членките изразија посебен интерес за податоците за трговската рамена според земјите на увоз и извоз и според тарифните броеви на производите. Податоците за трговската размена на Република Македонија со земјите од светот беа прикажани во евра, американски долари и во килограми.Исто така, беше искажан конкретен интерес за одделни групи на производи, како градежни материјали, групи на земјоделски производи, нафта и нафтени деривати, лекови, козметика, товарни возила и други специфични производи. Конкретните податоци што ги добија присутните ќе бидат корисни при донесувањето на натамошните бизнис-одлуки и дефинирањето на стратегиите во работењето на компаниите-членки на Здружението на трговијата. Во дискусијата беа поставени и прашањата за потребните трговски документи за непречено одвивање на трговската размена со странство. На барање на членките, беа презентирани трговските документи што ги издава Стопанската комора на Македонија, за извоз - сертификатите за потекло, за привремен извоз – АТА-катнетите, потоа посебно интересни за трговците – потврдите за ексклузивитет, потврдите за слободна продажба и заверките на трговските документи, фактури, договори, тендерска документација и други.

**9.6.2014 година**

**Трет форум на чинители во областа на обновливи извори на енергија - ДОЛГИТЕ ПРОЦЕДУРИ И АДМИНИСТРАТИВНИТЕ БАРИЕРИ ПРЕЧКА ЗА ПОИНТЕНЗИВНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО ЕНЕРГЕТСКИОТ СЕКТОР**



Проектот на УСАИД за инвестиции во чиста енергија, во соработка со Групацијата на обновливи извори на енергија во рамките на Македонската енергетска асоцијација при Стопанската комора на Македонија и Балканската програма за обновлива енергија на Меѓународната финансиска корпорација, го одржа Третиот форум на чинители и засегнати страни во областа на обновливите извори на енергија (ОИЕ). Клучни говорници и презентери на Третиот форум беа д-р Кочо Анѓушев, претседател на Групацијата на производители на енергија од обновливи извори при Стопанската комора на Македонија, Александар Дуковски, директор на Агенцијата за енергетика, Александар Дединец, истражувач-асистент при МАНУ, Дарко Јаневски, специјалист за обновливи извори на енергија на Проектот на УСАИД за инвестиции во чиста енергија и Ник Питсас, правен експерт на Проектот на ЕУ за зајакнување на административните капацитети на Министерството за економија – Сектор за енергетика и Агенцијата за енергетика.

**11.6.2014 година**

**Одржана трибина на тема: „КВАЛИТЕТНИ СТРУЧНИ КАДРИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА СТОПАНСТВОТО“**

Актуелната состојба во врска со обезбедувањето стручни кадри кои произлегуваат од образовниот систем за потребите на стопанството, како и начинот на стекнување на определени вештини и способности потребни за конкретно работно место, ја поттикна потребата од организирање на трибината во Стопанската комора на Македонија на тема: „Квалитетни стручни кадри за потребите на стопанството“. Трибината се одржа на 11.6.2014 година во Комората, на којашто беа поканети и активно учествуваа претставници од Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување на Р. Македонија, повеќе високообразовни институции - факултети во рамките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, повеќе средни стручни училишта на ниво на државата, како и претставници од компаниите-членки на Комората. Трибината ја отвори Антони Пешев, претседавач на Собранието на Стопанската комора на Македонија, кој истакна дека Стопанската комора активно е вклучена во процесот на изнаоѓање решенија за надминување на состојбата со недостигот на стручен квалификуван кадар за потребите на стопанството. Токму поради ова се креирани повеќе Предлог-мерки за кои подетално презентираше Билјана Пеева Ѓуриќ, директор на Дирекцијата на здруженија според дејности при Стопанската комора на Македонија. Предлог-мерките беа поддржани од страна на бизнис-заедницата, високите образовни институции, средните стручни училишта, како и од надлежните институции, при што беше поздравена иницијативата за поголема вклученост на сите страни во креирањето политики за побрзо решавање на овој проблем. Ставот што беше идентичен и поддржан од засегнатите институции, заедно со Предлог-мерките презентирани на трибината и предлозите од страна на учесниците ќе бидат подетално презентирани на прес-конференција во Стопанската комора на Македонија.

**13.6.2014 година**

**Презентација на Јадрански саем - Будва - ПОТПИШАН ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА МЕЃУ СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА И ЈАДРАНСКИ САЕМ ОД БУДВА, ЦРНА ГОРА**




Во насока на иницирање поголема трговска и севкупна економска соработка меѓу Р. Македонија и Р. Црна Гора, како и индиректно со пазарите во регионот, Стопанската комора на Македонија и Јадрански саем од Будва, денеска потпишаа Договор за соработка. Иницијативата е со цел да се искористат потенцијалите и можностите што ги нуди ЦЕФТА-договорот, во која членуваат и двете земји, бидејќи статистиката покажува незначително мал обем на размена. Оперативниот директор на Стопанската комора на Македонија, м-р Елена Милевска Штрбевска, по потпишувањето, изјави дека саемските манифестации се корисна алатка за согледување на потенцијалите за настап на одредени пазари. Тие овозможуваат да се развиваат нови деловни партнерства, да се поттикне поголема економска соработка меѓу земјите. Во конкретниот случај, преку презентација на саемските манифестации за градежништво; за енергетика; за безбедност; за вода; за водење бизнис и Саемот за автомобили, извозно ориентираните компании ќе може да ги согледаат можностите за промовирање и пласман на своите производи на пазарите во Црна Гора и пошироко во регионот. Извршниот директор на Јадрански саем, д-р Рајко Бујковиќ констатираше дека Црна Гора која освен што е атрактивна туристичка дестинација, има над 46 години традиција во организирање саемски манифестации. Како традиционални и меѓународно признати, Бујковиќ ги посочи саемите за мебел и за прехрана, а се` поголемо внимание се посветува и на саемите за градежништво, енергетика, екологија, и други кои согласно светските трендови стануваат атрактивни и економски оправдани. За таа цел, беше посочено дека Јадрански саем – Будва, организира 13 саеми на годишно ниво и повеќе од 10 конференции на атрактивни теми.

**16.6.2014 година**

**Стопанската комора на Македонија сигнализира дека глобализацијата и изострената конкуренција бараат обезбедување стручен кадар со соодветни знаења и вештини што ги бара пазарот на труд - РЕДЕФИНИРАЊЕ НА ПОЗИЦИИТЕ НА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО ЗЕМЈАВА**

За да можат домашните фирми успешно да се носат со предизвиците на глобализацијата и изострената конкуренција на пазарот неопходно е посебно внимание да се посвети на обезбедувањето стручен кадар со соодветни знаења и вештини што ги бара пазарот на труд. Посебно е значајно дека активностите за привлекување странски инвестиции треба да бидат паралелно проследени и со мерки и активности на пазарот на трудот кои ќе обезбедуваат такви стручни кадри. Затоа е неопходно да се изврши редефиниција на образованието во Република Македонија. Ова беше истакнато на редовната прес-конференција на тема: „Квалитетни стручни кадри за потребите на стопанството“, на која пред медиумите се обратија Антони Пешев, претседавач на Собранието на Стопанската комора на Македонија и Јуан Педро Јименез Наваро, претседател на Советот на странски инвеститори. Голем број наши членки го истакнуваат проблемот со недоволни вештини, како доминантен кој го ограничува растот на фирмите. Фирмите укажуваат и бараат квалитетни обучени кадри кои по завршувањето на образовниот процес побрзо и поефективно ќе се вклучат во производните и услужните процеси со помали трошоци. Тие посочуваат дека лицата кои аплицираат не се доволно обучени за соодветните занимања и дека им треба дополнителна обука за стекнување соодветни знаења и вештини, што нормално ги оптоварува со нови трошоци – истакна Пешев. - Од друга страна, образовните институции укажуваат на повеќе проблеми кои ги оневозможуваат да продуцираат кадри кои се потребни на пазарот со потребниот квалитет. Нашиот систем на образование и за обука не успеава успешно да се приспособи на пазарот на трудот кој брзо се менува, односно нема правовремена и соодветна реакција од системите за образование и обука за вештините. Овој проблем се зголемува и би можел да стане доминантен загрижувачки фактор за остварување на




подинамичен стопански развој. Оперативниот план на Министерството за труд и социјална политика за 2014 година, одливот на талентирани стручни кадри во странство, се прашања на кои бизнис-заедницата во изминатиот период посвети особено внимание и анализа. Во 2013 година се забележа позитивен развој во приливот на странски директни инвестиции. Според Извештајот на Народната банка на Република Македонија за 2013 година, нето приливот на странски директни инвестиции достигнал 251,5 милиони евра, што е за 3,5 пати повеќе во споредба со 2012 година. Најголем дел од странските инвестиции се во секторот за производство и се трудово интензивни инвестиции со ниска додадена вредност, при што преовладуваат инвестициите во автомобилската индустрија. Според неофицијални статистички податоци, странските фирми досега вработиле 6.500 работници, а овој број се очекува да се зголеми за уште 10.000 нови вработувања во следниве неколку години. -Советот на странски инвеститори спроведе анкета меѓу своите членки. Најголем број од нив ја нагласија потребата за квалификувана работна сила, особено во трудово интензивните индустрии и за работни места за кои се потребни технички знаења. Ова особено се однесува за следниве занимања: текстилни инженери, обучени шивачи, работни места во осигурителниот сектор, рударски и машински техничари и инженери, лаборанти и други, - истакна Јуан Педро Јименез Наваро. - Решенијата, всушност, лежат во структурните реформи наменети за подобрување на деловната клима и за зголемување на побарувачката, но и во обезбедувањето поттици за фирмите поради кои тие ќе ја зголемат побарувачката на работна сила, односно ќе ангажираат повеќе работници.

**16.6.2014 година**

**Групација на производители на керамички производи - ПЕРИОДИЧНИ МЕРЕЊА НА ЗАГАДУВАЧКИТЕ СУПСТАНЦИ ВО ВОЗДУХОТ**

Претставници на Групацијата на производители на керамички производи во присуство на претставници на Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање, одржаа состанок на кој се елабориraше примената, појаснување и имплементација на одредбите од Законот и од Правилникот за методологијата, начините, постапките, методите и средствата за мерење на емисијата од стационарни извори, при што се беше донесен заклучок дека кај оваа индустриска гранка потребно е да се прават задолжителни квартални периодични мерења, во периодот кога фирмите работат, а тоа е период од околу 6-9 месеци, додека кога ќе престанат и кога ќе почнат да работат треба писмено да се известува Управата за животна средина. На компаниите на кои им се одобрени А еколошки дозволи, во скоро време ќе се направи корекција, каде континуираното мерење ќе биде заменето со периодично мерење

**18.6.2014 година**

**Компании од секторите на хемиската и металната и електроиндустрија се запознаа со законската поставеност и влијанието на третата фаза од либерализацијата на пазарот на електрична енергија - ПОДГОТОВКИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА СЛОБОДНИОТ ПАЗАР**

На презентација на 18.6.2016 година, група стопанственици од секторите на хемиската и металната и електроиндустрија се запознаа со законската поставеност и влијанието на третата фаза од либерализацијата на пазарот на електрична енергија врз нивното работење. Согласно Законот за енергетика и подзаконските акти на Законот, од 1 јануари 2015 година ќе започне либерализацијата на пазарот на електрична енергија за малите потрошувачи и за домаќинствата, при што од овој датум малите потрошувачи потребите за електрична енергија ќе можат по сопствен избор да ги обезбедат на пазарот на електрична енергија. Претставникот на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, Марко Бислимовски, ги презентираше законската поставеност, обврските на малите потрошувачи како учесници на пазарот на електрична енергија и постапката за излегување на слободниот пазар на електрична енергија. При тоа, тој се осврна на постојната поставеност и на состојбата на либерализираниот пазар на електрична енергија, на којшто од 1 април оваа година самостојно учествуваат како потрошувачи претпријатијата што имаат повеќе од 50 вработени и вкупен годишен приход или вкупна актива поголема од 10 милиони евра во денарска противвредност.

**19.6.2014 година**

**Здружение на банкарството при Стопанската комора на Македонија - ПРИМЕНА НА АКЦИОНИОТ ПЛАН СО ПРЕПОРАКИТЕ ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ СО FATCA-РЕГУЛАТИВАТА НА НИВО НА БАНКАРСКИОТ СЕКТОР**




На 19.6.2014 година, Здружението на банкарството при Стопанската комора на Македонија ја одржа својата 42-ра редовна седница, на која се усвоија извештаите за работата на комисиите (Комисијата за АМЛ и Compliance, Правната комисија, Комисијата за ризици, Комисијата за сметководство и ИФРС, Комисијата за платен промет во земјата и во странство и Комисијата за документарно работење) за периодот од 01.12.2013 година до 31.5.2014 година. Комисијата за АМЛ и Compliance при Здружението на банкарството изготви Акционен план со препораки за усогласување со FATCA-регулативата (Закон за усогласување на даноците по странски систем) на ниво на банкарскиот сектор.Акциониот план опфаќа активности за усогласување со FATCA на ниво на Здружението на банкарството преку подготовка на соодветна информација за имплементација на FATCA во рамките на Здружението во вид на соопштение и објава на веб-страните на банките кои го имплементираат режимот, како и спроведување на неколку иницијативи со цел надминување на одредени правни несигурности околу Законот за банки, Законот за заштита на лични податоци и Законот за платен промет. На ниво на банка поединечно да се имплементира преку воедначена стандардизирана постапка на идентификација и потврдување на статус на FATCA релевантни клиенти, преку стандардизирана документација која ја поддржува целокупната постапка околу идентификацијата на клиентите – се` со цел избегнување на негативен ефект и негативни реакции од страна на клиентите при посета во банка. За таа цел, Акциониот план со препораките за усогласување со FATCA-регулативата на ниво на банкарскиот сектор, беше усвоен од страна на Здружението на банкарството со цел понатаму да се достави до сите банки за примена на истиот. На седницата, Здружението на банкарството го усвои и Предлог-меморандумот за соработка меѓу Финансиската полиција и Здружението на банкарството при Стопанската комора на Македонија заради негово потпишување, што претставува основа за потпишување на поедините протоколи за соработка меѓу банките и Финансиската полиција, со цел зголемување на ефикасноста и ефективноста при размената на податоци по

електронски пат од делокругот на работењето на Управата за финансиска полиција и членовите на Здружението на банкарството при Стопанската комора на Македонија.

**19.6.2014 година**

**Претставници на Светска банка на работна средба со претседателот на Здружението на информатичко комуникациските технологии во Стопанската комора на Македонија - ПОБАРАНА ТЕХНИЧКА ПОМОШ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ИНОВАТИВНИТЕ РЕШЕНИЈА И ЗА РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ**

На 19 јуни 2014 година, претставници на Светската банка оствариja работна средба со Благој Христов, претседател на Здружението на информатичко комуникациските технологии во Стопанската комора на Македонија. На средбата се разговараше на теми поврзани со местото на информатичко комуникациските технологии во развојот на македонската економија и примената на иновативните светски решенија и развојот на човечките ресурси во секторот во Република Македонија. Олег Петров и Јевгенија Виатчанинова, со соработниците од Светската банка се интересираа за македонските достигнувања во информатичко комуникациските технологии, плановите за натамошен развој, приоритетите за достапност на информациите, решенијата за складирање на податоците, документите и информациите, широкопојасната поврзаност и за други полиња од ИКТ секторот. Благој Христов истакна подетални податоци за работата на Здружението, активноста и интересот на членките, како и за стратешките и основните цели на Здружението. Претставниците од Светска банка беа информирани дека во Здружението постојано се работи на остварување на стратешките цели: преку развојот на ИКТ-секторот да се постигне и развој на македонската економија, да се зголемат инвестициите и извозот во ИКТ-секторот, преку креирање на свои производи со издавање на македонски сертификат за потекло. Податоците за користење на информатичко-комуникациски технологии во деловните субјекти во 2013 година покажуваат дека широкопојасен пристап на интернет (преку фиксна или мобилна конекција) имале 91,5% од деловните субјекти со десет или повеќе вработени. Додека пристап на интернет преку мобилна конекција (широкопојасна или друг вид на мобилна конекција) имале 43,8% од деловните субјекти, 57,4% од деловните субјекти за своите вработени обезбедиле далечински пристап до системот на е-пошта, документите или апликациите на претпријатието, а 41,0% на своите вработени им обезбедиле преносливи уреди со кои се овозможува мобилна конекција на интернет за деловна употреба. На состанокот беше истакната потребата од обезбедување техничка помош за натамошен развој на македонските компании од ИКТ-секторот, перманентна обука и сертифицирање, како на компаниите, така и на раководниот и стручниот кадар, со цел одржување на високо ниво на конкурентност и квалитет на своите производи и услуги на домашниот и на странскиот пазар.




**23.6.2014 година**

**Управувањето со амбалажата и амбалажниот отпад - како до исполнување на националните цели - ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ ВО СЛЕДНИТЕ 3 ГОДИНИ ТРЕБА ДА СЕ ИНВЕСТИРААТ 10 МИЛИОНИ ЕВРА ВО ИНФРАСТРУКТУРА**

Од вкупно 110.000 тони амбалажен отпад кој годишно се генерира во Македонија околу 20-ина проценти се собираат и се рециклираат, беше истакнато на редовната средба со новинарите во Стопанската комора на Македонија на која се говореше за управувањето со амбалажата и амбалажниот отпад –како до исполнување на националните цели (23.6.2014 година).Пред повеќе од 4 години, се обезбеди правната рамка за регулирање на условите кои треба да ги исполнува пкувањето при неговото производство, пуштање на пазар и ставање во

употреба. Оваа регулатива е од особено значење за квалитетно управување со отпад, намалување на штетното влијание врз животната средина од отпадот од пакувања, обезбедување негова преработка и повторна употреба со значајни придобивки во заштеда на енергија и намалување на емисиите во воздух - истакна д-р Филип Ивановски, директор на колективниот постапувач со отпад од пакување „Пакомак", и претставник на секторот на секундарни суровини и рециклатори при Стопанската комора на Македонија. Покрај индустријата, која веќе инвестира во овие процеси, инвестирање во кампањи за подигање на свеста кај граѓаните за примарна селекција на отпадот и кај општините во делот на секундарната селекција, од кои што реално произлегуваат и комерцијални ефекти се едни од идните насоки на делување.

**25.6.2014 година**

**Коморите од ЦЕФТА-регионот на заеднички состанок во Скопје - КОНКРЕТНИ ПРЕДЛОЗИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И ИСПОЛНУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ОД ЦЕФТА-ДОГОВОРОТ**

Со поддршка на Унијата на германските индустриски и трговски комори (ДИХК), во рамки на партнерскиот проект ДИХК ЦЕФТА, со претставниците на ЦЕФТА-коморите во Стопанската комора на Македонија се одржаа редовни средби на четирите Коморски работни групи: работна група за царина и потекло на стоки, за нетарифни и технички бариери, за трговија на услуги и за земјоделство и прехранбена индустрија.Овие работни групи, кои се пандан на работните групи во рамките на соодветните поткомитети на заедничкиот ЦЕФТА Поткомитетот, се состанаа да дискутираат и да препорачаат мерки за поефикасна имплементација на Договорот ЦЕФТА 2006, а кои по целосно усогласување ќе бидат презентирани за време на ЦЕФТА неделата во Скопје.Натамошна либерализација на трговијата со земјоделски производи и трговијата со услуги, елиминирање на нетарифните бариери и непотребните технички бариери во трговијата, олеснување на трговијата со вклучување на транспарентни алатки и поедноставување на трговските процедури, се едни од главните приоритети за македонското претседателство со ЦЕФТА оваа година – истакна Зорица Смилева, ЦЕФТА Националниот координатор при Министерството за економија. Покрај тоа, приоритети ќе бидат и промовирање на регионалната соработка во политиката на конкуренција, правата на интелектуална сопственост и јавните набавки, подобрување на пристапот на пазар со финализирање на единствена зона на дијагонална кумулација во рамките на Регионалната конвенција за пан-евро медитеранската кумулација. Програмата за претседавањето на Македонија со ЦЕФТА ги инкорпорира четирите димензии на столбот за „Интегриран раст" во своите приоритети. Програмата треба да придонесе за воспоставување на врската меѓу приоритетите на ЦЕФТА и ЈИЕ 2020, како и да обезбеди нивна конзистентност, кохезија и примена, преку соодветна координација меѓу сите релевантни чинители на ЈИЕ 2020, преку интерактивно јакнење на ЦЕФТА Програмата и на Стратегијата додаде Смилева во својата презентација пред коморските претставници. Ѓорѓи Илиев, координатор на Западно Балканските земји за Пан Евро-Мед Кумулацијата при Царинската Управа на РМ ги информира претставниците на ЦЕФТА Коморите за новите правила за потекло на стоки коишто ќе се применуват кон ЕУ, Турција, ЕФТА, ЦЕФТА, земјите од Барцелонскиот процес, Јордан, Израел, Египет, Тунис, Мароко, Палестина, и од регионот, Албанија, БиХ, Хрватска, Србија и Косово, почнувајќи од 1 јануари 2015 година. По завршувањето на протоколарниот дел, претставниците на четирите коморски групи одржаа одделни состаноци на коишто се дискутираше за актуелните состојби во регионот и се дефинирааа мерки и препораки коишто ќе бидат предадени до ЦЕФТА координаторите од земјите од регионот и до ЦЕФТА Секретаријатот во Брисел, во насока на олеснување на трговијата и побрз проток на стоки и услуги во ЦЕФТА регионот.



**7.7.2014 година**

**Здружението на угостителството и туризмот и Македонската музичка индустрија (ММИ) потпишаа Општ договор - ОБЕЗБЕДЕНИ ПОВОЛНИ УСЛОВИ ЗА ВИСИНАТА НА ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ФОНОГРАМИ И ИЗВЕДБИ**



Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија и Македонската музичка индустрија (ММИ) потпишаа Општ договор за обебздување поволни услови за висината на плаќање на надоместокот за фонограми и изведби, за 2013 година и за 2014 година до стапување на сила на новиот Предлог-правилник. Општиот договор го потпишаа потпретседателот на Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија Соња Бибановска, директор во „Македонијатурист" АД – Скопје, и Бодан Арсовски, претседател на ММИ. На редовната прес-конференцијата во Стопанската комора на Македонија (7.7.2014 година) свое обраќање по основ на потпишувањето на Општиот договор имаа потпретседателот на Здружението, Соња Бибановска, која потенцираше дека овој општ договор е од исклучителна важн ост за хотелите и рестораните - членки на Здружението на угостителството и туризмот при Комората, бидејќи со него се обезбедуваат исклучитечлно поволни услови и суми за плаќање на обврската за фонограми и изведби, наспроти првично предложениот правилник кој значеше големо оптоварување за хотелиерите и рестораните. Бодан Арсовски, како претседател на ММИ, истакна дека по две години преговори со Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија, постигнат е договор за плаќање повластена цена кон ММИ. Соработката со Здружението на угостителството и туризмот при Комората е дотолку позначајна, бидејќи на предлог на Здружението и интензивните преговори изминатите две години, ММИ во новиот правилник ги вгради сите забелешки на ова Здружение

**29.8.2014 година**

**Делегација од покраините Сан Хуан и Мендоза во Аргентина во посета на Стопанската комора на Македонија - ИНТЕРЕС ЗА СОРАБОТКА СО ВИНАРСКИОТ СЕКТОР**



Претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, со своите соработници, прими делегација од Аргентина и тоа од покраините на Сан Хуан и Мендоза, составена од министрите за рударство на овие покраини, како и пратеници во Парламентот и новинари (29.8.2014 година). На средбата беше истакнато дека заради далечината на двете земји, досега не е остварена соработка на нашите компании. Господин Азески во кратки црти ја презентираше поставеноста и улогата на Стопанската комора на Македонија, при што истакна дека во Комората членуваат компании кои учествуваат со околу 90% во БДП, со исто толкаво учество со бројот на вработени во земјата, а и со околу 95% со профитот на индустријата. Посебен интерес беше искажан за рударскиот сектор,

какво влијание имаа рестартирањето на рудниците за метали, како што се за олово, цинк и бакар. Развојот на регионите каде се активни овие рудници е евидентен, преку зголемување на бројот на вработените, кое се рефлектира и врз целокупното стопанство во државата. Претставниците на делегацијата, покрај рударството, предложија соработка со наши компании од областа на винарството, за што дополнително ќе се преземат заеднички активности.

**3.9.2014 година**

**Средба на компании од областа на градежниот сектор од НР Кина и Република Македонија во Стопанската комора на Македонија - ТРАСИРАЊЕ НА ПАТОТ ЗА УШТЕ ПОГОЛЕМА МЕЃУСЕБНА СОРАБОТКА**

Компании од областа на градежниот сектор од НР Кина и Република Македонија имаа средба во Стопанската комора на Македонија. Стопанската делегација од Далечниот Исток ја предводеше Чи Чангаи, претседател на Асоцијацијата за градежништво во Кина, а пред присутните претставници на значајни градежни компании од двете земји се обрати м-р Елена Милевска Штрбевска, оперативен директор на Стопанската комора на Македонија. Пренесувањето на искуството стекнато на големи проекти во НР Кина од страна на кинеските компании ќе биде добредојдено за македонските градежни компании. Долгогодишното градителско искуство на просторите во нашата земја и во странство едновремено се очекува да биде предизвик и за заедничка соработка на веќе отпочнати проекти во земјата, но и на други кои се најавуваат, беше оценето во Стопанската комора на Македонија.




**11.9.2014 година**

**Групацијата за безбедност и здравје при работа расправаше за Правилникот за висината на трошоците за извршување на стручните работи за безбедност при работа - УТВРДУВАЊЕ НА МИНИМАЛНАТА ЦЕНА, А БЕЗ ОГРАНИЧУВАЊЕ НА МАКСИМАЛНАТА**

На седницата на Групацијата за безбедност и здравје при работа, одржана на 11.9.2014 година, се расправаше за реализираните активности по однос на покренатата иницијатива пред Уставниот суд на Република Македонија за оценување на уставноста на Правилникот за висината на трошоците за извршување на стручните работи за безбедност при работа. Претседателот на Групацијата, Сашко Стаматовски ги информира присутните дека како правни лица неколку фирми поднесоа самостојно барање преку адвокат, за оценување на уставноста на Правилникот. Тој истакна дека за терминот на одржување на седницата на Уставниот суд благовремено ќе бидат информирани сите фирми од оваа област. На состанокот се покрена иницијатива Групацијата да се обрати со допис до министерот за труд и социјална политика со молба за организирање средба на три члена од Групацијата и претставници на Министерството, на којашто би се разговарало за Правилникот за висината на трошоците и други постојни и идни правилници. Исто така, покрената е и инцијатива за соработка на Групацијата со Комората на овластени архитекти и инженери.

**15.9.2014 година**

**Од 1 јануари 2015 година почнува целосната примена на Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема -УНАПРЕДУВАЊЕ НА СТАНДАРДИТЕ ЗА ЗАШТИТА**

Законските обврски за правните и физичи лица при постапувањето со отпад на електрична и електронска опрема беа предмет на редовната прес- конференција во Стопанската комора на Македонија. Пред претставниците на македонските медиуми зборуваше Ана Мазневска Каранфилова, раководител на Секторот за отпад во Управата за животна средина. На прес-конференцијата беа презентирани барањата за заштита на животната средина кои треба да ги исполнат правните и физичките лица кои произведуваат и пуштаат на пазарот во земјата електрична и електронска опрема и кои постапуваат со отпадната електрична и електронска опрема, ограничувањето на употребата на одредени опасни супстанции во производството на електрична и електронска опрема, начинот на собирање, третман, преработка и отстранување на ваков вид на отпад. - Законот треба да придонесе за намалување до најмало можно ниво на негативното влијание на отпадната електрична и електронска опрема врз животната средина и врз човековото здравје, - истакна Ана Мазневска Каранфилова, раководител на сектор за отпад при Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање. Бизнис-заедницата и јавноста беа информирани за процедурите за регистрација на производителите и трговците кои за прв пат пуштаат на пазар или увезуваат како крајни корисници опрема, преземањето на отпадната опрема, функционирањето на самостојниот и колективниот постапувач, како и финансиските импликации кои произлегуваат од овој Закон, како, на пример, висината на надоместокот кој би се плаќал по килограм на производот доколку фирмата не склучи договор со колективниот постапувач со оглед дека во производите како што се електрични шпорети, бојлери, разладна опрема најголемиот дел од тежината се метали, а мал дел отпаѓа на електричната опрема.



**17.9.2014 година**

**Здружението на трговијата покрена иницијатива за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите - РЕГУЛИРАЊЕ И ПРЕЦИЗИРАЊЕ НА РАСПРОДАЖБАТА НА ПРОИЗВОДИТЕ**

Здружението на трговијата при Стопанската комора на Македонија расправаше за тековната состојба на трговијата во Република Македонија и покрена иницијатива за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите (17.9.2014 година). Во Законот за заштита на потрошувачите со одредбите на чл. 12, 13 и 14 се регулирани прашањата кои се однесуваат на распродажба на производите. Истите одредби, со оглед дека не се доволно прецизни, во досегашната пракса се применуваат на распродажбите на сезонските производи, на производите кои се исфрлаат од продажба, производи со грешка, производи на кои им истекува рокот на траење, но и за сите други видови на продажба со различна продажна цена од редовната. Кај компаниите кои вршат дејност трговија на мало (маркетите) има потреба од различни причини и видови на промени на продажните цени кои не се опфатени со овој Закон. Комплексниот начин на работа на маркетите во делот на информирањето на купувачите и спроведувањето на маркетиншките активности за подобро истакнување на предностите на секој субјект и поттикнување на продажбата, ја наметнаа потребата од допрецизирање на овие одредби со опфаќање на можноста за намалување на одредени цени за одредени производи за определен период - за еден ден, викенд, недела, еден месец, како и за производи за определена намена (цвеќе, школска програма и слично). Поради наведените причини, а со цел да нема дилеми, трговците предлагаат Законот да предвиди повеќе различни облици на продажба кои би ги опфатиле сите облици кои и сега трговците во Македонија и сите други земји ги применуваат.

**19.9.2014 година**

**Мисијата на Светска банка на работна средба со Здружението на информатичко-комуникациските технологии при Стопанската комора на Македонија - ИНОВАТИВНИТЕ РЕШЕНИЈА И РАЗВОЈОТ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ВО ИНФОРМАТИЧКО-КОМУНИКАЦИСКИТЕ ТЕХНОЛОГИИ**

Во континуитет продолжуваат постојаните контакти на Здружението на информатичко-комуникациските технологии при Стопанската комора на Македонија со претставниците на Светската банка. На 19 септември 2014 година, се одржа уште една работна средба на Благој Христов, претседател на Здружението со Мисијата на Светската банка. Основни теми на состанокот беа:- Правни и останати пречки и предизвици за развој на ИКТ-секторот, конкурентноста на секторот и инвестициската клима, даночните политики на интернет провајдерите; - Нови политика кон изградба на јавни електронски комуникациски мрежи, споделување на инфраструктура, намалување на трошоците на имплементирање на брза широкопојасна интернет мрежа и- Решение за развој во руралните подрачја – бизнис-перспективи за ширење во руралните област. Госпоѓа Јулија Мартушевич-Кулинска, консултант од Мисијата на Светската банка се интересираше за македонските достигнувања во информатичко-комуникациските технологии, плановите за натамошен развој, приоритетите за достапност на информациите, решенијата за складирање на податоците, документите и информациите, широкопојасната поврзаност и за други полиња од ИКТ-секторот. Од страна на Благој Христов, претседател на Здружението на информатичко-комуникациските технологии беа изнесени подетални податоци за работата на Стопанската комора на Македонија и нејзините докажани ресурси, со можност да одговори на сите предизвици со кои се соочува овој значаен сектор во стопанството на Република Македонија. На состанокот беше истакната потребата од обезбедување техничка помош за натамошен развој на македонските компании од ИКТ-секторот, перманентна обука и сертифицирање, како на компаниите, така и на раководниот и стручниот кадар, со цел одржување на високо ниво на конкурентност и квалитет на своите производи и услуги.

**23.9.2014 година**

**Здружението на комуналните дејности расправаше за Каталогот на работни места за јавниот сектор - ЗАБЕЛЕШКИТЕ СЕ СОБИРААТ, ДОПРВА СЛЕДИ „ПЕГЛАЊЕ“ НА РАЗЛИКИТЕ**

Здружението на комуналните дејности при Стопанската комора на Македонија, на 23.9.2014 година одржа работен состанок со претставниците на Министерството за информатичко општество и администрација. Притоа, беше посочено дека дел од јавните претпријатија имаат специфична ситуација во која дел од вработените се ангажираат на повеќе работни позиции, со што не може точно да им се утврди работното место според ваков каталог. Како друг проблем беше потенциран фактот што во различни комунални претпријатија, вработени на иста работна позиција имаат различен степен на образование и различно звање. На состанокот беше побарано јавните комунални претпријатија да може да ја добијат работната верзија на тоа што досега е прибрано како податоци кои треба да бидат вметнати во каталогот. Пред присутните членови на Здружението на комуналните дејности, претставниците на Министерството за информатичко општество и администрација појаснија дека категоризацијата на работните места во јавните претпријатија е веќе усогласена во матичните закони на кои вработените припаѓаат. Со овој каталог сега само се дефинира профилот на работни места, работните позиции. Каталогот како форма на дефинирање на работните места се применува во голем дел од земјите-членки на Европската унија, посочија од МИОА, а целта е да се обезбеди взаемно признавање на работните квалификации на вработените во јавниот сектор во Македонија и во другите европски земји.

**2.10.2014 година**

**Групација за домување со станбен и деловен простор - ПРИСПОСОБУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦИРАНИТЕ УПРАВИТЕЛИ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

Групацијата за домување со станбен и деловен простор, во соработка со Дирекцијата за заштита на лични податоци ќе помогне во приспособување на лиценцираните управители да го усогласат своето работење согласно Законот за заштита на лични податоци. Лиценцираните управители за домување со станбен и деловен простор ќе го усогласуваат своето работење согласно законот за заштита на лични податоци. За таа цел на состанок на Групацијата за домување со станбен и деловен простор што се одржа во Стопанската комора на Македонија беше и претставник од Дирекцијата за заштита на лични податоци кој ги информираше присутните кои обврски им претстојат за да го усогласат своето работење во насока на заштита на личните податоци на станарите каде управуваат со влезовите во станбени и деловни објекти. Управителите посочија и на неколку проблеми со кои се соочуваат во своето работење, за што бараат средби со надлежни државни институции во насока на решавање на проблемите пред се од аспект на почитување на законските прописи, а побараа и заштита од нелојалната конкуренција од некои компании кои на пазарот работата на како што велат нелегален

начин, користејќи при тоа уплатници а не фактури за наплата на побарувањата од станарите, како и склучување на невалидни договори за извршување услуги во име на граѓаните

**7.10.2014 година**

**Предупредување од Групацијата на производители на керамички производи - ТУЛАНИТЕ ДОВЕДЕНИ ДО РАБОТ НА ОПСТАНОКОТ**




Групацијата на производители на керамички производи расправаше за состојбите во производството и пласманот на глинените производи, при што беше истакнато дека производството во фирмите се’ повеќе и повеќе се намалува и веќе е сведено и под граница на рентабилност. Меѓусебната нелојална конкуренција преку намалување на цената на производите, а поттикнати и од конкуренцијата од увозот, ги сведе капацитетите на минимум, а сега производството се одвива во 6-7 фабрики, од некогашните 18. Претставниците на фирмите упатуваат апел до инвеститорите и до градежните компании да користат домашни производи, посебно во станбената изградба.

**7.10.2014 година**

**Операторот на пазарот со електрична енергија - МЕПСО и Македонската енергетска асоцијација – МЕА организираа семинар за трета фаза од либерализацијата на пазарот на електрична енергија - НАД 70.000 КОМАПАНИИ ОЧЕКУВААТ ПОНИСКИ ЦЕНИ**

Операторот на пазарот со електрична енергија - МЕПСО, како одговорен за организирање и управување со пазарот на електрична енергија, во соработка со Македонската енергетска асоцијација – МЕА при Стопанската комора на Македонија, на 7.10.2014 година одржаа работилница на која пред трговците, снабдувачите и самостојните дирекните потрошувачи поврзани на електропреносниот систем беа презентирани искуствата, плановите и предизвиците во процесот на либерализација на пазарот на електрична енергија.

**13.10.2014 година**

**Оранжериското производство во земјава не ја користи главната компаративна предност - ПОТРЕБНО Е РЕВИДИРАЊЕ НА МЕТОДОТ ЗА ПРЕСМЕТКА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ЕКСПЛОАТИРАНАТА ГЕОТЕРМАЛНА ВОДА**

Оранжериското производство во земјава се судира со четири актуелни проблеми: катастарска незапишаност на објектите, ниските субвенции, скап мазут и недоволната искористеност на геотермалните води, што треба да биде нејзина компаративна предност. Ова беше истакнато на редовната прес-конференција во Стопанската комора на Македонија на тема: „Со подобро искористување на компаративните предности на Република Македонија до поконкурентно оранжериско производство“. За проблемите во оваа дејност пред претставниците на медиумите зборуваа д-р Бранко Балтовски, претседател на Групацијата за оранжериско производство при



Стопанската комора на Македонија и Васко Ристовски, виш советник во Комората. За д-р Бранко Балтовски, како прашање од приоритетна важност за решавање е висината на концесијата за користење геотермална вода согласно последното изменување и дополнување на Тарифникот за утврдување на висината на надоместокот за издавање дозволи и концесии за вршење на детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини („Службен весник на РМ“ бр. 12 од 26.01.2012 година).

**14.10.2014 година**

**Здружението на трговијата и Македонската музичка индустрија се договорија - ГОЛЕМ ПОПУСТ ЗА ЈАВНО СООПШТУВАЊЕ НА ФОНОГРАМИ И ИЗВЕДБИ**

Здружението на трговијата при Стопанската комора на Македонија и Организацијата за колективно управување на правата на произведувачите на фонограми и уметниците музички изведувачи „ММИ“ - Скопје, одржаа работен состанок на 14.10.2014 година. На состанокот се распраќаше за висината на надоместоците за јавно соопштување на фонограмите и изведбите согласно важечкиот Правилник на ММИ и Одлуката на ММИ со која се намалуваат износите за членките на Здружението на трговијата во однос на важечкиот Правилник. Претседателката на Здружението, Соња Тасевска, соопшти дека се дава поддршка на овој проект, и дека според Законот за авторското и сродните права носителите на авторското право и на сродните права можат да ги остваруваат правата преку застапник или колективно (заедно за повеќе дела или предмети на сродни права и за повеќе носители на правата) преку организација за колективно управување со правата, на начин и под услови определени со овој закон, а во договор со корисниците. Директорот на ММИ, Бодан Арсовски ги прифати образложенијата на членките на Здружението на трговијата за големото оптоварување на компаниите и токму поради таа причина, предложи голем попуст и намалување на максималниот износ на вредноста на бодот и бројот на бодовите наведен во Предлог-тарифникот, наменет за членките на Здружението. На работниот состанок се договори веднаш да се изготви Општ договор за утврдување на висината на надоместокот за јавно соопштување на фонограми и изведби во продажните места на стопанските субјекти од областа на трговијата, кој ќе важи за членките на Здружението на трговијата при Стопанската комора на Македонија.




**14.10.2014 година**

**Здружението на трговијата го усогласи текстот за иницијатива за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите - ДЕФИНИРАЊЕ НА ТЕРМИНОТ АКЦИСКА ПРОДАЖБА ВО ТРГОВИЈАТА**

На работна средба на членките на Здружението на трговијата при Стопанската комора на Македонија со претставници од Министерството на економија на Република Македонија и Државниот пазарен инспекторат, се распраќаше за покренатата иницијатива за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите. Во Законот за заштита на потрошувачите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/2004, 77/2007; 103/2008; 24/2011 и 164/2013), со одредбите на чл. 12, 13 и 14 се регулирани прашањата кои се однесуваат на распродажба на производите. Со оглед дека одредбите не се доволно прецизни, Здружението на трговијата предложи текст со иницијатива за дефинирање на различните видови на распродажбите на сезонските производи, на производите кои се исфрлаат од продажба, производи со грешка, производи на кои им истекува рокот на траење, но и за сите други видови на продажба со различна продажна цена од редовната. Стопанските субјекти од трговијата, во делот на информирањето на купувачите и спроведувањето на маркетиншките активности за подобро истакнување на предностите на секој субјект и поттикнување на продажбата, имаат потреба од допрецизирање на овие одредби со опфаќање на можноста за намалување на

одредени цени за одредени производи за определен период, како и за производи за определена намена. Поради наведените причини, а со цел да нема дилеми, трговците предлагаат Законот да предвиди различни облици на продажба кои би ги опфатиле сите облици кои и сега трговците во Македонија и во други земји ги применуваат. Примери за такви закони има во некои европски држави. Членките на Здружението на трговијата предлагаат да се предвидат повеќе облици на продажба, како и други соодветни елементи, од тоа како производите да бидат означени и изложени во маркет, времетраење пред и по воведувањето на овие продажби и слично. Истовремено, одредбите да бидат јасни и прецизни, едноставни и применливи. Потребно е да се допрецизираат термините: распродажба, акција, рок, означување, сезонско намалување, трајно намалување и нов производ. Од Министерството за економија истакнаа дека ќе се подготвува нов закон за заштита на потрошувачите, при што ќе бидат земени предвид Директивите од Европската унија за овој сектор, но и укажувањата на членките на Здружението на трговијата при Стопанската комора на Македонија од овој состанок, како и вклучувањето на стопанските субјекти од трговијата при предвидената јавна расправа во процесот на донесувањето на новата законска регулатива.

**16.10.2014 година**

**Тркалезна маса: „Леарството во регионот на Југоисточна Европа – состојби и можности за развој“ - ПОТРЕБНА Е ЗГОЛЕМЕНА СОРАБОТКА МЕЃУ ЛЕАРНИЦИТЕ И ЗАЕДНИЧКИ НАСТАП НА ТРЕТИ ПАЗАРИ**

Во организација на Здружението на металургијата, а во соработка со Сојузот на металурзите на Македонија, на 16 октомври 2014 година во Стопанската комората на Македонија се одржа регионална средба и тркалезна маса на тема: „Леарството во регионот на ЈИЕ – состојби и можности за развој“. На настанот, покрај претставници на компаниите-членки на Здружението на металургијата и на Сојузот на металурзи на Македонија, учествуваа и претставници на леарските здруженија од Р. Словенија и Р. Бугарија, претставници на Владата на РМ и на научната јавност. Целта на настанот, како што истакна претседателот на Здружението на металургијата, д-р Митко Кочовски, беше претставниците на компании, на здруженија и асоцијации од областа на леарството да разменат мислења и искуства во насока на натамошна успешна соработка и развој на леарската дејност во регионот. Леарството, како дел од металниот сектор, е под силно влијание од развојот на регионалните и глобалните пазари и од обемот на надворешната побарувачка. Низ призмата на постојните производни активности, беше оценето дека има потенцијали за развој и за интензивирање на актуелните бизнис-релации на компаниите во регионот. - Претседателот на Сојузот на металурзите на Македонија, проф. д-р Свето Цветковски даде приказ на светските и на европските движења во секторот леење на метали и направи паралела со состојбите во регионот а особено внимание предизвика излагањето на секретарот на Леарското здружение на Словенија, кој во својата презентација ги истакна состојбите и потенцијалите на словенечкото леарство, условите за вршење на дејноста и ги пренесе европските искуства и регулативи.



**17.10.2014 година**

**Групација на агенции за недвижности - ЕНЕРГЕТСКИТЕ ПАСОШИ МОЖЕ ДА ПРЕДИЗВИКААТ ЗАСТОЈ ВО ПРОДАЖБАТА НА СТАНОВИ**

Пред претставниците на Групацијата на агенции за недвижности на седницата (16.10.2014 година) Блажен Зотовски, советник за сува градба, направи извонредна презентација за енергетски ефикасни станови – технологии, мерење, продажба и новини во согласност со законските прописи за енергетски пасош, како и користење на суво монтажните системи. Посебно внимание пред присутните предизвика воведувањето на енергетските пасоши кои треба објектите да ги поседуваат почнувајќи од јануари 2015 година, пред се`, заради претпоставките на агенциите за недвижности дека ќе настане застој во продажбата на становите, како и

прашањето: дали ќе можат сите станови или колективни згради да добијат енергетски пасош. Во обемната дискусија околу работењето на агенциите, беше потенцирана и меѓусебната нелојална конкуренција, која покрај тоа што се јавува од физички лица, се случува и од самите агенции. Членките го поставија и прашањето како сето ова да се надмине, бидејќи се` некако се врти во круг, а битно е да се даде одговор како и кој може да работи со прометот и закуп на недвижности, а се` да биде во законски рамки.

**20.10.2014 година**

**Пред членките на Стопанската комора на Македонија презентиран Предлог-проектот „Побрза исплата на породилните надоместоци и боледувања“ - ПРИМЕНАТА ПРЕДВИДЕНА ОД СТАРТОТ НА 2016 ГОДИНА**

Со цел подетално запознавање со Предлог-проектот „Побрза исплата на породилните надоместоци и боледувања“, во Стопанската комора на Македонија пред нејзините членки од страна на директорката на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, м-р Маја Парнарџиева-Змејкова, беше извршена презентација на новиот начин за исплата на боледувањата кој се планира да се воведе со овој Предлог-проект. Според Акциониот план за реализација, предвидено е предлог-измените и дополнувањата на Законот за здравствено осигурување, Законот за работните односи и Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување да се изготват оваа година, а приспособувањето на веб-порталот на ФЗОМ и приспособувањето со УЈП да се иврши во првата половина на 2015 година, во кој период би одела и првичната реализација како пилот-проект. Планирано е во пилот-проектот да бидат опфатени 30 фирми, а во текот на септември-декември 2015 година би се спроведувале обуки за фирми. Предвидено е овој законски проект да почне да се примена од јануари 2016 година.

**21.10.2014 година**

**Комисијата за хартии од вредност на Турција во посета на Групацијата за работење со хартии од вредност при Стопанската комора на Македонија - ПРЕНЕСУВАЊЕ ИСКУСТВА И ВОСПОСТАВУВАЊЕ ИДНА СОРАБОТКА**

Претставници на Комисијата за хартии од вредност на Турција предводени од претседателот на Комисијата, Вахдетин Ерташ и претседателката на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, м-р Елизабета Чингаровска, оствариja официјална посета на Групацијата за работење со хартии од вредност при Стопанската комора на Македонија, на 21.10.2014 година. На работната средба беше дискутирано за воспоставување идна соработка меѓу сите учесници на пазарот на капитал на двете држави. Претседателот на Групацијата за работење со хартии од вредност, Михајло Брова Зиков, го претстави работењето на Групацијата и на брокерските куќи во Македонија, а беа презентирани движењата на пазарот на капитал во последните години. Од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија сметаат дека работната средба е од особена важност за економиите на двете држави, бидејќи со развојот на домашните пазари се придонесува кон зајакнување и унапредување на економската соработка и на билатералните односи. На крајот, се заклучи дека оваа работна средба е само почеток на идната соработка на пазарите на капитал на Р. Македонија и Р. Турција. Воедно, се очекува иницијатива за споделување на стручното знаење и искуства на институциите, но и на базата на инвеститори со Истанбулската берза како најголем пазар во евроазискиот регион.

**24.10.2014 година**

**Стопанската комора на Македонија и Царинската управа на РМ организираа предавање за измените на Договорот ЦЕФТА 2006 - ПОДОБРУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ ВО НАДВОРЕШНО-ТРГОВСКИОТ ПРОМЕТ**



Стопанската комора на Македонија во соработка со Царинската управа на Република Македонија на 22.10.2014 година, за економските оператори од повеќе стопански области вклучени во меѓународната трговска размена на стоки и услуги, организираше предавање на две актуелни теми од

тековното работење. По првата тема насловена како „Примената на поимот "производи со потекло" и методи на административна соработка", говореа Лидија Лековска, шеф на Службата за потекло и царинска вредност при Царинската управа на Република Македонија и Ирина Нелковска, самостоен советник во Службата за потекло и вредност. Актуелноста на темата беше согласно последните измени на Централно-европскиот Договор за слободна трговија (ЦЕФТА 2006), објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр. 131 од 4.9.2014 година, односно согласно донесениот Закон за ратификација на Протоколот кој се однесува на дефиницијата на поимот "производи со потекло" и методи на административна соработка кон овој Договор. За втората тема под наслов „Документација која се приложува кон Единствениот царински документ (ЕЦД)" свое обраќање имаше Димче Аџиоски, началник на Одделението за транзитни и гранични формалности, кој преку своето стручно излагање подетално се осфрна на потребните документи кои го следат и го придружуваат ЕЦД, со поширoко образложение за секој од нив. Двете теми побудија голем интерес кај економските оператори, а интерактивниот карактер на предавањата им овозможи на непосреден начин да ги одгатнат отворените прашања поврзани со предметните теми, а не беа изоставени ниту прашања поврзани со тековното надворешно-трговско и царинско работење.

**27.10.2014 година**

**Доброволното еколошко означување на производите и услугите може да донесе бенефити, но во земјава се` уште не се користи - НАМАЛЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПОГОЛЕМ ИЗВОЗ**

Еколошкото означување на производите и услугите претставува значајна доброволна алатка со која се идентификуваат производите и услугите кои имаат намалено влијание врз животната средина. Еколошки означените производи помагаат во заштитата на животната средина, произведуваат помалку отпад, ја минимизираат употребата на штетни супстанци по здравјето на луѓето, придонесуваат кон помало користење на енергија и вода, укажуваат на општествената одговорност на компанијата и обезбедуваат поголем пласман на производите во Европа и во светот. Иако во земјава критериумите за еколошкото означување на осум групи производи (детергенти за рачно миење садови, сапуни, шампони за коса, бои и лакови кои се употребуваат во затворени простории, обувки, текстил, мебел, хигиенска хартија и за туристичко сместување) се донесени во 2005 година, досега нема доделено ниту една еколошка ознака, беше истакнато на редовната прес-конференција во Стопанската комора на Македонија на тема: „Еколошки означени производи и услуги - намалени трошоци за производство, заштита на животната средина и поголем пласман во Европа и во светот".Јадранка Иванова, раководител на Секторот за ЕУ во Министерството за животна средина и просторно планирање го истакна европското искуство на овој план, кое покажува дека од 1992 година до 2012 година сертифицирани се повеќе од 17.000 производи, а околу 1300 компании добиле лиценца да ја користат еколошката ознака на своите производи, група на производи и/или услуги. Во Република Македонија, Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) е носител на процесот на воспоставување шема за еколошко означување на производи и услуги во Република Македонија, за да го поттикне тој процес финансира Проект во чии рамки е отпечатена брошура, промовирана на конференцијата а следат и работилници на оваа тема, а кој што го реализира Центарот за развој на култура и животна средина во соработка со Стопанската комора на Македонија.

**28.10.2014 година**

**Групација за безбедност и здравје при работа - ПРОБЛЕМИТЕ ЌЕ СЕ РЕШАВААТ ВО ДИРЕКТЕН КОНТАКТ СО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

На состанокот на Групацијата за безбедност и здравје при работа, одржана на 28.10.2014 година, се расправаше за реализираните активности согласно заклучоците од претходната седница, како и за реализирање работна средба со претставници на Министерството за труд и социјална политика. Претседателот на Групацијата, Сашко Стаматовски ги информираше присутните дека Групацијата преку Стопанската комора на Македонија на 15.10.2014 година достави допис до министерот Диме Спасов за организирање работен состанок на претставници на Министерството и на Групацијата.Членките на Групацијата расправајќи по темите за разговор со претставниците на Министерството, констатираа дека приоритетни прашања кои треба да се отворат треба да бидат оние кои прават сериозни проблеми во извршувањето на дејноста на фирмите. Како приоритетни прашања беа посочени новиот Правилник за висината на трошоците за извршување на стручните работи за безбедност при работа. Присутните заклучија дека при водењето на разговорите треба да се покрене и иницијатива за промена на системот за безбедност и здравје при работа преку промени на Законот и правилниците за здравје и безбедност при работа. Посебно беа апострофирани измени и дополнувања на Правилникот за добивање на лиценци за вршење на дејноста од областа на здравје и безбедност при работа.

**29.10.2014 година**

**Мисија на ММФ во посета на Здружението на банкарството при Стопанската комора на Македонија - ЕКОНОМСКИОТ РАСТ НА МАКЕДОНИЈА Е ПОЗИТИВЕН И СЕ ОЧЕКУВА ДА БИДЕ ЗАДРЖАН**

Мисијата на Меѓународниот монетарен фонд (ММФ), предводена од Ивана Владкова Холар, оствари работна средба со претставници на Здружението на банкарството при Стопанската комора на Македонија. Целта на посетата на Мисијата на ММФ беше да се реализираат разговори во поглед на развојот на македонската економија. Од страна на претставниците на ММФ беше даден осврт врз економската положба на Македонија и нејзината поставеност во однос на економиите на државите во регионот. Имено, евидентен е нееднаквиот развој на економиите во регионот, што е последица на многу фактори, а пред се' на стабилноста на државите. Конкретно, растот на Македонија е позитивен и се очекува истиот да се задржи и во наредниот период. На работниот состанок беше нагласено дека за Македонија се значајни големиот број странски инвестиции кои доаѓаат во државата и дека во моментов, во регионот Македонија е лидер по влез на странски инвестиции. Ваквата состојба придонесува позитивно за македонската економија. Од ММФ нагласија дека тоа што е значајно за нашата држава е да се инвестира во инфраструктурата, што на долг рок сигурно ќе придонесе за развој на македонската економија. Од страна на претставниците на Здружението на банкарството беше елабориран начинот на којшто банките ја гледаат економската положба на Македонија и оценката за истата. Се дискутираше и за инвестициската клима, невработеноста, кредитирањето, како и за регулативите кои директно влијаат на развој на македонската економија. Посетата на ММФ на Здружението на банкарството при Стопанската комора на Македонија е дел од официјалната посета на ММФ во Македонија на релевантни институции за реализирање разговори во поглед на Пост-програм мониторинг (ППМ) на македонската економија, со цел изготвување извештај што ќе биде поднесен до Бордот на директори на ММФ.

**30.10.2014 година**

**Групацијата за противпожарна заштита со барања до надлежните за подобрување на условите за стопанисување во овој сектор - РЕВИДИРАЊЕ НА ЛИЦЕНЦИТЕ И ЗАОСТРУВАЊЕ НА КОНТРОЛИТЕ**

На состанокот на Групацијата за противпожарна заштита, одржан на 30.10.2014 година во Стопанската комора на Македонија, членките на Групацијата расправаа за актуелните состоби во оваа дејност и за активностите што треба да се преземат за подобрување на амбиентот за стопанисување на стопанските субјекти од оваа област. Како проблеми во работењето се посочија проблемите што се појавуваат преку нелојалната конкуренција при учество на тендери, недостаток на контрола на исправноста на противпожарните апарати и стабилните системи за дојава и противпожарна заштита, квалитетот на сервисирањето на истите и др.Исто така, беа посочени проблеми околу утврдувањето која институција ги спроведува и ги контролира уредите, опремата и средствата за гасење, во согласност со прописите за стандардизација, акредитација и оценка за сообразност, како и опременоста на сервисите со соодветна опрема. Притоа, беше истакнато дека е потребно поконкретно да се дефинираат техничките нормативи и стандарди и да се укаже на задолжителните постапки при одржување, сервисирање и испитување на противпожарните апарати согласно со техничките нормативи, стандарди и упатства на производителот.

**31.10.2014 година**

**Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија се сретна со претставници на Мисијата на Меѓународниот монетарен фонд - НАМАЛУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ТРАНСФЕРИ ВО БУЏЕТОТ НА СМЕТКА НА ПОДДРШКА НА КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ**

На 31.10.2014 година, претседателот на Стопанската комора на Македонија Бранко Азески оствари работна средба со претставници на Мисијата на Меѓународниот монетарен фонд, предводена од Ивана Владкова Холар, заменик-шеф на Дивизијата за Југоисточна Европа, со соработниците. Целта на посетата на претставниците на Меѓународниот монетарен фонд беше да се запознаат со актуелните состојби на реалниот сектор во стопанството и да се информираат за гледањата на членките на Комората за мерките на економската политика и за проблемите со кои се соочуваат во нивното работење. Претседателот Азески ги информира гостите дека Комората остварува добра деловна соработка со Владата на Република Македонија и со надлежните министерства во делот на претходна консултација на бизнис-заедницата при подготвувањето на поодделни мерки на економската политика. Но, при имплементацијата на одделни законски решенија се јавуваат одделни проблеми на коишто укажуваат нашите членки. Во таа смисла, Комората остварува соработка со надлежните органи и доставува и покренува конструктивни предлози. Исто така, претседателот Азески посочи дека Комората посебно укажува на потребата од намалување на социјалните трансфери во Буџетот на сметка на поддршка на капиталните инвестиции и насочување на буџетот во поголем степен кон развојните компоненти.



Претседателот ги потенцираше проблемите во врска со неефикасноста на судскиот систем во делот на брзината за решавање на стопанските спорови, тешкотиите во извршувањето на правосилни судски решенија во корист на компаниите од одделни општини, потоа постоење на разни парафискални и неданочни давачки на централно и на локално ниво, како и ефектите од регулативата за казнената политика кон компаниите. Гостите се интересираа и за приоритетните активности на Стопанската комора на Македонија во 2015 година.

**31.10.2014 година**

**31 Октомври - Светскиот ден на штедењето одбележан во Стопанската комора на Македонија**

Здружението на банкарството при Стопанската комора на Македонија денес го одбележа Светскиот ден на штедењето, на свечена седница на која присуствуваа м-р Димитар Богов, гувернер на Народната банка на Република Македонија, членови на Здружението – претставници на банките, штедилниците, другите финансиски институции во Република Македонија, претставници од осигурителниот сектор, како и претставници на повеќе државни институции со кои Здружението на банкарството при Стопанската комора на Македонија има воспоставено одлична соработка и презема заеднички активности. На седницата, д-р Глигор Бишев, потпретседател на Стопанската комора на Македонија и генерален извршен директор на Шпаркасе банка Македонија АД - Скопје, честитајќи го Светскиот ден на штедењето истакна дека радуваат податоците за се` поголема застапеност на штедењето во денари, како и за растечкиот тренд на долгорочно штедење во Република Македонија, како и дека речиси 65% од потребите за екстерно финансирање на претпријатијата се покриваат од штедните влогови на граѓаните, односно дека до крајот на септември штедните влогови на граѓаните изнесувале 92,8 милијарди денари. Гувернерот Богов нагласи дека 2014 година ја карактеризираат позитивни индикатори, при што годинава е забележан кредитен раст од 9,4%, што е меѓу највисоките во Европа, како и дека депозитите го достигнаа највисокото ниво во последните 6 години, односно забележан е раст од 12%. Тој наведе дека податоците покажуваат оти 51% од штедните влогови на граѓаните се во домашна валута, што е индикатор за високата доверба во монетарната политика, во капацитетот на банкарскиот сектор, како и во стабилноста на институциите во Република Македонија. На свечената седница беа доделени признанија на 37 најдобри шалтерски работници од банките и штедилниците за постигнати особени резултати во вршењето на работните задачи во доменот на работењето со населението за 2013 година. Здружението на банкарството при Стопанската комора на Македонија, денес пред



свечениот дел, ја одржа и својата редовна работна седница, на која беа усвоени извештаите на комисиите во рамките на Здружението за изминатиот период. Здружението во работниот дел, а по повод неговото пензионирање, му се заблагодари на господин Андреас Галатулас, член на Управниот одбор на Алфа банка АД - Скопје за одличната соработка и учеството во активностите на Комората.

**3.11.2014 година**

**Здружение на информатичко-комуникациски технологии - ГЕРМАНСКА ИТ-КОМПАНИЈА ЗАИНТЕРЕСИРАНА ЗА СОРАБОТКА НА ПОЛЕТО НА РАЗВОЈ НА АПЛИКАЦИИ**

Здружението на информатичко-комуникациски технологии при Стопанската комора на Македонија и Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, на 3.11.2014 година организираа билатерални средби на германска ИТ-компанија со седиште во Берлин и заинтересираните македонски ИТ-компании. Германската ИТ-компанија е специјализирана за секторите софтвер и развој на информатички телекомуникации и развој на апликативни решенија. Нејзиниот интерес беше истакнат за соработка со македонските ИТ-компании, кои имаат искуство со програмските јазици Xamarin и C#, одлично познавање на англиски и/или германски јазик и искуство со развој на апликации (Apps), односно референца дека работеле на развој на апликации за Windows, Android или IOS. Берлин е моментално број 1 дестинација во Европа каде што се основаат Start Up компании од ИКТ и компанијата добро котира на таа сцена, така што македонските компании ја искористија можноста да ги презентираат своите капацитети и стекнатите стандарди, квалитети и вештини во информатичката технологија. Се оствари контакти што ќе резултираат со успешна натамошна соработка, заеднички проекти и заеднички настап на европскиот ИТ-пазар и пренесување на германските искуства на македонските компании од истата дејност.

**4.11.2014 година**

**Четврт форум на чинители и засегнати страни во областа на обновливи извори на енергија - ГОЛЕМ ИНТЕРЕС КАЈ ИНВЕСТИТОРИТЕ**

Четвртиот форум на чинители и засегнати страни во областа на обновливите извори на енергија (ОИЕ), кој се одржа во Стопанската комора на Македонија (4.11.2014 година), во рамките на Проектот за инвестиции во чиста енергија на УСАИД, а во соработка со Групацијата на обновливи извори на енергија при Комората, предизвика голем интерес кај инвеститорите во областа на обновливите извори на енергија (ОИЕ), а исто така и кај институциите поврзани со оваа област. На Форумот присуствуваа околу педесетина претставници на фирми инвеститори во обновливи извори на енергија, енергетски компании, од Регулаторната комисија за енергетика, научниот сектор и од министерствата.

**12.11.2014 година**

**Здружението на металургијата со барање - ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕГУЛАТИВАТА ВО ПРАВЕЦ НА КВАЛИТЕТНА ГРАДБА СО ОГНООТПОРНИ МАТЕРИЈАЛИ**

Градбата со огноотпорни материјали, која во најголем дел е присутна во металуршкиот сектор, е специјализиран вид на градба, како од аспект на материјалите кои се употребуваат, уште повеќе и од аспект на стручната изведба на градбата. Недоволната регулатива во оваа дејност негативно се одразува врз компаниите од дејноста на огноотпорните материјали од аспект на нелојалната конкуренција. За таа цел, Здружението на металургијата ќе покрене иницијатива за изменување и дополнување на законската и подзаконска регулатива со која ќе се побара овластувањата А и Б од членот 32 од Законот за градба за изработка на проектна документација како одговорен проектант, ревизија на проектна документација и надзор над изведување на градби да се додаде и технолошко-металуршката струка. Здружението даде поддршка и на барањето на големите металуршки компании за користење на петрол коксот како енергент во нивните производни процеси. Станува збор за еколошки сосема безбеден енергенс чиешто користење ќе им овозможи на компаниите рационализирање на трошоците во услови на се` уште присутната економска криза и неповолни движења на цените на металите, во насока на рационализирање на трошоците на работење.

**13.11.2014 година**

**Групацијата за сува градба - МОЖНОСТИ ЗА СЕРТИФИЦИРАЊЕ МОНТЕРИ ЗА СУВОМОНТАЖНИ ЕЛЕМЕНТИ**

Групацијата за сува градба одржа седница на која се расправаше за можностите за сертифицирање на монтерите, како и продолжување на иницијативата за зајакнување на Групацијата. Беше направена презентација на дејноста на Бизнис центарот за тренинг и обука и можноста за сертифицирање монтери за сувомонтажни елементи, при што беше потенцирано дека Бизнис центарот доби Решение за верификација на програмата

Монтер за сувомонтажни елементи од Центарот за образовние на возрасни на Република Македонија и во наредниот период ќе ја започне постапката за лиценцирање на Програмата во Министерството за образование и наука на Република Македонија. Сертификатот што го добиваат учесниците на верифицираните и лиценцираните обуки во рамките на Бизнис центарот се признаени од Министерството за образование и наука, што претставува дополнителен мотив за членовите на Групацијата за сува градба кои имаат интерес да ја посетуваат обуката.

**21.11.2014 година**

**По воведување на акцизи на нафтениот кокс Групацијата на производители на керамички производи со предупредување - ТУЛАРСКАТА ИНДУСТРИЈА ПРЕД КОЛАПС, НАД 1.000 ЛИЦА МОЖЕ ДА ОСТАНАТ БЕЗ РАБОТА!**

Групацијата на производители на керамички производи (21.11.2014 година) расправаше за новите измени и дополнувања на Законот за акцизите. Притоа, беше истакнато дека со воведување на акцизи на нафтениот кокс од 84,6 ден/DJ оваа индустриска гранка ќе се најде во многу тешка ситуација, а ќе се очекува и затворање на фирмите. Туланите во земјата, континуирано полека се затвораат или се гасат печките. Енергијата во производството има најголемо учество при што самиот производ не е конкурентен на пазарот, а за намалување на трошоците туланите пристапија во користење на петролкокс наместо мазут. Новите инвестиции ги чинеше фирмите и до 300.000 евра дополнителен трошок, со надеж дека со петролкоксот ќе се намали учеството на енергијата по единица производ и ќе биде конкурентен за увозните тули. Со воведување на акцизи на цврстите горива кои се користат во индустријата, а за жал вакви давачки нема во ниедна земја во регионот, а и во земјите на Европската унија, нашите производи ќе се поскапат и до 15% од сегашните цени на туларските производи.

**21.11.2014 година**

**Здружение на трговијата - ЗГОЛЕМЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА СО НОВИОТ РЕЖИМ НА ДОТУР НА СТОКАТА**

Здружението на трговијата при Стопанската комора на Македонија, одржа работен состанок за оформување Мислење на Здружението на трговијата за ефектите од примената на Препораките на Комитетот за здравје и животна средина, поради нарушувањето на квалитетот на амбиентниот воздух на подрачјето на град Скопје во зимскиот период.Согласно заклучоците од јавната дебата за ограничување на времето во кое ќе биде дозволен дотур на стока на подрачјето на Град Скопје, на работниот состанок се разгледаа Препораките на Комитетот за здравје и животна средина за ограничување на времето во кое е дозволен дотур на стока на подрачјето на Град Скопје. Ова ограничување се предвидува поради нарушувањето на квалитетот на амбиентниот воздух на подрачјето на Град Скопје во зимскиот период. Здружението на трговијата направи првична Анализа за економските и други ефекти од примената на времето во кое ќе биде дозволен дотур на стока на подрачјето на Град Скопје. (предлог е да се дозволува дотур на стока од 20:00 часот навечер до 7:00 часот наутро).Беше укажано дека трговските компании и дистрибутерите би имале многу зголемени трошоци и намалена стопанска активност, а не би се постигнал ефект во намалувањето на загадувањето на територијата на град Скопје.Затоа е потребно да се преземат други мерки во ограничувањето на сообраќајот кај приватните возила, старите возила што најмногу го загадуваат воздухот, како и донесување соодветни мерки по зони во Градот Скопје.

**21.11.2014 година**

**Здружението на информатичко комуникациските технологии реагира на ограничување на времето во кое ќе биде дозволен дотур на стока на подрачјето на Град Скопје - КОЈ ЌЕ ЈА ПРИМА ИСПОРАЧАНАТА ОПРЕМА ПОСЛЕ 20 ЧАСОТ?**

Здружението на информатичко-комуникациските технологии при Стопанската комора на Македонија, одржа работен состанок за оформување Мислење на Здружението, за ефектите од примената на Препораките на Комитетот за здравје и животна средина, поради нарушувањето на квалитетот на амбиентниот воздух на подрачјето на град Скопје во зимскиот период.Согласно Заклучоците од јавната дебата за ограничување на времето во кое ќе биде дозволен дотур на стока на подрачјето на Град Скопје, на работниот состанок се разгледаа Препораките на Комитетот за здравје и животна средина за ограничување на времето во кое е дозволен дотур на стока на подрачјето на Град Скопје. Ова ограничување се предвидува поради нарушувањето на квалитетот на амбиентниот воздух на подрачјето на Град Скопје во зимскиот период.Здружението на информатичко-комуникациските технологии заклучи дека ќе бидат негативни економските и други ефекти од примената на времето во кое ќе биде дозволен дотур на стока на подрачјето на Град Скопје. (предолот е да се дозволува дотур на стока од 20:00 часот навечер до 7:00 часот наутро).Евентуалната примена на предложената мерка 13, за ограничување на времето за дотур на подрачјето на градот Скопје, комплетно ќе го оневозможи

работењето на повеќето од компаниите од информатичко-комуникацискиот сектор. Работење на компаниите од секторот опфаќа испорака и инсталација на техничка опрема (информатика и телекомуникации) до наведените клиенти, чие работно време е такво што не дозволува испораки после 20:00 часот, од едноставна причина што нема кој да изврши прием на испорачаната опрема.

**27.11.2014 година**

**На семинар во Стопанската комора на Македонија беа презентирани законската рамка и процедурите за еколошко означување на производите и услугите во Македонија - ОЗНАКА СО ВЛИЈАНИЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА КОМПАНИИТЕ**

На семинарот на тема: „Еко означувањето во улога на унапредување на Вашата еколошка одговорност“, пред повеќе од 20 претставници на компании од хемиската, текстилната и индустријата на хартија, индустријата на мебел и на туристичкиот сектор, беше презентирана законската рамка и процедура за еколошко означување на производите и услугите во Македонија. Семинарот се одржуваше во рамките на Проектот финансиран од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање, реализатор е Центарот за развој на култура и животна средина со поддршка на Стопанската комора на Македонија. Покрај презентирањето на законската рамка и процедура за еколошко означување, Владо Каровски, раководител на одделение во сектор за ЕУ во Министерството за животна средина и просторно планирање, презентираше и критериуми за еко-означување на текстилни производи, мебел и на сапуни и шампони. Посебна презентација имаше менаџерот за екологија на Цементарница „УСЈЕ“ АД, Наташа Кормушоска, која го истакна значењето на еко-означувањето на производите, ја изнесе иницијативата на раководниот тим на компанијата за изготвување правилник со критериуми за еколошко означување на цементот и производите од цемент. На семинарот беа разменети информации кои се однесуваат на висината на надоместоците за еко-означување на производите, за делови од процедурите за нивно добивање, практичната применливост на дел од критериумите преземени од ЕУ-законодавството за кои реално нема можност да се применат во наши услови и сл.

**1.12.2014 година**

**Македонската енергетска асоцијација - МЕА го разгледа Предлог-енергетскиот биланс на Република Македонија за периодот од 2015 до 2019 година - СЛЕДНАТА ГОДИНА ПОТРОШУВАЧКАТА НА ФИНАЛНА ЕНЕРГИЈА ЌЕ ПОРАСНЕ ЗА 6,2 ОТСТО**

Македонската енергетска асоцијација при Стопанската комора на Македонија, на 1.12.2014 година, одржа седница на којашто се разгледуваше Предлог-енергетскиот биланс на Република Македонија за периодот од 2015 до 2019 година. Енергетскиот биланс е изработен во согласност со Законот за енергетика и со Правилникот за енергетски биланси и енергетска статистика. Енергетскиот биланс е индикативен плански документ и во истиот се прикажуваат потребите од вкупните количества на енергија и од одделни видови енергија во Македонија и можностите за нивно обезбедување со производство од домашните капацитети и од увоз, во периодот до 2019 година.

**1.12.2014 година**

**Интегрирано спречување и контрола на загадувањето во Република Македонија - ПРЕЗЕНТИРАНА ПРВАТА ФАЗА ОД СТУДИЈАТА ЗА ОПАСЕН ОТПАД**



По повод презнетацијата на Првата фаза од Студијата за опасен отпад во Република Македонија, изготвена во рамките на Проектот „Интегрирано спречување и контрола на загадувањето во Република Македонија“, во своето обраќање господин Нурхан Изаири, министер за животна средина и просторно планирање истакна дека е потребно да се дадат насоките во кои ќе се движат идните политики за управување со опасен отпад во државата и да се дадат прецизни податоци во однос на количините кои се генерираат, како и можните начини за постапување., со оглед дека во моментот постои недостаток на соодветен систем за управување со опасниот отпад, недоволен институционален капацитет и реална

примена на прописите од оваа сфера. Презентацијата на првата фаза од Студијата за опасен отпад во Република Македонија ја даде проф. д-р Дејан Мираковски, кој даде пресек на постојната состојба со опасен отпад во државата, а отвори и прашање околу тоа каков систем на управување со опасен отпад ни треба, по принципот на отворен пазар на ЕУ или принципот на близина. За овој вид отпад потребно е да се донесе национална стратегија и поврзување на регионално ниво.

**1.12.2014 година**

**Стопански комори и компании на средба во Белград покренаа иницијатива за унапредување на регионалната соработка во областа на градежништвото - ИНСТИТУЦИОНАЛНО ПОВРЗУВАЊЕ ЗА ЗАЕДНИЧКИ НАСТАП НА ПАЗАРИТЕ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД РЕГИОНОТ И НА ТРЕТИ ПАЗАРИ**

Поттикнати од економската криза, а и од драстичното намалување на градежните активности на пазарите во земјите каде што градежната оператива од републиките на поранешна Југославија настапуваа, како што се земјите на Блискиот Исток, Ирак, Либија, Алжир, Египет, како и земјите на поранешниот Советски Сојуз, но и во сопствените земји, градежните компании заедно со стопанските комори на Србија, Босна и Херцеговина, Хрватска и Македонија, покренуваат иницијатива за нивно меѓусебно поврзување, повторно воспоставување контакти, се` со цел да се надминат одредени проблеми со кои се соочуваат фирмите во тековното работење.
Досега се одржани три заеднички состаноци на коишто се детектирани проблемите, кои се скоро идентични во сите републики. Македонија учествува прв пат на 27 ноември 2014 година во Белград. Покрај претставникот на Стопанската комора на Македонија, присуствуваа претставници на фирмите „Гранит“, „Жикол“, „Инком инженеринг“.

Во наредниот период се очекува да се усогласат заклучоците со давање приоритет за формирање конзорциуми кои ќе можат да одговорат на сите барања на инвеститорите од јавниот или приватниот сектор. За таа цел, е предложено да се пристапи и кон формирање база на податоци на компаниите од сите републики кои се заинтересирани за соработка и учество во конзорциуми, како што се референците, расположивите средства, стручниот кадар, годишниот обрт, се` со цел, да се исполнат условите на објавените тендери. Се очекува, како што беше предложено, следниот состанок да се одржи во Стопанската комора на Македонија.

**5.12.2014 година**

**Здружението на трговијата го поддржа барањето поднесено на ниво на Стопанската комора на Македонија - УКИНУВАЊЕ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНОСТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЗАДОЛЖНИЦА ВО ПРИВАТНИОТ СЕКТОР**

Здружението на трговијата при Стопанската комора на Македонија, на 5.12.2014 година, расправаше за актуелните законски решенија што имаат влијание врз работењето на стопанските субјекти од областа на трговијата во Република Македонија, а посебно за законите од областа на финансиите и од областа на работните односи. Членките на Здружението на трговијата го поддржуваат барањето поднесено на ниво на Стопанската комора на Македонија за укинување на задолжителноста за издавање на задолжница во приватниот сектор, а стопанските субјекти од трговијата бараат и одложување на примената на извршување на инспекциски контроли и изречување казни веднаш од почетокот на идната година, согласно Законот за финансиска дисциплина. Посебно беше потенцирано дека примената на овие закони ќе бидат дополнителен товар и трошок на компаниите, ја отежнуваат работата во секторот, и ќе влијаат многу негативно во услови на нарушена ликвидност во стопанството. Членките на Здружението на трговијата укажуваат на постоењето на сосема видлива и присутна „сива“ економија, што многу негативно се одразува врз секојдневното работење на фирмите што редовно ги регулираат сите свои обврски, и кон клиентите, партнерите, потрошувачите, добавувачите, вработените, но и комплетно кон државата. Присутната „сива“ економија ги раскопува темелите на здравото стопанство со дополнителните финансиски и други оптоварувања на редовните плаќачи на општествените обврски. Здружението на трговијата и понатаму ќе ги следи законските прописи од областа на стопанството, што ќе биде приоритет во работата во текот на идната година и ќе бара контакти со надлежните институции, со цел донесување законски прописи што позитивно ќе влијаат врз работењето на стопанските субјекти.

**5.12.2014 година**

**Управување со пакување и отпад од пакување - ИСПОЛНУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИТЕ ЦЕЛИ ВО ТЕСНА СОРАБОТКА СО БИЗНИС-СЕКТОРОТ**

Меѓународната Конференција на тема: „Управување со пакување и отпад од пакување - Како до исполнување на националните цели? одржана во Стопанската комора на Македонија, посветена на бизнис-заедницата и на институциите на државно и на локално ниво, има за цел да ги идентификува состојбите, проблемите и предизвиците, како и да предложи мерки за сите чинители во процесот на управување со отпад од пакување со цел зголемување на стапките на рециклирање на отпад од пакување и достигнување на

националните цели до 2020 година, - истакна претседателот на Асоцијацијата Владо Момировски при отворањето на Конференцијата. Господин Нурхан Изаири, министер за животна средина и просторно планирање во Владата на РМ и водено актуелен претседател на Комисијата за постапување со отпад од пакување во својот поздравен збор, ја посочи добрата и искрена соработка меѓу органите на Владата и претставниците на бизнис-секторот во Македонија, како исклучително важна, за исполн ување на националните цели на овој план. Д-р Филип Ивановски, директор на „ПАКОМАК„ ги посочи потребните активности и нивните носители кои би можеле да допринесат во оствaрување на националните цели во постапување со отпад од пакување. Посебен интерес предизвикаа излагањата на претставниците на колективните постапувачи со отпад од пакување од Белгија и од Романија, поради фактот што Белгија е земја каде што системот на колективно постапување со отпад од пакување функционира веќе 20 години и е најдобар во однос на земјите од ЕУ, односно има највисок степен на рециклиран отпад од пакување.

**11.12.2014 година**

**Презентирано софтверското решение „ЕМИ“ - МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ НА ЗАГАДУВАЧКИ СУПСТАНЦИ ВО АТМОСФЕРАТА ОД СЕКТОРОТ ИНДУСТРИЈА**

На работилница одржана во Стопанската комора Македонија, а организирана од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), пред повеќе од 30 претставници од секторот индустрија за прв пат се презентираше софтверското решение „ЕМИ“ (Emissions Monitoring in Industry EMI) - за мониторинг на емисии на загадувачки супстанци во атмосферата од секторот индустрија (11.12.2014 година). Со помош на овој софтвер ќе се овозможи секторот индустрија по поедноставен електронски пат да известува кон Министерството за животна средина и просторно планирање и истиот претставува иновативна алатка со која се покажуваат континуираните заложби на Министерството во однос на справувањето со климатските промени. Исто така, „ЕМИ“ ќе го олесни и известувањето кон Конвенцијата на ОН за климатски промени, Конвенцијата за загадување на воздухот на ЕУ за големи далечини и кон други меѓународни конвенции. Софтверското решение, финализирано во рамките на Проектот „Прв двегодишен ревидиран извештај за климатски промени“, предизвика интерес кај претставниците на индустријата, кои дадоа свои првични видувања и конкретни предлози за практична примена на оваа корисна алатка.

**12.12.2014 година**

**Барање на Групацијата за домување со станбен и деловен простор - СО ЗАКОН ДА СЕ ДЕФИНИРА ОДГОВОРНОСТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ТЕХНИЧКИ НЕИСПРАВНИ ЛИФТОВИ**

Групацијата за домување со станбен и деловен простор, на состанокот одржан во Стопанската комора на Македонија, заклучи да поднесе иницијатива за измена на Законот за техничка инспекција, со цел да се дефинира чија е одговорноста во случај кога во употреба функционираат технички неисправни лифтови во станбените згради, а при тоа за истиот има извештај дека е технички неисправен (11.12.2014 година). Ваквата одлука доаѓа по неколку одржани состаноци самостојно, како и од реализирани средби со Регулаторната комисија за домување, со претставници на Техничката инспекција, инспектори надлежни за дејноста и други инволвирани државни институции во оваа област. Лиценцираните управители за домување, проблемот со одговорноста за лифтови го иницираа како резултат на фактот што тие како управители со влезовите согласно Законот за домување само ги вршат обврските во име на станарите, но сопственоста на заедничките простории во влезот, вклучително и лифтот е сопственост на самите станари.

**15.12.2014 година**

**Од 1 јануари 2015 година започнуваат законските обврски за постапување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема - ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ, ТРГОВЦИТЕ И ГРАЃАНИТЕ ЗАЕДНИЧКИ ВО ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

Од 1 јануари 2015 година започнуваат законските обврски на учесниците во процесот на постапување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема, - беше истакнато на редовната прес конференција во Стопанската комора на Македонија (15.12.2014 година). Станува збор за вид на опасен отпад, па доследното имплементирање на регулативата од страна правните и физичките лица кои произведуваат и пуштаат на пазарот во земјата електрична и електронска опрема и кои постапуваат со отпадната електрична и електронска опрема, е од особено значење за заштитата на животната средина, истакна Ана Мазневска Каранфилова, раководител на Секторот за отпад при Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање. Членките на Асоцијацијата на секундарни суровини и рециклатори досега преземаа активности за соодветно учество во процесот на собирање, третман, преработка и отстранување

на електричен и електронски отпад, а со цел нивно успешно вклучување во пазарот на повторна употреба и рециклирање на овој вид опасен отпад. Законот се однесува на 10 видови на производи кои припаѓаат во категоријата на електричната и електронска опрема (големи домашни апарати, мали домашни апарати, опрема за информатичка технологија и телекомуникација, опрема за широка потрошувачка и забавна електроника, опрема за осветлување, електричен и електронски алат, електрични и електронски играчки и опрема за забава и спорт, медицински апарати.

**16.12.2014 година**

**Македонската енергетска асоцијација (МЕА) во соработка со Проектот на УСАИД за индустриски менаџмент реализираа тркалезна маса за управување со електрична енергија - ДЕСЕТ КОМПАНИИ (ЌЕ) ГИ УЖИВААТ ПРИДОБИВКИТЕ ОД ЗАШТЕДИТЕ И ЗГОЛЕМЕНАТА КОНКУРЕНТНОСТ**

Македонската енергетска асоцијација (МЕА) во соработка со Проектот на УСАИД за индустриски менаџмент реализираа тркалезна маса на тема: „Зголемување на конкурентноста преку континуирано подобрување на употребата на енергија со користење на системи за мониторинг/управување со потрошувачка на енергија во индустриски компании“. Енергетската ефикасност во индустријата е една од најкорисните и најисплатливи мерки за зголемување на конкурентноста на производите, како и намалување на загадувањето на животната средина.

**18.12.2014 година**

**Здружението на градежништвото, градежната и неметалната индустрија расправаше за Предлог-законот за градежни производи - ОЛЕСНУВАЊЕ НА ПЛАСМАНОТ НА ДОМАШНИТЕ ГРАДЕЖНИ ПРОИЗВОДИ НА ЕВРОПСКИОТ ПАЗАР**



На седницата на Здружението на градежништвото, градежната и неметалната индустрија се расправаше по текстот на Предлог-законот за градежни производи, информирањето на присутните за иницијативата на коморите од екс-ју просторите за здружување на градежната оператива за настап на трети пазари, како и за состојбата во дејноста и приоритетните активности на Здружението во наредниот период.

Донесувањето на нов Законот за градежни производи е новата ЕУ-регулатива 305/2011 за градежни производи, како и новите текстови на Анекс III и Анекс V од оваа регулатива, кои од Комитетот за градежништво и од Европскиот парламент се прифатени и објавени во септември 2014 година. Во обемната дискусија беше истакнато дека донесувањето на ова законско решение е за поздравување од повеќе причини, а посебно што уште на почетокот се вклучени производителите на градежни материјали кои со своето практично искуство ќе придонесат за донесување законски решенија кои ќе бидат од интерес на сите учесници во неговата имплементација. На крајот од дискусијата се заклучи забелешките што ги имаат компаниите да ги достават, најдоцна до крајот на годината, во писмена форма до Комората и истите сублимирани да се доставаат до Министерството за економија. Присутните беа информирани за иницијативата на коморите од екс-ју просторите за здружување на градежната оператива за заеднички настап на странските пазари, било како конзорциум или друг облик. Намалениот обем на градежни активности, намалениот број на вработени, како и влошената ликвидност се дел од причините за отпочнување на оваа активност. Начелна согласност има од сите комори, а состанокот во Белград ја потврди оваа заложба. Предложено е наредната работна средба да се одржи во Македонија.

**23.12.2014 година**

**Групацијата на пазари предлага - ПРОМОЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ КОИ ПРОДАВААТ СОПСТВЕНИ ПРОИЗВОДИ НА ЗЕЛЕНИТЕ ПАЗАРИ**

Групацијата на пазари во рамките на Здружението на комуналните дејности при Стопанската комора на Македонија ги разгледа можностите за преземање активности со цел поголема поддршка и промоција на земјоделците кои продаваат сопствени производи на зелените пазари. Како пример се зема искуството од земјите од регионот каде ваквите активности се дел од работата на здруженијата, односно групациите на пазарите. За таа цел, на седницата на Групацијата на пазари при Комората на 23.12.2014 година, присуствуваа и претставници на единиците на локалната самоуправа - ЗЕЛС и на Федерацијата на фармери на Република Македонија - ФФРМ. Беа информирани за иницијативите кои Групацијата на пазари е подготвена да ги преземе во насока на зачувување на дејноста, како и да и` се даде поголемо значење. На состанокот беше констатирано дека активностите кои ќе се преземат во дејноста пазари, во следниот период, мора да бидат паралелно следени со стратешки документ во кој ќе се дефинира важноста и значењето на постоењето на зелените пазари и нивниот ефект во вкупната економска активност.

**24.12.2014 година**

**Македонската асоцијација на рударството – МАР очекува до крајот на годината да се остварат планираните резултати - ПОЕНЕРГИЧНИ МЕРКИ ПРОТИВ „ДИВАТА“ ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНИТЕ СУРОВИНИ**

Македонска асоцијација на рударството – МАР расправаше за остварените производни резултати во 2014 година и очекувањата, планирањата и приоритетните активности за работа на Македонската асоцијација на рударството – МАР во 2015 година. Во обемната дискусија беше нагласено дека опаѓањето на индустриското производство е од објективни причини, и тоа заради одржлива експлоатација и планско искористување на минералните суровини, пред се`, и заради опаѓање и на берзанските цени на металите. Исто така, намалување на производството има кај одделни рудници, а тековните проблеми се надминуваат со нови вложувања и со менување на откопната метода, при што се очекува и зголемување на производството кај металичните руди.

За неметалниот сектор, посебна дискусија се водеше за нелојалната конкуренција која се јавува кај експлоатацијата на варовниците, односно работењето на каменоломите, со продажбата на речните песоци, кои не треба да се наменети за градежниот пазар, туку да бидат само во функција на чистење на речните корита.
Се предложи да се побара средба со м-р Владимир Пешевски, заменик-претседател на Владата на РМ, на која средба ќе бидат изнесени проблемите со нелојалната конкуренција со „дивите“ копачи на минерални суровини, како и користењето на речниот песок за градежни цели. Покрај повеќе заклучоци, на седницата на МАР беше предложено, а присутните дадоа согласност, да се расправа поодделно на повеќе теми, со носители на активностите, кои треба да се реализираат во 2015 година.

**24.12.2014 година**

**Здружението на информатичко-комуникациските технологии и Европскиот информативен и иновативен центар при Стопанската комора на Македонија со презентација и повик - КОРИСТЕЊЕ НА ЕВРОПСКИТЕ ФОНДОВИ ЗА ИКТ-СЕКТОРОТ**

Здружението на информатичко-комуникациските технологии и Европскиот информативен и иновативен центар при Стопанската комора на Македонија, на 24.12.2014 година одржаа уште еден состанок со компаниите од ИКТ-секторот, со цел да се споделат информациите и актуелните настани за изготвување проекти за користење средства од Европската унија. На состанокот се презентираа сегашните повици за аплицирање, кои се достапни и за македонските компании, но присутните беа информирани и за повиците што ќе бидат објавени во првите месеци од 2015 година, со цел благовремено и квалитетно подготвување на проектите. Македонските компании пројавија интерес за тоа: кои се отворени повици за аплицирање, посебно од ИКТ-секторот и како заеднички да се аплицира, во соработка на Здружението на информатичко-комуникациските технологии при Стопанската комора на Македонија, бизнис-секторот и установите од високото образование.Беа споделени значајни информации за тоа како да се имаат поконкретни информации за странски апликанти кои бараат партнери од Република Македонија и како ние да бараме странски партнери и кои се нивните профили.Беше договорено детално да се следат сите повици, сегашни и идни, објавени од Европската унија, од сите области каде има простор за аплицирање од секторот на информатичко-комуникациските технологии. Потоа, да се следи интересот на станските клиенти, баратели на македонски партнери за аплицирање со проекти за користење на средства од европските фондови. Беше укажано да се испита кои македонски фирми имаат капацитет да бидат лидери на проекти, за кои ENTERPRISE EUROPE NETWORK при Стопанската комора на Македонија е во можност да бара странски парнери за заедничко учество во проектите.Работната група ќе одржува состаноци во зависност од потребите, а постојано ќе ги информира членките на Здружението на информатичко-комуникациските технологии при Стопанската комора на Македонија за сите новини и можности за понатамошна активност.

# ДИРЕКЦИЈАТА НА РЕГИОНАЛНИ КОМОРИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

**17.01.2014 година**

**Евроамбасадорот Аиво Орав на седница на Економско-социјалниот совет на Прилеп - БИЗНИСМЕНИТЕ ОХРАБРЕНИ ДА ГИ КОРИСТАТ ЕВРОПСКИТЕ ПАРИ**

Во организација на локалната самоуправа на општина Прилеп и Регионалната комора со седиште во Прилеп, на 16.01.2014 година се одржа работен состанок на бизнис-секторот од регионот со евроамбасадорот Аиво Орав. Како што е познато, на ниво на општина Прилеп успешно функционира Економскиот совет кој претставува советодавно тело на градоначалникот и во него активно учествуваат поголем број видни стопанственици од компании-членки на Регионалната комора со седиште во Прилеп.



**20.01.2014 година**

**Европската комисија започна со реализација на новите програми за истражување, развој и иновативност за следниот седумгодишен период - ХОРИЗОНТ 2020 И КОСМЕ ЗА ПОГОЛЕМА КОНКУРЕНТНОСТ И НА МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ**

Европската комисија започна со реализација на новите програми за истражување, развој и иновативност за следниот седумгодишен период 2014-2020 година. Акцент на редовната прес-конференција во Стопанската комора на Македонија на 20.1.2014 година беше даден на рамковните програми ХОРИЗОНТ 2020 и КОСМЕ. Притоа, беше истакнато дека се тие од интерес за Стопанската комора на Македонија, компаниите и институциите во Македонија, а нивното користење преку проекти ќе придонесе за зголемување на конкурентноста на компаниите.

**28.01.2014 година**

**Македонско-ирачки бизнис-форум во Стопанската комора на Македонија со компании од Сулејманија, Северен Ирак - ИНИЦИРАНА ПОВТОРНА ДЕЛОВНА СОРАБОТКА МЕЃУ БИЗНИС-ЗАЕДНИЦИТЕ**

Стопанската комора на Македонија, во соработка со Трговско-индустриската комора на Сулејманија, Северен Ирак, организираше Македонско-ирачки бизнис-форум и бизнис-средби со компании од Северен Ирак. На Форумот што се одржа во Стопанската комора на Македонија, учествуваа тринаесетина ирачки компании увозници и дистрибутери на разни видови производи наменети за ирачкиот пазар: сите видови прехранбени производи и пијалаци, земјоделски производи, козметички и фармацевтски производи, метален комплекс, градежништво и градежни материјали, индустриска опрема, трговија на производи за широка потрошувачка, мебел, транспорт, туризам и друго.

**30.01.2014 година**

**Александра Наќева Ружин, новоименувана амбасадорка на Република Македонија во Кралството Шведска во Стопанската комора на Македонија - КОМПАНИИТЕ ПОБАРАА ПОДДРШКА ЗА ВЛЕЗ НА ПАЗАРИТЕ ВО НОРДИСКИТЕ ЗЕМЈИ**

Новоименуваната амбасадорка на Република Македонија во Кралството Шведска Александра Наќева Ружин имаше средба со членки на Стопанската комора на Македонија, кои побараа поддршка во нивните напори за влез на пазарите во нордиските земји (30.01.2014 година). Изложувајќи ја својата платформа за нејзината идна дипломатска активност, таа најави дека економската дипломатија, пред се`, промоција на домашните компании,

изнаоѓање бизнис-партнери и продлабочување на трговската соработка, што ќе биде еден од нејзините приоритети.

**31.01.2014 година**

**На Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Кичево се одржа презентација на Законот за финансиска дисциплина и Законот за задолжница - ЧЕКОР НАПРЕД ВО РЕГУЛИРАЊЕ НА ДОЛЖНИЧКО-ДОВЕРИТЕЛСКИТЕ ОДНОСИ**

Во Регионалната комора со седиште во Кичево на 30.01.2014 година се одржа седница на Управениот одбор на Регионалната комора со седиште во Кичево. Претседателот Игор Соколески на присутните им ги претстави активностите извршени во минатата 2013 година, како и на предлози и донесување на нови програми за подобрување на проблемите на фирмите во стопанството на регионот во претстојната 2014 година.

**3.02.2014 година**

**Бизнисмени од Охрид и Ирак ги согледуваа можностите за меѓусебна економска соработка - ЗАИНТЕРЕСИРАНОСТ ЗА ОТВОРАЊЕ ОТКУПНО-ДИСТРИБУТИВНИ ЦЕНТРИ**

Во организација на Стопанската комора на Македонија, на 31.01.2014 година, во Општина Охрид се одржа средба со претставници од Трговско- индустриската комора на Сулејманија, Северен Ирак. Делегацијата од ирачки бизнисмени беше во неколкудневна посета на Република Македонија, а средбата во Охрид следеше по одржувањето на Бизнис-форумот на 28.01.2014 година во Стопанската комора на Македонија. На средбата во Општина Охрид присуствуваа компании од Охридско- струшкиот регион заинтересирани за меѓусебна соработка и интензивирање на релациите со компаниите од Ирак.

**10.02.2014 година**

**Делегација на стопански комори, асоцијации и здруженија од Албанија во посета на Стопанската комора на Македонија - ПАТНАТА ИНФРАСТРУКТУРА КЛУЧНА ЗА ПОГОЛЕМА ТРГОВСКА РАЗМЕНА**

Голема делегација на стопанските комори, асоцијации и здруженија од Албанија ја посетија Стопанската комора на Македонија со цел да се интензивира економската соработка на компаниите од двете земји. Оваа посета е продолжување на позитивната практика меѓу двете држави за поддршка во реализирање на поинтензивна економска соработка.

**11.02.2014 година**

**Диего Мосна, претседател на холдинг компанијата „DIATEC" од регионот на Верона во посета на Прилеп - НАСКОРО ПОЧНУВА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕКОЛОШКИ ЛЕПИЛА ЗА ПРЕХРАНБЕНАТА ИНДУСТРИЈА**



На 9.02.2014 година во организација на Регионалната комора со седиште во Прилеп и градоначалникот Марјан Ристески, во градот престојуваше Диего Мосна, претседател на холдинг компанијата „DIATEC" од регионот на Верона, Република Италија. Целта е да се презентираат природните ресурси и економските потенцијали на регионот, со цел да се изврши брз трансфер на технологија и производство во некој од постојните слободни капацитети од страна на италијанската компанија.

**12.02.2014 година**

**Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Кавадарци расправаше за Предлог-програмата за работа за годинава - ИНИЦИРАНИ ПРЕДЛОЗИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА БИЗНИС-КЛИМАТА**

Во хотелот „Фени" во Кавадарци се одржа работен состанок на Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Кавадарци. Во рамките на состанокот на Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Кавадарци беше формирана работна група од 11 членови кои треба да придонесат за поголема оперативност и пофлексибилен пристап во реализацијата на активностите кои произлегуваат од Програмата за работа на Регионалната комора во 2014 година.

**17.02.2014 година**

**Во организација на регионалните комори со седиште во Прилеп и Битола беше организирана посета на Трговско-индустриската комора на Драч во Албанија - ГОЛЕМИ МОЖНОСТИ ЗА РАЗВОЈ НА РЕГИОНАЛНАТА СОРАБОТКА**

На иницијатива на претседателот на Регионалната комора со седиште во Прилеп, Симон Наумоски и амбасадорот на Република Македонија во Република Албанија, Стојан Карајанов, а во организација на регионалните комори со седиште во Прилеп и Битола, на 13 и 14.02.2014 година се одржаа работни средби во Тирана и Драч. Целта на работната посета беше да се интезивира економската соработка на компаниите од двата региона, да се зголеми искористување на услугите на Пристаништето од Драч и се презентираат условите за инвестирање во Пелагониски-преспанскиот регион.

**17.02.2014 година**

**Во Македонски Брод се одржа работна средба на Регионалната комора со седиште во Кичево со градоначалникот на Македонски Брод - ДОГОВОРЕНА МЕЃУСЕБНА СОРАБОТКА И ЗАЕДНИЧКИ НАСТАП НА ФИРМИТЕ**

На 14.02.2014 во општината Македонски Брод, се одржа работна средба на Регионалната комора со седиште во Кичево со градоначалникот Милосим Војнески. Градоначалникот, Милосим Војнески ја поздрави иницијативата за посетата на општината Македонски Брод, при што ја изрази подготвеноста за понатамошна соработка со локаната самоуправа и направи краток осврт на сегашната економска слика на Македонски Брод каде веќе по долги години се отвараат затворените капацитети за производство, како фабриката за воена опрема „Сумбро трејд", погонот за производство на Коро чаевите и минералната вода Планинаска од изворот Крапа, а исто така се промовира и природните ресурси на општината.

**3.3.2014 година**

**Одржани отворени предавања во Кичево за зголемување на енергетската ефикасност и искористување на обновливите извори на енергија - МОЖНОСТИТЕ ВО ПРЕКУГРАНИЧНИОТ РЕГИОН**

Во Кичево се одржа презентација на тема: Отворени предавања за енергетска ефикасност (ЕЕ) и обновливи извори на енергија (ОИЕ). Отворените предавања се дел од третата активност на Проектот „Зголемување на енергетска ефикасност и искористување на обновливи извори на енергија во прекуграничниот регион". Целта на Проектот е да се утврди и да се зголеми користењето на обновливите извори на енергија и енергетската ефикасност во прекуграничниот регион, особено во Југозападниот плански регион на Република Македонија, како дел од ИПА-Програмата за прекугранична соработка меѓу Република Македонија и Република Албанија.

**4.3.2014 година**

**Македонско-австриски бизнис-форум во Стопанската комора на Македонија - БИЗНИС-ПАРТНЕРСТВАТА МОЖЕ ДА ЈА ИЗБАЛАНСИРААТ РАЗМЕНАТА**

Стопанските комори на Македонија и на Австрија организираа Македонско-австриски бизнис-форум, со цел поттикнување на соработката меѓу компаниите од двете земји.

-Австриската бизнис-делегација пројави интерес да се запознае со можностите за соработка со македонските компании. Со оглед на составот на бизнис-делегацијата од Австрија, овојпат соработката со македонските фирми беше фокусирана на компании од сферата на третманот и пречистувањето на отпадни комунални и индустриски води, подготвување на вода за пиење, управување со отпад, безбеден пренос на податоци за индустриски апликации и индустриска автоматизација.

**6.3.2014 година**

**На работна средба во Регионалната комора со седиште во Кичево со Министерството за локална самоуправа потенцирани можностите за унапредување на развојот на регионот - АКЦЕНТ НА ИНФРАСТРУКТУРНИТЕ ПРОЕКТИ И ИСКОРИСТУВАЊЕ НА МИНЕРАЛНИТЕ СУРОВИНИ**

Во Регионалната комора со седиште во Кичево се одржа работна средба со Ѓорѓија Сајкоски, заменик-министер за локална самоуправа. Домаќин на средбата беше претседателот на Регионалната комора со седиште во Кичево, Игор Соколески, а присутни беа и претставници на компании од овој регион (5.3.2014 година) . Потенциран беше започнатиот проект за изградба на автопатот Кичево-Охрид, во што ќе бидат вклучени и фирмите од кичевскиот регион, бидејќи во изградбата ќе учествуваат македонски фирми. Најавено беше и отворањето на рудникот за манган „Стогово", кој за 3 години треба да почне со експлоатацијата на руда.

**11.3.2014 година**

**Работна средба со претседателите на регионалните комори во рамките на Стопанската комора на Македонија - АКЦЕНТ НА ПРОЕКТНИТЕ АКТИВНОСТИ**

На 11 март 2014 година беше оржана работна средба со претседателите на регионалните комори во рамките на Стопанската комора на Македонија. Притоа, тие беа запознати со новата Програма за регионалните комори, со акцент на проектните активности. Како главни насоки за развој на регионалните комори беа истакнати унапредувањето на стопанството во рамките на планските региони и успешната имплементација на политиката за регионален развој, соработката на бизнис-заедницата, како носител на економскиот и главен стожер за вкупниот развој на одреден регион, со локалната власт и ефикасно поврзување на политиката на регионалниот развој со секторските политики во одреден регион.

**21.3.2014 година**

**Италијанска делегација во посета на Прилеп - РАЗМЕНА НА ИСКУСТВА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА БИОДИЗЕЛ ГОРИВО ОД ТУТУН**

Во организација на Стопанската комора на Македонија и Регионалната комора со седиште во Прилеп, на 20.3.2014 година делегација од Република Италија го посети градот Прилеп. Заеднички беше констатирано дека технички е изводливо производството на биодизел гориво од семето на тутунот, но неопходна е анализа за економската оправданост за неговото производство, имајќи го предвид и искористувањето на останатиот дел од стеблото на тутунот за производство на одредени енергенси.

**31.3.2014 година**

**ЕЕН мрежа за бизнис-можности – помош за поддршка на малите и средни бизниси - ПРОНАОЃАЊЕ ПАРТНЕРИ ЗА НОВИТЕ ЕУ-ПРОГРАМИ „КОСМЕ" И „ХОРИЗОНТ 2014-2020"**

Европската мрежа за бизнис-можности (ЕЕН) е најголемата мрежа за подобрување на процесот на имплементација на иновациите во реалниот сектор, за интензивирање на бизнис-релациите, за поефикасна соработка на науката и индустријата, трансферот на технологии и користењето на резултатите од научните истражувања во стопанството. Услугите на ЕЕН се достапни во повеќе од 35 милиони компании од ЕУ и од други земји што учествуваат во оваа мрежа.



**3.4.2014 година**

**Бизнис-средба меѓу компании од Вардарскиот плански регион од Република Македонија и Јужниот, Северниот и Западниот регион од Косово - ЗАЕДНИЧКИ ВО КОРИСТЕЊЕ СРЕДСТВА ОД ЕУ-ФОНДОВИТЕ И ВО ОСВОЈУВАЊЕ НА ТРЕТИ ПАЗАРИ**

Стопанската комора на Македонија преку регионалните комори со седиште во Кавадарци и во Велес, а во соработка со Фондацијата за одржлив еконмски развој ПРЕДА Плус од Прилеп и Центарот за развој на Вардарскиот плански регион,

организираа Бизнис-средба меѓу компании од Вардарскиот плански регион од Република Македонија и Јужниот, Северниот и Западниот регион од Косово.Во присуство на бројни компании од земјава и од соседно Косово, средбата се одржа во просториите на „Фени индустри“ во Кавадарци.

**4.4.2014 година**

**Работен состанок на вицепремиерот и министер за финансии, м-р Зоран Ставрески и министерот за транспорт и врски, Миле Јанакиески со бизнис-секторот од општина Прилеп - ЗА РАЗВОЈ НА РЕГИОНОТ КЛУЧНА Е ИЗГРАДБАТА НА АВТОПАТОТ ОД ГРАДСКО ДО ПРИЛЕП**

Во организација на Регионалната комора со седиште во Прилеп и локалната самоуправа се одржа работен состанок на бизнис-секторот од регионот со вицепремиерот и министер за финансии, м-р Зоран Ставрески и министерот за транспорт и врски, Миле Јанакиески. Целта на работната посета и средба со бизнис-заедницата од регион беше министрите поконкретно и од прва рака да се запознаат со тековните проблеми што ги имаат стопанствениците, нивните идни нивни планови за работа, а воедно тие да ги слушнат барањата за подобрување на условите за стопанисување.

**10.4.2014 година**

**Делегација од кинескиот град Дејанг во посета на Регионалната комора со седиште во Прилеп - МОЖНОСТ ОД КИНЕСКИ ИНВЕСТИЦИИ ВО ТИРЗ „АЛИНЦИ“**

Делегација од збратимениот кинески град Дејанг ја посети Регионалната комора со седиште во Прилеп. Ова е втора посета на Регионалната комора од страна на делегации од градот Дејанг кој се наоѓа во кинеската провинција Сичуан, која е во јужноцентралниот дел на Кина и има околу 4 милиони жители.

Целта на посетата беше да се интензивира соработаката меѓу двата збратимени града кои промовираат заедничко искрено пријателство и размена на искуства во повеќе области. Гостите од Кина ги посетија производствените капацитети на компаниите „Микросам“ и „Витаминка“, од каде понесоа импресивни впечатоци, пред се` од производните програми, технолошките капацитети и квалитетните човечки ресурси.

**14.4.2014 година**

**Делегација од Нингбо, Народна Република Кина во Министерството за надворешни работи на Македонија, оствари средба со претставници на македонските компании - ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СО МАКЕДОНСКИТЕ КОМОРИ**




Висока кинеска делегација од Нингбо, Народна Република Кина, во Министерството за надворешни работи на Македонија, оствари работна средба со претставници на македонските компании и беа претставени можностите за бизнис-соработка со Народна Република Кина, како и придобивките од учеството на еден од најголемите и најпрофесионалните саеми за стоки за широка потрошувачка „CICGF - China International Consumer Goods Fair“, што ќе се одржи во рамките на Министерската конференција за трговија и инвестиции меѓу НР Кина и земјите од Централна и Источна Европа (од 8 до 11 јуни 2014 година во Нингбо), каде ќе имаат можност да се престават извозни компании, со цел да обезбедат соработка за пласман на нивните прозиводи во НР Кина.

Во интерес на зголемување на соработката меѓу македонските компании и компаниите од НР Кина, беше потпишан и Меморандум за соработка.

**28.4.2014 година**

**Почнува постапката на тренинг и квалификациски модули за обука на дефицитарен кадар во градежниот сектор за градење на енергетски ефикасни градби - ДО КРАЈОТ НА 2015 ГОДИНА ОБУКА ЗА ПЕТ ЗАНИМАЊА**

Од април 2014 година и Македонија е дел од европската иницијатива за подобрување на енергетската ефикасност во градежниот сектор, преку реализација на втората фаза на Проектот „Build up skills" како дел од Програмата за конкурентност и иновативност – од потпрограмата на ЦИП - Интелигентна енергија на Европската комисија, менаџирана од Европската агенција за мали и средни компании (EACME). Целта на втората фаза од оваа иницијатива на ЕУ е да се развијат материјали и модули за обука на кадар во градежниот сектор во делот на енергетската ефикасност и практична примена во градби.

**30.4.2014 година**

**Генералното собрание на Асоцијацијата на балканските комори (АБК) во Атина расправаше за туризмот - КРЕИРАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИ РЕГИОНАЛНИ ТУРИСТИЧКИ ПОНУДИ**

На Генералното собрание на Асоцијацијата на балканските комори (АБК), кое се одржа на 29 април 2014 година во Атина, присуствуваа претседатели и други високи претставници од сите десет членки на АБК. На собирот се расправаше за „Туризмот како значајна стопанска гранка во националните економии и можностите за нивно поврзување". Туризмот има значајна улога во привлекувањето нови инвестиции, како и во креирањето нови работни места.

**2.5.2014 година**

**Регионална комора со седиште во Битола - „ТРАКТОР РОУД ШОУ 2014" СО ЧЕШКИ БРЕНДОВИ**

Во соработка со Амбасадата на Република Чешка во Македонија и фирмата „Хемометал", а со поддршка на Агенцијата за поддршка и развој на земјоделието на Република Македонија и на Регионалната комора со седиште во Битола, на 30.4.2014 година во Средното земјоделско училиште „Кузман Шапкарев" се одржа манифестација на чешките брендови на земјоделска и градежна механизација кои се присутни во Република Македонија, насловена како „Трактор Роуд Шоу 2014". Презентацијата ја организираше фирмата „Хемометал" од Битола која е главен застапник на чешките брендови „Зетор", „Агрометал" и „Молчик" за Македонија, Косово и Албанија.




**6.5.2014 година**

**Стопанските комори на Македонија и на Косово потпишаа Спогодба за поттикнување на економската соработка - ВЕТЕР ВО ГРБ ЗА ЗНАЧИТЕЛНО ОПАДНАТАТА РАЗМЕНА**

Стопанската комора на Македонија и формално го заокружи интензивниот процес на размена на идеи и информации за продлабочување на соработката меѓу Република Македонија и Република Косово (трета средба за два месеца) со потпишување Спогодба за поттикнување на економската соработка со Стопанската комора на Косово. Целта на потпишаната Спогодба е интензивирање на надворешно-трговската размена, која минатата година забележа значителен пад од 37,5% споредено со претходната година.

**12.5.2014 година**

**Мисија на компании од Белгија во Македонија - ИНТЕНЗИВНИ ДЕЛОВНИ ПОСЕТИ ЗА ПОГОЛЕМА ТРГОВСКА РАЗМЕНА**

Се` поголем е бројот на белгиски компании заинтересирани за деловна соработка со компании од Македонија. Покрај Македонија, белгиските компании се заинтересирани за трговска соработка и со компании од целиот балкански регион како што се Албанија, Косово, Бугарија и Грција, особено во градежниот сектор. Деловните посети на белгиските компании се интензивираа деновиве и неколку белгиски компании ги разгледаа можностите за соработка со македонски компании. Остварени се деловни состаноци со неколку фирми од Скопје, меѓу кои се „Бетон“ и „Гранит“.

**15.5.2014 година**

**Канадскиот амабасадор НЕ Роман Вашук во посета на Стопанската комора на Македонија - ДЕЛОВНА СРЕДБА ВО СКОПЈЕ МЕЃУ БИЗНИСМЕНИ ОД ДВЕТЕ ЗЕМЈИ**

На иницијатива на Амбасадата на Канада во Република Србија, која е задолжена и за земјава, на 15 мај 2014 година, се одржа работна средба со амбасадорот Роман Вашук. На средбата беа дискутирани можностите за поттикнување на билатералната економска соработка меѓу Канада и Македонија.

**19.5.2014 година**

**„Избор на бизнис на годината" во организација на Регионалната комора со седиште во Прилеп и неделниот весник „Зенит“ -ДОБИТНИЦИ „ТРИТЕКС”, „2006 - ЗОКИ ЛИМ” И „НАТ ТЕКСТИЛ”**

На 16.5.2014 година во ресторанот „Амфора“ се заокружи уште една манифестација „Избор на бизнис на годината“ во општина Прилеп. Компаниите „Тритекс”, „2006 - Зоки лим” и „Нат текстил” се избрани за најуспешни за 2013 година, на манифестацијата што по 5-ти пат ја организираше Регионалната комора со седиште во Прилеп заедно со неделниот весник „Зенит“. Целта на манифестација „Избор на бизнис на годината" е афирмација на прилепските фирми, преку промоција и популаризација на производите и услугите.

**19.5.2014 година**

**Во Софија се одржа конференција на тема: “Интернационализација на економијата во земјите од Југоисточна Европа и црноморскиот регион преку ЦЕФТА имплементација” - СТОПАНСКИТЕ КОМОРИ ОТСЕКОГАШ ИГРАЛЕ ВАЖНА УЛОГА ВО ПРЕПОЗНАВАЊЕТО И ОТСТРАНУВАЊЕТО НА ТРГОВСКИТЕ БАРИЕРИ**




На 15 мај 2014 година во Софија, Р. Бугарија, во организација на Бугарската трговско-индустриска комора, а со поддршка на партнерскиот проект на Унијата на германските трговско-индустриски комори (ДИХК), се одржа Конференција на тема: „Интернационализација на економијата во земјите од Југоисточна Европа и Црноморскиот регион преку ЦЕФТА-имплементација“. Настанот беше поделен во три панели со три теми за ЦЕФТА-Договорот, за соработката во Црноморскиот регион, како и за транспортот и регионалната соработка и проекти.

**21.5.2014 година**

**Регионална комора со седиште во Кавадарци и Регионална комора со седиште во Кичево - ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА ДЕЛОВНАТА СОРАБОТКА**

Во организација на регионалните комори со седиште во Кичево и во Кавадарци, на 20.5.2014 година, во деловните простории на компанијата „Кожувчанка“ во Кавадарци, се одржа деловна средба меѓу стопанствениците од Кавадарци и од Кичево. На работната средба покрај претставувањето на компаниите од Кичево и од Кавадарци и разговорите за можни соработки, се дискутираше и за Законот за финансиска дисциплина, кој се применува од 1.5.2014 година.

**22.5.2014 година**

**Управен одбор на Регионалната комора со седиште во Скопје - ПОТРЕБНА ИЗРАБОТКА НА ДОЛГОРОЧНА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ЕКОНОМИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА**

Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Скопје одржа седница на 22.5.2014 година, со која раководеше претседателот, д-р Горан Рафајловски. На седницата се дискутираше за актуелните состојби во стопанството и потребата од изработка на долгорочна стратегија за развој на економијата во Македонија, како и за ефектите од примената на Законот за финансиска дисциплина врз стопанските субјекти. Кредитирањето на приватниот сектор од страна на банките мора да се зголеми со цел подигање на конкурентноста на македонската економија, базирана на знаење и иновации, како и создавање на производи со додадена вредност.

**23.5.2014 година**

**Деловен клуб за соработка со Франција и франкофонските земји -ФРАНКОФОНИЈАТА НЕИСКОРИСТЕНА ЗА РАЗВОЈ НА ТРГОВСКИТЕ ОДНОСИ**

На 23.5.2014 година во Стопанската комора на Македонија се одржа седница на Деловниот клуб за соработка со Франција и франкофонските земји. Главната мисија на Клубот е да стане вистинско место за средба и прием на француските и македонските претприемачи за каква било стопанска активност меѓу Македонија, Франција и франкофонските земји. Улогата на Клубот е да ги дополнува официјалните институции кои ги помагаат билатералните стопански односи меѓу Македонија, Франција и франкофонските земји.

**29.5.2014 година**

**Претставници на Економската зона „Кукузовац“ од Хрватска, во рамките на Проектот за женско претрпиемништво, беа во посета на Стопанската комора на Македонија - ДОГОВОРЕНО ЗАЕДНИЧКО АПЛИЦИРАЊЕ СО ПРОЕКТИ ПРЕД ЕВРОПСКИТЕ ФОНДОВИ**

Претставници на Економската зона „Кукузовац“ од Хрватска, заменик-градоначалничката на градот Сињ и претставнички на Бизнис-центарот за поддршка на мали и средни претпријатија , кои се дел од Проектот за женско претприемништво, оствариja работна средба со Софче Јовановска, директорот на Дирекцијата за регионални комори и меѓународна соработка (29.5.2014 година). Проектот е финасиран од средства на Европската унија, а во него учествуваат и претставници од Република Македонија заедно со земјите од Југоисточна Европа. На работната средбата беа разменети предлози за идна соработка, но акцент беше ставен на заедничко аплицирање на проекти во рамките на расположивите европски фондови.

**3.6.2014 година**

**Бизнис-средби на македонски и австриски компании - производители на машини за прехранбената индустрија - НАБАВКА НА ТЕХНОЛОГИИ ЗА СОЗДАВАЊЕ НОВИ ПРОИЗВОДИ АТРАКТИВНИ ЗА ЕВРОПСКИТЕ ПАЗАРИ**

Во организација на Стопанската комора на Австрија и Стопанската комора на Македонија, делегација од реномирани австриски компании од областа на производство на технологии и машини за прехранбената индустрија оствариja деловни средби со македонски компании од прехранбениот сектор. Македонија е една подобрите земји од регионот каде има поволна бизнис-клима за инвестирање, - оценуваат претставници на австриските компании. Според дел од австриските бизнисмени, потребно е да се работи на олеснување на административните процедури и на градење на стабилна политичко-економска состојба во земјата. Интересот на македонските компании од прехранбениот сектор, како еден од клучните сектори во Република Македонија, за средби со австриските компании покажа дека тие сериозно размислуваат за нови инвестиции и создавање на нови производи кои ќе бидат атрактивни за европските пазари.

**5.6.2014 година**

**Претставници на Светска банка на работни средби во Стопанската комора на Македонија - ПОБАРАНО КРЕДИТИРАЊЕ И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ГРАНТОВИ ЗА КОНКРЕТНИ ПРОЕКТИ СО КОИ СЕ ИНОВИРА ПРОИЗВОДСТВОТО**

Претставници на Светска банка оствариja работни средби во Стопанската комора на Македонија на теми поврзани со развојот на македонската економија (4 и 5 јуни 2014 година). Разговорите беа во рамките на реализацијата на Проектот на Светска банка во Макединија за човечки ресурси и иновации и подготовка на новата Стратегија за партнерство на Групацијата Светска банка и Македонија 2015-2018 година.

**13.6.2014 година**

**Македонско-турски бизнис-форум со Асоцијацијата на независни индустријалци и бизнисмени (MUSIAD) - ИСКАЖАН ВЗАЕМЕН ИНТЕРЕС ЗА ПРОДЛАБОЧУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА СОРАБОТКА МЕЃУ ДВЕТЕ ЗЕМЈИ**

Делегација на деловни луѓе од петнаесетина турски компании од Асоцијацијата на независни индустријалци и бизнисмени (MUSIAD) од Република Турција, на 13 јуни 2014 година се во посета Република Македонија. Нивната цел е да воспостават деловни контакти со македонски компании од различни стопански дејности. Во рамките на нивната посета, Стопанската комора на Македонија организираше Македонско-турски бизнис-форум, со цел воспоставување билатерални деловни средби со македонски компании, кои би се јавиле како нивни потенцијални деловни партнери.

**20.6.2014 година**

**Регионалната комора со седиште во Скопје расправаше за мерки за поддршка на малите и средни претпријатија за настап на странските пазари - ЗА ПОРАСТ НА ИЗВОЗОТ НЕОПХОДНО Е ФОРМИРАЊЕ МРЕЖА НА СТОПАНСКИ ПРЕТСТАВНИШТВА**

Актуелните состојби во стопанството и потребата од примена на конкретни и оперативни мерки за поддршка на македонските компании посебно малите и средни компании (МСП) за настап на странски пазари, со посебен акцент на пазарите во соседството, - беше основната тема на расправа на седумнаесеттата седницата на Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Скопје со која раководеше неговиот претседател, д-р Горан Рафајловски. Притоа, беше побарано да се обезбеди финансиска помош на две групи МСП, посебно за оние кои веќе се присутни на тие пазари и на компании кои треба да го испитаат пазарот за нивен настап. На иницијатива на присутните се констатира дека е потребно да се согледаат сите можности институционално да се аплицира на европските проекти, а за таа цел да се формира мрежа за промоција и поддршка на македонските извозни мали и средни компании.

**25.6.2014 година**

**Коморите од ЦЕФТА-регионот на заеднички состанок во Скопје - КОНКРЕТНИ ПРЕДЛОЗИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И ИСПОЛНУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ОД ЦЕФТА-ДОГОВОРОТ**

Со поддршка на Унијата на германските индустриски и трговски комори (ДИХК), во рамки на Партнерскиот проект ДИХК-ЦЕФТА, со претставниците на ЦЕФТА-коморите, во Стопанската комора на Македонија се одржаа редовни средби на четирите коморски работни групи: за царина и потекло на стоки, за нетарифни и технички бариери, за трговија на услуги и за земјоделство и прехранбена индустрија (25.6.2014 година). Овие работни групи, кои се пандан на работните групи во рамките на соодветните поткомитети на заедничкиот ЦЕФТА-Поткомитетот, се состанаа да дискутираат и да препорачаат мерки за поефикасна имплементација на Договорот ЦЕФТА 2006, а кои по целосно усогласување ќе бидат презентирани за време на ЦЕФТА-неделата во Скопје.

**3.7.2014 година**

**Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Прилеп расправаше за примена на Законот за финасиска дисциплина - ПОБАРАНО ДОПРЕЦИЗИРАЊЕ НА ОДРЕДЕНИ ОДРЕДБИ**

Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Прилеп расправаше за обврските и примената на Законот за финасиска дисциплина, бидејќи сите компании веќе се обврзани да го применуваат од 1 мај 2014 година. Доц. д-р Костадин Дуковски, внатрешен ревизор и лиценциран вештак, ги презентираше главните постулати на Законот и одговараше на прашања од интерес на компаниите и јавните претпријатија кои, пак, заедно со државата, Законот ќе почнат да го применуваат од почетокот на 2016 година.

**25.7.2014 година**

**РАБОТНА ПОСЕТА НА ДЕЛЕГАЦИЈА ОД КОМОРАТА ВО ПЕЛА ОД РЕПУБЛИКА ГРЦИЈА НА РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО БИТОЛА**

На покана на претседателот на Стопанска комора на Македонија, Бранко Азески и по иницијатива на Регионалната комора со седиште во Битола, на 23 јули 2014 во посета на Битола, Ресен и Охрид допатува делегација од Трговско-индустриската комора на Пела, предводена од нејзиниот претседател Јорданис Цоцос. Ова беше повратна посета како континуитет на претходната посета на делегацијата на Стопанска комора на Македонија во Воден во октомври минатата година. Компаниите од Република Грција со особен интерес ја проследија презентацијата за можностите на оваа компанија која со својот капацитет од преку 100 различни производи одличен квалитет и пристапни цени се надева на поконкретна соработка од грчка страна.

**29.8.2014 година**

**Македонско-турски бизнис-форум и бизнис-средби со компании од Испарта - ИНТЕРЕС ЗА ЗАЕДНИЧКИ НАСТАП НА ТРЕТИ ПАЗАРИ**

Стопанската комора на Македонија, во соработка со Регионалната индустриска комора на Испарта - Република Турција, организираше Македонско-турски бизнис-форум, со цел воспоставување билатерални деловни контакти со компании од двете земји, кои би се јавиле како потенцијални деловни партнери.

Има големи можности за соработка и се очекува во наредниот период таа да се реализира.

**18.9.2014 година**

**Бизнис-делегација од Измир во посета на Прилеп - МОЖНОСТИ ЗА СОРАБОТКА ВО ГРАДЕЖНАТА, ТЕКСТИЛНАТА, ПРЕХРАНБЕНАТА ИНДУСТРИЈА, МЕДЕЦИНСКАТА ОПРЕМА...**

Делегација од 27 успешни стопанственици од Стопанската комора од Измир, Република Турција, на 17.9.2014 година ја посетија Регионалната комора со седиште во Прилеп и локалната самоуправа. Притоа, тие остварија средба со градоначалникот Марјан Ристески, а со своите колеги стопанственици од Регионалната комора со седиште во Прилеп имаа можност да разменат искуства, како и да пронајдат заеднички сфери на интерес преку кои би се реализирала плодна соработка. Можности за соработка беа понудени во градежната, текстилната, прехранбената индустрија, како и во производството на медицинска опрема и изнајмување на магцински простор.

**19.9.2014 година**

**Стопанска делегација од Косово од регионот на Призрен во посета на Регионалната комора со седиште во Прилеп - ФОКУСИРАНА СОРАБОТКАТА ВО ЗЕМЈОДЕЛСКО-ПРЕХРАНБЕНИОТ СЕКТОР И ВО ИНДУСТРИЈАТА НА ГРАДЕЖНИ МАТЕРИЈАЛИ**

Во организација на Регионалната агенција за развој на Јужно Косово, Фондацијата за одржлив економски развој ПРЕДА Плус и Регионалната комора со седиште во Прилеп, на 18.9.2014 година стопанска делегација од Косово ја посети Регионалната комора со седиште во Прилеп. Соработката меѓу двете деловни асоцијации датира од 2011 година кога Регионалната комора со седиште во Прилеп се вклучи со логистичка поддршка се` со цел да им помогне и на помалите компании од производниот сектор да излезат на странскиот пазар. На работната средба во Прилеп од регионот на Призрен присуствуваа претставници на повеќе компании кои се заинтересирани за заедничка соработка во областа на производството на земјоделски производи, преработка на храна и во индустријата на градежни материјали.

**23.9.2014 година**

**Претставници од американската компанијата „Multimex Americas” од Охајо во посета на Прилеп - РЕГИОНАЛНИ ПРОИЗВОДИ НА ПАЗАРОТ ВО ОХАЈО И ВО ГОЛЕМИТЕ ТРГОВСКИ СИНЏИРИ ВО САД**



Во организација на Стопанската комора на Македонија и Регионалната комора со седиште во Прилеп, на 23.9.2014 година во Прилеп престојуваше повеќечлена делегација од американската компанија „Multimex Americas” од градот Акрон во Охајо. Делегацијата ја предводеше Мајкл Кормушов. „Multimex Americas” е консултантска фирма во која се ангажирани експерти од повеќе области. Целта на нивната посета беше да се запознаат со расположивите потенцијали и ресурси на регионот и по можност да воспостават контакти на овдешни компании со компании од САД, поконкретно од градот Акрон во државата Охајо. На работната средба со гостите активно учество имаа претставници од поголем број компании, меѓу кои „Витаминка“, Прилепска пиварница, „Комфи Ангел“, кофекцијата „Кули“ и од Економскиот факултет од Прилеп.

**25.9.2014 година**

**Амбасадорот на Република Белорусија во посета на Стопанската комора на Македонија - ЗЕМЈОДЕЛСКО-ПРЕХРАНБЕНИОТ СЕКТОР ОД ЗЕМЈАВА СО ГОЛЕМИ МОЖНОСТИ ЗА ИЗВОЗ**

Амбасадорот на Република Белорусија, Н.Е. Владимир Чушев во придружба на Григори Громико, советник за економски прашања во Амбасадата, на нивно барање, беа во работна посета на Стопанската комора на Македонија. Амбасадорот Чушев ја истакна заложбата за интензивирање на взаемната соработка меѓу двете земји, заблагодарувајќи се на големиот број присутни компании-членки на Комората. Тој додаде дека би требало заеднички повеќе да продолжиме со поинтензивни деловни контакти, бидејќи само на тој начин може да се придонесе за зголемување на трговската размена, за што е предложено потпишување договор за соработка меѓу Стопанската комора на Македонија и Комората на Белорусија.

**29.9.2014 година**

**Делегација од Трговско-индустриската комора од Ханија од Република Грција во Битола - ТРАСИРАНА СОРАБОТКАТА СО КОМПАНИИ ОД КРИТ**

На 26 и 27 септември 2014 година во посета на Битола допатуваа стопанственици од Крит, Република Грција, предводени од Трговско-индустриската комора од Ханија. Двете главни економски активности во Ханија се земјоделството и туризмот. Како примарни култури коишто се одгледуваат се маслиновите дрва и цитрусните плодови. Исто така, важни производи се и виното, авокадото, млечните производи и др. Гостите од Ханија ги презентираа своите производи и услуги, како што беа маслиновото масло и маслинки, производство на портокали и сокови, производи на пекарската индустрија, промоција на туризмот и угостителството.

**2.10.2014 година**

**Трета регионална конференција за финансиска едукација за Европа и Централна Азија - ИДНИТЕ ПРЕТПРИЕМАЧИ УЧЕА ЗА АЛТЕРНАТИВНИТЕ ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА НИВНИТЕ БИЗНИС-ИДЕИ**

Во рамките на Третата регионална конференција за финансиска едукација за Европа и Централна Азија, што се одржува од 1 до 4 октомври 2014 година во Скопје, паралелно се одржува и Младински регионален состанок со учесници од Европа и Централна Азија. Преку шеесет учесници не постари од 26 години во текот на тридневните активности ќе се запознаат со развојот на бизнис-идејата, начините на нејзиното финансирање, па се` до прераснување на старт ап компанијата во обемен и профитабилен бизнис. Особен интерес кај учесниците побудија алтернативните начини на финансирање на бизнис-активностите, како и начините за рационализација на трошоците поврзани со истражување на домашните и меѓународни пазари.

**2.10.2014 година**

**Работна средба на раководствата на стопанските комори на Македонија и на Косово за подобрување на меѓусебната размена - ВО ДЕКЕМВРИ ЌЕ СЕ ОРГАНИЗИРА ПРВ ЗАЕДНИЧКИ САЕМ, СО ТРИБИНИ И БИЛАТЕРАЛНИ СРЕДБИ НА КОМПАНИИ ОД ДВЕТЕ ЗЕМЈИ**

Стопанската комора на Косово оствари работна посета на Стопанската комора на Македонија со цел продолжување на активностите и заложбите на двете комори за поттикнување, унапредување и проширување на трговската размена меѓу двете стопанства (2.10.2014 година). За таа цел, иницирано е заедничко организирање на првиот македонско-косовски саем кој е планирано да се одржи на почетокот на декември 2014 година. Воедно, овој настан ќе биде проследен и со организирани отворени трибини со претставници на институции од двете земји кои се од значење во креирањето на политиките и условите за поедноставно водење на бизнисите, како и организирање деловни средби.

**6.10.2014 година**

**Презентирани можностите од либерализацијата на пазарот на електрична енергија пред компаниите од Регионалната комора со седиште во Кичево - ОД ИЗБОРОТ НА СНАБДУВАЧ ЗАВИСАТ И ТРОШОЦИТЕ ЗА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

Во организација на Регионалната комора се седиште во Кичево на 2.10.2014 година во просторите на хотел „Кичево“ на фирмата „Тајмиште“, се одржа презентација пред стопанствениците од страна на претседателот на Македонската енергетска асоцијација - МЕА, д-р Кочо Анѓушев. Присутните мали и средни компании се запознаа директно со можностите кои настанаа со процесот на либерализација на електричната енергија. За бенифициите во однос на намалување на трошоците за струја на компаните детално зборуваше д-р Кочо Анѓушев, кој истакна дека стопанствениците треба добро да ги анализираат условите пред да се одлучат за снабдувач со електрична енергија.

**8.10.2014 година**

**Започнува реализацијата на Проектот „Обука за градежните работници за енергетска ефикасност“ чиј координатор е Стопанската комора на Македонија - ПРИДОНЕС ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРИОРИТЕТНИТЕ ЗАДАЧИ ОД СТРАТЕГИЈАТА 2020 НА ЕУ**

Во Стопанската комора на Македонија се одржа првиот состанок на Проектот „Обука за градежните работници за енергетска ефикасност“ (BUILD UP Skills - Builders' Energy Efficiency Training – BEET), иницијатива на Европската унија, во рамките на Европската програма за конкурентност и иновативност на потпрограмата Интелигентна енергија (8.10.2014 година). Пред одржување на состанокот се одржа и прес конференција. Покрај Стопанската комора на Македонија како координатор на Проектот вклучени се и Здружението на бизниси и консултанти „Креација”, Факултетот за електротехника и информациски технологии – ФЕИТ, ЦеПроСАРД, Факултетот за бизнис економија и Центарот за образование на возрасните на Република Македонија. Главната активност на Европската иницијатива Build up skills „Обука на градежните работници за енергетска ефикасност“ е да им помогне на европските национални економии да ги подобрат капацитетите на работниците во градежниот сектор. Акцентот е ставен на обука и едукација на градежните работници за енергетска ефикасност, за да може и Република Македонија да ги постигне параметрите зададени со ЕУ Стратегијата 2020 за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија.

**9.10.2014 година**

**Македонско-словеначки бизнис-ден во Битола - ВО КОНТАКТИТЕ ИСКАЖАН ИНТЕРЕС ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА СОРАБОТКА**

Во организација на Регионалната комора со седиште во Битола, Македонско-словеначкиот бизнис клуб и Општина Битола, на 8.10.2014 година се одржа промотивен настан за стопанската соработка меѓу Република Македонија и Република Словенија. Целта на настанот беше продлабочување на деловните контакти меѓу словенечките и македонските стопанственици и заинтересираните бизнисмени да ги запознаат можностите за меѓусебна деловна соработка. Особено беше потенциран фактот дека поврзувањето на заедничките бизнис-интереси на македонските и словенечките компании ќе се остварува со зајакната меѓусебна комуникација и размена на квалитетни бизнис-информации.

**20.10.2014 година**

**Бизнисменот од Австралија Петар Ристески во работна посета на Прилеп - „GLOBAL ROADS TECHNOLOGY“ ОД АВСТРАЛИЈА ДОАЃА ВО ИНДУСТРИСКАТА ЗОНА „АЛИНЦИ“**



На 17.10.2014 година беше остварена работна средба со Петар Ристески, претставник од компанијата „Global Roads Technology“ од Австралија. На работната средба присуствуваше и градоначалникот на Општина Прилеп, Марјан Ристески. Петар Ристески е претставник на градежна компанија за изградба на патишта, заменик-градоначалник на Општината Ливерпул во Сиднеј и претседател на Австралиско-македонската трговска комора во Сиднеј со која Регионалната комора со седиште во Прилеп има потпишано Спогодба за соработка за време на посетата на Австралија во 2008 година. Конкретно, тој во Прилеп се интересираше за градежна локација при што позитивно се изјасни за добрата местоположба на Индустриската зона „Алинци“, нејзината локација меѓу Прилеп и Битола, близината до Солун. Австралиската компанија е заинтересирана да го прошири своето производство на европскиот континент. За реализација на овој проект, Петар Ристески ја информирал и

Владата на Република Македонија за што добил голема поддршка, поконкретно од Министерството за транспорт и врски на РМ.

**20.10.2014 година**

**Бизнис-контактите се основа за зголемена трговска размена со Република Австрија, при што македонскиот извоз бележи раст од близу 15 отсто - ВО НОЕМВРИ ДВА НОВИ БИЗНИС-ФОРУМА ВО СКОПЈЕ И ВО ВИЕНА**

- Одличната комуникација и соработка која успеавме да ја одржиме со Стопанската комора на Австрија особено оваа година, се должи на иницијативите и упорноста на нашиот ценет и драг партнер господин Герхард Шлатл, трговско аташе при Стопанската комора на Австрија во Скопје. Неговите идеи и настојувања за поинтензивна соработка меѓу Стопанската комора на Македонија и Австриската стопанска комора ќе резултираат со дури 5 бизнис-настани кои ќе се реализираат оваа година. Успешно беа реализирани 3 бизнис-форуми на македонски и австриски компании, од кои два форума беа одржани во Скопје, а третиот форум се одржа во Виена.

**24.10.2014 година**

**Управен одбор на Регионалната комора со седиште во Кичево - ИНВЕСТИЦИИТЕ НЕОПХОДНИ ЗА ПОГОЛЕМА КОНКУРЕНТНОСТ НА КОМПАНИИТЕ**

Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Кичево на 22 октомври 2014 година одржа редовна седница. Пред присутните претставници на компаниите од регионот, директорката на Дирекцијата на регионални комори и меѓународна соработка при Стопанската комора на Македонија, Наташа Димеска Стојаноска, ги презентираше заклучоците од спроведеното истражување за Инвестициите во приватниот сектор како приоритет за повисока конкурентност во македонската економија, каде што посебен акцент се стави на интересот и ставовите за поддршка на домашните компании за инвестирање искажан од присутните во однос на финансиска помош за инвестирање, опрема, обука за вработени и системско поврзување на компаниите за подобра конкурентност.

**24.10.2014 година**

**Пред компаниите-членки на Регионалната комора со седиште во Кичево - ПРЕЗЕНТИРАНИ НОВИНИТЕ ВО КРЕДИТНИТЕ ЛИНИИ ОД МБПР И ФОНДОТ ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ**

Во организација на Регионалната комора со седиште во Кичево при Стопанската комора на Македонија и во соработка со МБПР и Фондот за иновации и технолошки развој, се одржа презентација на којашто бизнис-секторот беше информиран за кредитните линии, нивните поволности, начините за аплицирање и за можностите за финансирање на фирмите (24.10.2014 година). Од Македонската банка за поддршка и развој, Виктор Калајџиски на фирмите им ја презентираше кредитната линија која е со 3% фиксна годишна камата и која МБПР ја спроведува директно. Таа е наменета за примарни земјоделски производители, преработувачи (млинови, млекарници, кланици, за конзервната индустрија...) и извозници на земјоделски производи. Промовирана беше и кредитната линија за поддршка на мали и средни компании, кај која е зголемен максималниот рок на отплата на 11 години (оваа кредитна линија се работи преку 11 деловни банки).

**28.10.2014 година**

**Управен одбор на Регионалната комора со седиште во Кавадарци - ИНВЕСТИЦИИТЕ КЛУЧНИ ЗА РАСТ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА**

Членовите на Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Кавадарци, сметаат дека инвестициите, дефинирани како пораст на нивото на капитал во економијата, се клучниот фактор за раст на продуктивноста, односно за раст на конкурентноста во производството. Тоа беше изнесено на седницата одржана на 27.10.2014 година, на која се дискутираше по Информацијата „Инвестициите во приватниот сектор – приоритет за повисока конкурентност на македонската економија“. При тоа беа усвоени заклучни констатации и препораки, меѓу кои и барањето за привлекување директни странски инвестиции во производните дејности и подеднаков третман на домашните со странските инвеститори.

**29.10.2014 година**

**Работна средба на раководствата на Стопанската комора на Македонија и Амбасадата на Република Франција во Македонија за подобрување на меѓусебната трговска размена - ВО НОЕМВРИ ЌЕ СЕ ОРГАНИЗИРААТ БИЛАТЕРАЛНИ СРЕДБИ НА МАКЕДОНСКИ И ФРАНЦУСКИ КОМПАНИИ**

На 29.10.2014 година, Н.Е. госпоѓа Лоренс Оер (Laurence AUER), амбасадор на Република Франција во Република Македонија, и господин Доминик Готиер (Dominique GAUTIER), прв советник при Амбасадата, со соработниците, оствари работна средба со м-р Јелисавета Георгиева, извршен директор на Стопанската комора на Македонија и Наташа Димеска Стојановска, директор на Дирекцијата на регионални комори и меѓународна соработка, со цел продолжување на активностите и заложбите на двете институции за поттикнување, унапредување и проширување на трговската размена меѓу стопанствата од двете земји. Во оваа насока, иницирано е заедничко организирање на Македонско-француски бизнис-форум, што ќе се оджи на 20 ноември 2014 година во Стопанската комора на Македонија.

**30.10.2014 година**

**Работен состанок со претставници на Амбасадата на Република Италија во Република Македонија - ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА БИЗНИС КОНТАКТИТЕ И ЗГОЛЕМЕНА РАЗМЕНА НА ИСКУСТВА**

Во Стопанската комора на Македонија се одржа работен состанок меѓу претставници на Стопанската комора на Македонија и Амбасадата на Република Италија во Република Македонија. На состанокот се дискутираше за можностите за преземање иницијативи во насока на зголемување на трговската размена меѓу двете земји. Чекорите кои ќе се преземат во интерес на зголемување на соработката меѓу компаниите од двете земји ќе бидат соопштени на заедничка прес-конференција во првата половина на ноември 2014 година. Место за развој и експанзија има, и претежно се темели на близината на двете земји, добрата инфраструктурна поврзаност, дистрибуцијата и логистиката, како и културните сличности.

**30.10.2014 година**

**Претставници на Трговското и економско претставништво на Шпанија во Република Бугарија во Стопанската комора на Македонија - НАСКОРО БИЗНИС- СРЕДБИ ОД ОБЛАСТА НА ГРАДЕЖНИШТВОТО, ИНФРАСТРУКТУРАТА И ЕНЕРГЕТИКАТА**

Во Стопанската комора на Македонија се одржа работен состанок меѓу претставници на Стопанската комора на Македонија и претставници на Трговското и економско претставништво на Шпанија при Амбасадата на Кралството Шпанија во Софија, Република Бугарија. На состанокот беа дискутирани можностите за проблабочување на економската соработка меѓу двете земји, со цел зголемување на извозното и увозното салдо и зацврстување на односите на бизнис-заедниците на двете земји. Поради долгогодишното искуство во работата на ЕУ-проектите од страна на шпанските институции, на состанокот беа дискутирани и можностите за меѓу институционална соработка на Стопанската комора на Македонија и ICEX - Агенцијата за трговија и инвестиции на Шпанија, во поглед на партнерство во сегашни и идни проекти.

**4.11.2014 година**

**Управен одбор на Регионалната комора со седиште во Битола - ЗАЕДНИЧКИ, НО И ПАРЦИЈАЛНИ СИСТЕМИ ЗА ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИТЕ ВОДИ**

Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Битола ја одржа својата 11-та седница. На седницата беа присутни мнозинството членови на Управниот одбор, а со седницата претседаваше претседателот на Регионалната комора со седиште во Битола, Мирко Велковски. На седницата беа разгледувани повеќе точки и по нив се дискутираше за тековните проблеми со кои се соочува стопанството во битолскиот регион. Беше дискутирано за проблемот со отпадните води на големите потрошувачи на вода коишто во текот на својот производен процес ги испуштаат тие води во пелагонискиот басен. Членовите на Управниот одбор дадоа свои мислења по иницијативата на Општина Битола за пречистителна станица за овие води, но во исто време се констатира и фактот дека не е возможно за секој технолошки процес да се има заеднички пречистувач, па така секоја засегната компанија потребно е да инвестира во сопствена пречистителна станица.

**5.11.2014 година**

**Македонско-австриски бизнис-форум со компании од областа на градежништвото и инфраструктурата - ГОЛЕМИТЕ ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ ВО ЗЕМЈАВА НА МЕТА НА АВСТРИСКИ КОМПАНИИ**

Стопанските комори на Македонија и на Австрија организираа Бизнис-форум и презентација на австриски компании од областа на градежништвото и инфраструктурата. На Македонско-австрискиот бизнис-форум присуствуваа и Миле Јанакиески, министер за транспорт и врски во Владата на Република Македонија и Љупчо

Георгиевски, директор на Јавното претпријатие за државни патишта. Преку четириесетина претставници на 28 македонски компании беа присутни во преполнатата сала во Стопанската комора на Македонија и имаа средба со деловни луѓе од Австрија, од компании кои се занимаваат со дејностите: вода за пиење, отпадни води, наводнување, одводнување, атмосферски води, патна и железничка инфраструктура, особено поставување на безбедносни системи, бариери за заштита од бучава и сообраќајни знаци, системи за сигнализација и автоматизација за железници, санација на патна инфраструктура, заштита на мостови на иновативен начин и друго.

**12.11.2014 година**

**Прехранбената индустрија и туризмот - шанса за зголемување на економската соработка меѓу Република Македонија и Република Италија - ЗА ЕСЕНВА НАЈАВЕНИ ТРИ НОВИ ИНВЕСТИЦИИ НА ИТАЛИЈАНСКИ КОМПАНИИ**

Италијанските компании се` повеќе покажуваат интерес за инвестирање во Македонија. Пред се`, тие ги лоцираат можностите за вложување во земјоделството, енергетиката - обновливи и алтернативни извори, градежништвото, заштитата на животната средина, информатичките технологии и во инфраструктурата во земјата. Ова беше истакнато на прес-конференцијата на тема: „Прехранбената индустрија и туризмот - шанса за зголемување на економската соработка меѓу Македонија и Италија“. На дегустацијата ќе се претстават 12 компании од Италија со свои производи кои досега не биле увезувани на македонскиот пазар.

**12.11.2014 година**

**Македонско-грчки бизнис-форум во Битола - ВО ПРЕДЕН ПЛАН РАЗВОЈОТ НА ПРЕКУГРАНИЧНАТА СОРАБОТКА**

Во организација на Регионалната комора со седиште во Битола и со поддршка на Канцеларијата за конзуларни работи на Република Грција во Битола, на 11 ноември 2014 година во Битола се одржа Македонско-грчки бизнис - форум. На форумот учествуваа компании од Пелагонискиот регион и гости-компании од коморите на Лерин, Кожани и Кукуш. Настанот е дел од активностите на Регионалната комора со седиште во Битола за унапредување и подобрување на добрососедската економска соработка во пограничниот регион меѓу Република Македонија и Република Грција.

**14.11.2014 година**

**Презентација пред компании во Охрид за можностите за кредитирање, осигурување и факторинг и финансирање од инструментите на фондот за иновации и технолошки развој - МОЖНОСТИ ЗА КРЕДИТИ И НАМАЛУВАЊЕ НА РИЗИКОТ ОД НЕНАПЛАЌАЊЕ**

Во Општина Охрид се одржа презентација на поволните кредитни линии на Македонската банка за поддршка на развојот, како и можностите за кредитирање осигурување и факторинг. Воедно, беше презентиран и начинот како да се намали ризикот од ненаплатување преку употреба на осигурување на побарувањата. На присутните подетално им беа објаснети: (1) кредитната линија за поддршка на мали и средни компании, каде што е зголемен максималниот рок на отплата на 11 години (оваа кредитна линија се работи преку 11 деловни банки); (2) кредитната линија која е со 3% фиксна годишна камата која МБПР ја спроведува директно и е наменета за примарни земјоделски производители, преработувачи (млинови, млекарници, кланици, за конзервната индустрија...) и извозници на земјоделски производи; (3) факторингот, особено од аспект на неговата употреба како инструмент за задоволување на краткорочните ликвидносни потреби на компаниите.

**17.11.2014 година**

**РАЗМЕНА НА ДОБРИ ПРАКТИКИ МЕЃУ КОМПАНИИТЕ ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА ФРАНЦИЈА ВО ФУНКЦИЈА НА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ТРГОВСКАТА СОРАБОТКА**

Во Стопанската комора на Македонија се оджа прес-конференција на тема: Поттикнување на размената на добри практики и искуства меѓу компаниите од Република Македонија и Република Франција, со цел промовирање на идните деловни активности кои се одлична можност за зголемување на економската соработка. Во напорите за зголемување на надворешно-трговската размена меѓу двете економии, во Стопанската комора на Македонија постои и успешно функционира Деловниот клуб за соработка со Франција и франкофонските земји, основан во 2009 година, во којшто членуваат над 30 македонски и француски компании. Овој клуб е место за размена на искуства и добри практики и воедно им овозможува на македонските, француските и франкофонските компании подобро да ги разберат нивните идеи, размислувања со цел да се здружат и заеднички да настапуваат на трети пазари.

**18.11.2014 година**

**ПРЕЗЕНТАЦИИ НА МАКЕДОНСКАТА БАНКА ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ И ФОНДОТ ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ на 17 ноември 2014 година во Регионалната комора со седиште во Битола**

Во организација на Стопанската комора на Македонија - Регионална комора со седиште во Битола, претставници на Македонската банка за поддршка на развојот и Фондот за иновации и технолошки развој, на 17 ноември 2014 година, во Битола, одржаа презентација за можностите за кредитирање, осигурување и факторинг и финансирање од инструментите на Фондот за иновации и технолошки развој. Пред 30-тина присутни претставници од компании од битолскиот регион беа објаснети кредитната линија за поддршка на мали и средни компании, каде што е зголемен максималниот рок на отплата од 0 (нула) на 11 години (оваа кредитна линија се работи преку 11 деловни банки) и производ факторинг особено од аспект на неговата употреба како инструмент за задоволување на краткорочните ликвидносни потреби на компаниите.

**19.11.2014 година**

**Управен одбор на Регионалната комора со седиште во Прилеп - ПОДЕДНАКОВ ТРЕТМАН НА ДОМАШНИТЕ СО СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИТОРИ**

На 18.11.2014 година се одржа седница на Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Прилеп. На седницата претседателот на Регионалната комора со седиште во Прилеп, Симон Наумоски имаше воведно излагање по дневниот ред, посебно осврнувајќи се на информацијата за Инвестициите во приватниот сектор (преглед на состојбите и предлози за подобрување), материјал усвоен од страна на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија. Со зголемениот прилив на странски инвеститори, особено во конфекцијата, се јавува поголем проблем со флуктуацијата на обучени работници, за што се предлага приемот на такви работници да биде со издадена карактеристика од претходната компанија каде што тие работеле, за што е неопходен еснафски договор или одредена законска регулатива.

**20.11.2014 година**

**Македонско-француски бизнис-форум во Стопанската комора на Македонија - ФРАНЦУСКИТЕ ИСКУСТВА И ПРЕНОСОТ НА ТЕХНОЛОГИИ СЕ ДОБРЕДОЈДЕНИ ЗА МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ**

Стопанската комора на Македонија и Амбасадата на Република Франција во Република Македонија го организираа 3. Македонско-француски бизнис-форум, на тема: „Размената на добри практики меѓу претпријатијата е клучен елемент за трговски развој меѓу Република Македонија и Република Франција“ (20.11.2014 година). Нашата бизнис-заедница на Република Франција гледа како иден поддржувач на техничко-технолошкиот развој во Република Македонија, особено во развојот на винскиот туризам, медицинскиот сектор, текстилот и прехранбениот сектор, и тоа треба да се поддржи и да се спроведе од страна на сите заинтересирани страни. За таа цел, во 2015 година од страна на Стопанската комора на Македонија во соработка со Амбасадата на Р. Франција во Р. Македонија ќе бидат преземени чекори за организација на повеќе деловни средби меѓу македонски и француски компании.

**11.12.2014 година**

**Македонско-турски бизнис-форум со Унијата на индустријалци и бизнисмени од Дошемеалти - DÖSİAD на Анталија - ЗАЕДНО СО ТУРСКИТЕ КОМПАНИИ ПРОБИВ НА ПАЗАРИТЕ ВО СЕВЕРНА АФРИКА И НА БЛИСКИОТ ИСТОК**



Стопанската комора на Македонија, во соработка со Унијата на индустријалци и бизнисмени од Дошемеалти - DÖSİAD на Анталија, организираше Македонско-турски бизнис-форум (11.12.2014 година). На Бизнис-форумот присуствуваа

30 компании од Република Турција и претставници на 15 компании од земјава. -Република Турција е наш долгогодишен пријател и стратешки партнер, а оваа посета, како и останатите посети на турските бизнисмени во Република Македонија, е позитивен одговор на интересот за соработка од двете страни. Во стопанската делегација од Турција беа присутни деловни луѓе од областа на металната индустрија, кожа и текстил (репроматеријали - суровини), производство и преработка на мермер, градежништво и градежни материјали, дизајн, уредување и модерна архитектура, автомобилската индустрија (резервни делови), земјоделството - прехрана (овошје, зеленчук, јаткасти производи, морски плодови), соработка со агенции за недвижности, индустриски машини и опрема, транспорт и логистика, накит (злато и други благородни метали), консалтинг услуги, медицина, трговија, туризам и друго. Регионот на Дошемеалти е познат по производство и преработка на руди и мермер, репроматеријали за градежништво, производство на хемиски материјали, текстил, а особено се познати по Дошемеалти - номадските теписи, производство на хемиски супстанци за базени и бањи, метална индустријата и др. По завршувањето на Македонско-турскиот бизнис-форум се одржаа и бројни билатерални средби.

**15.12.2014 година**

**На Конференцијата на тема „Одржлив развој, туризам, претприемништво и балканска соработка“ што се одржа во Република Грција - ПОТПИШАНА ТРИЛАТЕРАЛНА ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА СОРАБОТКА МЕЃУ КОМОРИТЕ НА ЛЕРИН, БИТОЛА И НА АЛБАНИЈА**

На 12 и 13 декември 2014 година во Лерин, Република Грција, Регионалната комора со седиште во Битола учествуваше на конференција на тема: „Одржлив развој, туризам, претприемништво и балканска соработка“. Конференцијата беше во организација на подрачната единица на леринскиот регион, во соработка со Комората од Лерин и општините на Лерин, Аминдео и Преспа од Република Грција. Како претставници од македонска страна, од Регионалната комора со седиште во Битола на дводневните активности учествуваа членови на Управниот одбор на Регионалната комора, предводена од претседателот Мирко Велковски.

Цели на конференцијата беа: унапредување на компаративните предности и потенцијалите за развој во пограничниот регион; потребните интервенции за развој (јавни и приватни) за прекугранична соработка во текот на наредниот програмски период; унапредување на локалната бизнис-динамика на компаниите и нивните способности за натамошен развој. На конференцијата беа поканети претставници од пограничниот бизнис-сектор и други стопанственици, локални и провинциски власти, академската заедница, стопански комори од Република Грција, Албанија и Македонија и други јавни агенции.

**16.12.2014 година**

**Во Охрид одржана презентација за коморските активности во Универзитетот за информатички науки и технологија „Св. Апостол Павле“ - ПОТТИК ЗА ПОГОЛЕМА СОРАБОТКА МЕЃУ БИЗНИС И НАУЧНАТА ЗАЕДНИЦА**

На 15.12.2014 година во просториите на Универзитетот за информатички науки и технологија „Св. Апостол Павле“ во Охрид, беше одржана презентација за активностите на Стопанската комора на Македонија организирани на национално и на регионално ниво, преку Регионалната комора со седиште во Охрид. Наставниот кадар и студентите беа запознати со идните коморски активности кои ќе се одржат во наредниот период се` со цел поголема информираност на пошироката научна заедница. На средбата беа идентификувани потенцијалните можности за соработка меѓу Стопанската комора на Македонија и Универзитетот со цел интензивирање на заедничките активности во иднина. Од особен интерес е соработката во повеќе национални проекти и соработката во определени програми финансирани од Европската унија.Во иднина, праксата на континуирани средби меѓу научната заедница, студентите и бизнисот од регионот ќе се одвива се` почесто, со цел потесна соработка меѓу засегнатите страни. Стопанската комора на Македонија останува во континуитет да биде поддршка и организатор на заедничките средби.

**18.12.2014 година**

**Во Општина Македонски Брод локалниот бизнис-сектор запознаен со кредитните линии на МБПР и Фондот за иновации и технолошки развој - ПОГОДНИ МОЖНОСТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА БИЗНИСОТ**

Во организација на Регионалната комора со седиште во Кичево, во соработка Општина Македонски Брод, Македонска банка за поддршка на развојот (МБПР) и Фондот за иновации и технолошки развој, пред компании од регионот беше одржана презентација за кредитните линии, нивните бенифиции, начините за аплицирање и можностите за финансирање на фирмите (17.12.2014 година). Горан Ковачев од Македонска банка за поддршка на развојот, ја презентираше кредитната линија која е со 3% фиксна годишна камата. Оваа кредитна линија МБПР ја спроведува директно и е наменета за примарни земјоделски производители, преработувачи (мелници, млекарници, кланици, за конзервната индустрија...) и за извозници на земјоделски производи.

**18.12.2014 година**

**Делегација на Меѓународната стопанска комора на Кина и на Советот за промоција на меѓународната трговија на Кина во Стопанската комора на Македонија - СЛЕДИ ГОДИНА НА ИНТЕНЗИВНА СОРАБОТКА МЕЃУ КОМПАНИИТЕ ОД ДВЕТЕ ЗЕМЈИ**




Во посета на Стопанската комора на Македонија на 18.12.2014 година беше делегација на Меѓународната стопанска комора на Кина и тамошниот Советот за промоција на меѓународната трговија. Делегацијата беше предводена од заменик-претседателот на Меѓународната стопанска комора на Кина и воедно претседавач на Советот за промоција на меѓународната трговија на Кина, Чанг Веи (Zhang Wei). На работната средба посебно беше истакната потребата од интензивирање на соработката меѓу македонските и кинеските компании. И двете деловни асоцијации се согласија во 2015 година да се интензивираат контактите и да се потпише Меморандум за соработка меѓу Стопанската комора на Македонија и Меѓународната стопанска комора на Кина.

**19.12.2014 година**

**Претставници на Националното биро за трговија на Кралството Шведска во Стопанската комора на Македонија - ПРЕНОС НА ИСКУСТВА ЗА МАКЕДОНСКИТЕ ИЗВОЗНИ КОМПАНИИ**

На 19.12.2014 година во Стопанската комора на Македонија се реализира работна средба меѓу претставници на македонскиот бизнис-секор и претставници на Националното биро за трговија на Кралството Шведска. Станува збор за владина агенција која влече корени дури од 1651 година и се занимава со креирање на трговската политика на Шведска. Амбасадорката на Република Македонија во Кралството Шведска, Александра Наќева Ружин ги потенцираше досегашните македонско-шведски трговски односи, а го посочи и процесот на креирање на шведската трговска политика. Претставниците на македонските компании од прехранбениот сектор, кондиторската, металната и металуршката индустрија, се осврнаа на искуствата што ги имаат македонските компании при извоз во Шведска и во останатите земји-членки на ЕУ.

# ОРГАНИЗИРАНИ ЕДУКАТИВНИ НАСТАНИ НА ЛОКАЛНО НИВО

Дирекцијата за регионални комори и меѓународна соработка од втората половина на 2014 година, на барање на компаниите, отпочна со организирање на семинари, работилници, обуки, презетации и други едукативни настани на локално ниво. Темите кои беа презентирани на обуките на локално ниво се следните:

- Обука за подготовка и аплицирање на Европски проекти и запознавање со новите европски програми 2014-2020 достапни за компаниите;
- Закон за финансиска дисциплина;
- Закон за задолжница;
- Закон за регистрирање на готовински плаќања;
- Поедноставени царински постапки;
- Закон за данокот на добивка и Правилник за нормирани износи на кало, растур, крш и расипување.

- **Регионална комора со седиште во Кичево** има организирано 3 едукативни настани , на кои учествуваа 25 посетители.
- **Регионална комора со седиште во Битола** има организирано 3 едукативни настани , на кои учествуваа 47 посетители.
- **Регионална комора со седиште во Прилеп** има организирано 4 едукативни настани , на кои учествуваа 45 посетители
- **Регионална комора со седиште во Кавадарци** има организирани 5 едукативни настани , на кои учествуваа 63 посетители
- **Регионална комора со седиште во Охрид** има организирано 4 едукативни настани , на кои учествуваа 75 посетители
- **Регионална комора со седиште во Велес** има организирано 1 едукативен настан , на кој учествуваа 9 посетители.
- **Регионална комора со седиште во Струмица** има организирано 1 едукативен настан , на кој учествуваа 12 посетители.
- **Регионална комора со седиште во Штип** има организирано 1 едукативен настан , на кој учествуваа 10 посетители.

# ИНФОРМАТИВНО-ПУБЛИЦИСТИЧКА ДЕЈНОСТ

Информативно-публицистичката дејност на Стопанската комора на Македонија во 2014 година се остваруваше преку повеќе форми, а основната цел беше што поширок дел од јавноста да биде запознаен со активностите на органите и телата и облиците на организирање на Комората.

***-ВЕБ-ПОРТАЛ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА*** ( www.mchamber.mk)

Дневно на веб-порталот на Стопанската комора на Македонија се поставуваа во просек по десетина текстови. Главниот акцент беше на содржини кои ја отсликуваат секојдневната активност што се одвиваше во Стопанската комора на Македонија, вклучувајќи го и нејзиното делување на регионално ниво, комплетирани со фотографии. Пократ тоа, од позначајните настани и од редовните прес-конференции беа подготвувани видео-записи кои беа поставувани на веб-порталот и од кои посетителите на сајтот можеа да имаат поширок тонски увид во излагањата на претставниците на нејзините членки. Во ажурирањето на веб-порталот на најстарата и најбројната деловна асоцијација во земјава посебно се водеше сметка на брзината на пласирањето на вестите, соопштенијата и актуелностите.

На сајтот беа поставувани и обработени текстови преземени од државната информативна агенција МИА, веб-страниците и порталите на компаниите, нивните соопштенија, како и соопштенијата на државните органи и

институции, за кои сметавме дека се битни за да може деловните луѓе да имаат едноставно и брзо информирање за се` што значајно се случува во економијата во земјава.

Во текот на годината се вршеше и ажурирање на англискиот и на албанскиот дел на веб-порталот, во просек по 2 до 3 информации дневно одделно на секој од нив.

Во 2014 година со текст и фотографија се покриени сите актиовности на Комората.

***-БИЗНИС ИНФО (неделно електронско издание)***

Во 2014 година беа издадени и 44 електронски изданија на „БИЗНИС ИНФО“ во просек на околу 40 страници. Неделникот обајавуваше во просек околу 60 текстови во едно издание - пошироки текстови, коментари и анализи подготвени од експертите на Комората, како дополнение на она што е поставено на веб-порталот. Електронското издание на „БИЗНИС ИНФО“ во просек бележи по околу 3.500 посетители, а во него се објавуваат и сите планирани активности на Комората за наредната недела.

***-БИЗНИС ОГЛАСНИК (неделно електронско издание)***

Во ова неделно издание, кое се подготвува веќе трета година, се поставуваат комерцијални повици до македонските компании од две бизнис-мрежи кои се лоцирани во Стопанската комора на Македонија. Тоа се ПОНУДА – ПОБАРУВАЧКА и ЕЕН-мрежата. Во прашање се мрежи кои нудат бројни контакти за македонските компании, а од таа обемна содржинба се одбираат внимателно подготвени прилози. Во 2014 година почна и објавувањето на комерцијални огласи на странските инвеститори во Македонија со кои тие бараат разновидни набавки од домашните компании.

Покрај тоа, во ова издание се објавуваа и покани во вид на рекламен повик за сите настани од областа на едукацијата, саемските манифестации, презентации, форуми и слично кои беа организирани од Стопанската комора на Македонија.

Минатата година беа објавени 42 електронски изданија на „БИЗНИС ОГЛАСНИК“, со тоа што посебно се водеше сметка за современо графичко уредување на текстовите.

***-ИНФОРМАТОР (периодично печатено издание)***

Во текот на 2014 година беа отпечатени пет изданија на ИНФОМАТОРОТ (со нови закони, технологии, тендери и понуди) и два Информатора – огласници. Покрај редовните содржини, каде што доминираше прилогот за донесените и законите во подготовка, во овие изданија посебно беа објавувавани настаните во Комората кои се однесуваат на промоцијата на македонското стопанство и активностите во тој правец на најстарата и најбројната деловна асоцијација во земјава.

Во ова издание на челните луѓе на македонските компании посебно им беа пласирани серија текстови за воведувањето на стандарди, како и за можностите како да дојдат до информации и аранжмани во областа на новите технологии. Во изданијата беа плкасирани текстови и од покровителите на Стопанската комора на Македонија.

***-„ПРЕС КЛИПИНГ“ (електронско секојдневно издание)***

Во текот на годината редовнно се објавувува и дневниот електронски „ПРЕС КЛИПИНГ“ наменет за брзо и ефикасно информирање на управувачкиот апарат на Стопанската комора на Македонија и вработените. Во просек се издвојуваат по 12 текстови дневно - извадоци од македонските медиуми.

***-„БИЗНИС ИНФО – СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА“ (страница на социјалните мрежи)***

„БИЗНИС ИНФО – Стопанска комора на Македонија“ е страницата којашто од 2011 година беше отворена на Фејсбук .На оваа страници беа поставувани текстови од Комората, македонската економија и од светскиот печат, кои имаат употребна вредност за претприемачите во земјава. Дневно во просек беа постирани во просек по дваесетина текстови со што се направи обид за зголемување на информираноста кај бизнисмените - корисници на овие страници. Покрај своевиден прес-клипинг на социјалните мрежи со предзнакот на Стопанската комора на Македонија, на посетителите им беа издвојувани текстови од весници, телевизиски станици, портали во регионот – српски, бугарски, хрватски...

***-ПЕРИОДИЧНИ ИЗДАНИЈА***

Во текот на 2014 година беа издадени рекламни изданија, современо дизајнирани со колор-содржини, за секое од здруженијата и другите облици на организирање во Стопанската комора на Македонија. Во нив, покрај основните податоци, беа поместени и адресите на нивните членки.


БИЗНИС ИНФО
Број 205
www.mchamber.mk
25.12.2014
Предлог на Стопанската комора на Македонија
СЛЕДНАТА ГОДИНА – ГОДИНА НА КОНКУРЕНТНОСТ НА НАЦИОНАЛНАТА ЕКОНОМИЈА И ВО РЕГИОНОТ
СРЕЌНА НОВА 2015 ГОДИНА И ЧЕСТИТИ БОЖИЌНИ ПРАЗНИЦИ!
Стопанска комора на Македонија


98
БИЗНИС ОГЛАСНИК
ТОП 5 ПОНУДИ
На 20 ноември 2014 година убава можност за македонските деловни луѓе да ги разменат искуствата и добрите деловни практики со француски компании
МАКЕДОНСКО-ФРАНЦУСКИ БИЗНИС-ФОРУМ
ЈАВЕТЕ СЕ ВЕДНАШ! ВЕ ОЧЕКУВАМЕ!
Огласувајте во „Бизнис огласник“ на Стопанската комора на Македонија:
НАЈБРЗО
НАЈЕДНОСТАВНО
НАЈСИГУРНО
ДО ДЕЛОВЕН ПАРТНЕР!


ИНФОРМАТОР
закони · технологии · тендери · понуди
Број 24
• ИНВЕСТИРАМЕ И ИНОВИРАМЕ ЗА ДА СИ ЈА ОСИГУРАМЕ ИДНИНАТА
НИКОЛА РИЗОВ, заменик-генерален директор на „Фени индустри“ - Кавадарци
СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA


БРОЈ 2 2014
ИНФОРМАТОР
БИЗНИС ОГЛАСНИК
ЖЕНИ-ПРЕТПРИЕМАЧИ – ОБУКА СО СТУДИСКО ПАТУВАЊЕ ВО ВИЕНА
ЈАВЕТЕ СЕ ВЕДНАШ! ВЕ ОЧЕКУВАМЕ!
ТОП 5 ПОНУДИ
ОГЛАСУВАЈТЕ ВО „БИЗНИС ОГЛАСНИК“ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
НАЈБРЗО, НАЈЕДНОСТАВНО И НАЈСИГУРНО ДО ДЕЛОВЕН ПАРТНЕР!

# ДИРЕКЦИЈА НА ДРУГИ ФОРМИ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ И РАБОТЕЊЕ ПРИ КОМОРАТА

## ЕДУКАЦИЈА И ОБУКА

Активностите на Центарот за едукација при Стопанската комора на Македонија во изминатата 2014 година беа во знакот на зголемување на бројот на едукативни настани и семинари на кои беа презентирани актуелни теми од квалитетни предавачи од земјава и од странство.

Согласно Програмата за работа за 2014 година, Центарот за едукација и развој на човечки ресурси при Стопанската комора на Македонија реализираше 89 едукативни настани, на коишто присуствуваа 2286 учесници. Споредбено со минатата година има зголемување на бројот на настаните за 16%, а зголемувањето на бројот на учесниците е за 28%, што резултираше со зголемување на приходите за 7,5%.

Покрај редовните активности на Центарот за едукација кои главно се состојат од организирање на еднодневни и дводневни семинари во Македонија и во странство, дополнително во соработка со членовите на Советот за едукација и развој на човечки ресурси беше организирана Првата конференција во хотелот „Изгрев“ во Струга, на тема: „Современа законска легислатива за подобрување на економскиот раст“ (13 - 15.11.2014 година). На Конференцијата претставниците од бизнис-заедницата на едно место можеа да се запознаат со најновите измени во законската регулатива, како и со новите активности кои ги преземаат надлежните институции од државата во правец на подобрување и поедноставување на нивното работење, а со тоа и подобрување на вкупните состојби во економијата во целост и зголемување на економскиот раст.

Темите кои беа презентирани на обуките во изминатата година беа од следните области: финансиско право, зголемување на капацитетите на стручните лица за безбедност при работа, е-аукции, архивско и канцelариско работење, нормативите и стандардите согласно Законот за заштита и пожарникарство, измена на правната регулатива, корпоративно управување, теми од областа на надворешно-трговското и царинското работење, финансиско-банкарски менаџмент, деловно работење во делот на судските постапки, теми од областа на животната средина, теми од областа на трудовото право и др.

Изминатата 2014 година беше клучна за продлабочување и збогатување на нашата веќе воспоставена соработка со сите државни институции и претставници од истите кои се јавија како наши редовни предавачи и соработници за теми и настани клучни за нашите членки и бизнис-заедницата во целина. Центарот за едукација и во 2015 година ќе ја продолжи својата соработка во делот на професионализмот и одлично воспоставените односи со надлежните институции.

## ВАША БИЗНИС КАНЦЕЛАРИЈА

Во **Вашата бизнис канцеларија** се издаваат сертификати за потекло на производите (Оригин и Фом А), АТА-карнети, потврди за ексклузивитет, потврди за единствен производител, потврди за производител, потврди за слободна продажба, потврди за виша сила, мислења за исполнување на економските услови, мислења за соодветноста, односно влијанието на намалувањето или укинувањето на увозните давачки, како и се врши заверка на фактури, договори и други документи.

Во периодот од 01.01.2014 до 31.12.2014 година во Вашата бизнис канцеларија се издадени:

- 2087 сертификати за потекло на производите (Форм А);
- 12.115 сертификати за потекло на производите (Оригин);
- 468 АТА-карнети;
- 29 потврди за ексклузивитет;
- 2 потврдИ за слободна продажба;
- 1 потврда за единствен производител;
- 22 потврди за производител;
- 10 потврди за членство во Комората;
- 181 заверка на фактури, договори и други документи (со печат Видено во Комора);
- 24 мислења за исполнување на економските услови.

## ВЕБ-СЕРТИФИКАТ EXCELLENT SME

Сертификатот за деловно работење Excellent-SME MACEDONIA е сертификат што го издава Стопанската комора на Македонија во соработка со познатата агенција за кредитен рејтинг COFACE, за најуспешните микро, мали и средни компании во Македонија.

Интересот на сите мали и средни компании во Европа е соработка со компании кои се Excellent, односно со компании без ризик во работењето.

Се` поголем е бројот на компании кои ја препознаа потребата од Excellent, односно ги увидоа бенефитите како сопственици на сертификатот Excellent-SME, а тоа се:

- помал ризик во бизнисот;
- поголема доверба;
- полесно, побрзо и помалку ризично донесување деловни одлуки.

При тоа, компаниите добија поголем кредибилитет кај своите клиенти и кај деловните партнери, јасно експонирана оценка на кредитното рангирање, но и техничка заштита од копирање на печатот на неавторизиран веб-сајт.

Технолошките бенефити исто така се добро познати:

- проактивна заштита од кредење на идентитетот и имитирање;
- проактивна заштита од хакери;
- 24/7 мониторинг на пристапноста на веб-сајтот;
- нотификации за можни обиди за копирање на веб-сајтот и алармирања за губење на страници.

До крајот на 2014 година 80 компании станаа носители на овој сертификат во Република Македонија.

## ЦЕНТАР ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО И УСЛУГИТЕ

Центарот за унапредување на квалитетот во производството и услугите, според своите утврдените работни и програмски задачи во 2014 година ги реализира следниве активности:

***1) консултантски услуги за воведување на ситеми за управување со квалитет, согласно ISO 9001:2008:***

- процесот на имплементација на Систем за управување со квалитет согласно ISO 9001:2008, е во тек или завршен во десет компании;

***2) консултантски услуги за воведување на ситеми за управување со животната средина, согласно ISO 14001:2004:***

- процесот на имплементација на Систем за управување со животна средина согласно ISO 14001:2004, е во тек во четири компании;

***3) консултантски услуги за воведување на HALAL стандард:***

- процесот на имплементација на HALAL стандард е завршен во две, а во една е во тек на имплементација;

***4) учество во изработка на Европски HALAL стандард:***

- TC 425, CEN- Сараево;

***5) активно учество во работата на техничките комитети при Институтот за стандардизација и акредитација на РМ:***

- ТК 18 за оценка на сообразност при ИСРМ;
- ТК 9 за системи за квалитет и животна средина при ИСРМ;
- ТК 13 за безбедност на храна при ИСРМ и
- ТК за сертификациони тела при ИАРМ;

***6) учество на семинари/обуки од областа на стандардите за менаџмент системи HALAL, ISO 50001;***

***7) активно учество во процесот на континуирана проверка на Системот за управување со квалитет во Стопанска комора на Македонија, согласно ISO 9001:2008 од страна на BSI;***

***8) активно учество во континуирано одржување на Системот за управување со квалитет во Стопанска комора на Македонија, согласно ISO 9001:2008, со овластување за надлежност во соодветните релевантни активности;***

***9)активен придонес во информативните печатени изданија на Стопанската комора на Македонија за теми од областа на стандардите;***

***10) активен придонес во анимирање и запознавање на фирмите во Македонија за проблематиката од областа на стандардите.***

# ПОСТОЈАН ИЗБРАН СУД - АРБИТРАЖА

Постојаниот избран суд – Арбитража во текот на 2014 година своите активности ги насочи кон неколку цели. Во насока на промоција на арбитражата како побрз и поефикасен метод на решавање на споровите, на 18.02.2014 година, во хотелот „Александар Палас“, Постојаниот избран суд – Арбитража, со финансиска поддршка на ЦЕФТА-ДИХК-Проектот, организираше Меѓународна конференција на тема: „Арбитражата во ЦЕФТА-регионот во насока на унапредување на економскиот развој„ (Arbitration in the CEFTA region – a way towards economic development”). На конференцијата беа присутни повеќе од 210 учесници - претставници на бизнис-секторот (компании-членки на Стопанската комора на Македонија и членови на Советот на странски инвеститори при Комората), арбитри, професори од повеќе високообразовни институции во Република Македонија, претставници од судовите во Република Македонија (Уставниот суд на Република, Македонија, Врховниот суд на Република Македонија, апелационите и основните судови), претставници од адвокатурата, нотаријатот и извршителите, дипломатски и конзуларни претставници, домашни и странски експерти од областа на арбитражното право.



На конференцијата, како предавачи и како учесници присуствуваа претставници на повеќе арбитражни институции од регионот и пошироко:

- Мирјана Чукавац и Светлана Костиќ, Надворешно-трговска арбитража при Стопанската комора на Србија;
- Веско Божовиќ и Станко Злоковиќ, Надворешно-трговска арбитража и Постојан избран суд при Стопанската комора на Црна Гора;
- Ахмет Касуми и Ањезе Гојани, Постојан арбитражен трибунал при Стопанската комора на Косово;
- Проф. д-р Михајло Дика, Постојан Арбитражен суд при Стопанската комора на Хрватска;
- Проф. д-р Алеш Галиќ, Марко Циновиќ, Нејц Лахнет, Постојан арбитражен суд при Стопанската комора на Словенија;
- Каролин Бехтел, Deutsche Institution für Schiedsgerichtsbarkeit e.V. (DIS);
- Проф. д-р Силви Чернев, Претседател, Арбитражен суд при Бугарска комора за трговија и индустрија.

Конференцијата беше искористена како прилика да се дискутираат состојбите и предизвиците на арбитражното решавање на споровите во земјите од регионот, со обид да се даде одговор на прашањето како арбитражното решавање на спорови може да придонесе за олеснување и поддршка на економската размена помеѓу земјите од регионот, но истовремено и да се продлабочи одличната соработка која Постојаниот избран суд – Арбитража ја има со арбитражните институции од регионот, но и пошироко.

Во насока на запознавање на пошироката јавност со состојбите и предизвиците на арбитражното решавање на споровите во земјите од регионот, како и со трендовите и предизвици во организирањето и спроведувањето на арбитражната постапка, беше испечатена брошура „Арбитражата во ЦЕФТА регионот во насока на унапредување на економскиот развој – Arbitration in the CEFTA region – a way towards economic development", на македонски и на англиски јазик, која беше дистрибуирана на сите присутни на конференцијата.

Покрај наведеното, во текот на 2014 година, Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија продолжи и со активностите за промоција на нејзината работа пред компаниите, заради што поголемо користење и согледување на конкретните придобивки од арбитражниот начин на решавање спорови наспроти решавањето на споровите пред редовните судови. Организирани состаноци за промоција на работата на Постојаниот избран суд – Арбитража пред членовите на Советот на странски инвеститори при Комората, како и пред адвокатите од адвокатските заедници од подрачјата на Апелационите судови во Битола и Гостивар. На состаноците беше нагласено дека Арбитражата, доколку странките ја договорат нејзината надлежност, може да решава спорови за права за кои со закон не е пропишана исклучива надлежност на судовите на Република Македонија, и беа потенцирани предностите на решавање на спорови пред Постојаниот избран суд – Арбитража.

Основна дејност на Арбитржата во 2014 година продолжи да биде ангажманот за брзо и ефикасно организирање и спроведување на поведените арбитражни постапки, при што се настојуваше да се подобри нивото на давање поддршка во спроведувањето на арбитражните постапки и континуирано се преземаа дејствија за подобрување на квалитетот и брзината на спроведување на постапките.

# СОВЕТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ (FIC)

**13.01.2014 година**

**Советот на странски инвеститори и Агенцијата за инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија со заеднички документ - ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА**

Хуан Педро Иманез Наваро, претседател на Советот на странски инвеститори и Висар Фида, директор на Агенцијата за инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, потпишаа Меморандум за соработка меѓу двете институции (13.01.2014 година).



Пред тоа, Советот на странски инвеститори при Стопанската комора на Македонија одржа прес-конференција на која го претстави новоизбраниот претседател, Хуан Педро Иманез Наваро, кој е извршен директор на „Арчелор Митал" - Скопје. На прес-конференцијата, на која присуствуваше и еден од потпретседателите на Советот на странски инвестиции, Џатин Такрар, директор на „Џонсон Мети Македонија", бројните претставници на медиумите беа запознаени со работата на Советот во 2013 и предизвиците во 2014 година.

-Имам дваесетгодишно искуство во металуршкиот сектор. Се надевам дека токму тоа мое меѓународно искуство ќе ми помогне во водењето на оваа институција, – истакна Хуан Педро Иманез Наваро. – Нашата основна цел е да бидиме партнери на домашните институции кои се поврзани со креирањето на бизнис-климата, но и да даваме мислења по закони и прописи што имаат влијание врз работењето на странските компании во земјава.

**30.4.2014 година**

**Заеднички состанок на Советот на странски инвеститори со Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија - АЛТЕРНАТИВНА И ЕФИКАСНА МОЖНОСТ ЗА РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИТЕ И СО СТРАНСКИ ЕЛЕМЕНТ**

Со цел да се информираат членовите на Советот на странски инвеститори околу предностите кои ги нуди арбитражниот метод на решавање на споровите, како и за работењето на Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија, на 30.4.2014 година беше одржан заеднички состанок на тема: „Арбитражата како ефикасно средство за решавање на споровите во Република Македонија“. На состанокот, како претставници на Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија, присуствуваа потпретседателите проф. д-р Тони Дескоски и д-р Горан Рафајловски, како и Билјана Чакмакова, член на Претседателството. Проф. д-р Тони Дескоски се осврна на правната рамка на арбитражата во Република Македонија, потенцирајќи дека современо арбитражно законодавство е одлика на секој држава која е насочена кон привлекување странски инвеститори, и дека Република Македонија е членка на сите меѓународни конвенции од оваа област – пред се` Њујоршката конвенција за признавање и извршување на странски арбитражни одлуки. Што се однесува до арбитражното законодавство, истото е работено по примерот на Модел – Законот на УНЦИТРАЛ за меѓународна трговска арбитража, и претставува одраз на насоченоста на земјата за создавање поволна бизнис-клима за привлекување странски инвеститори.

**30.4.2014 година**

**Министерот за економија во Владата на РМ, Ваљон Сарачини, на работна средба во Советот за странски инвеститори при Стопанската комора на Македонија - ПАРТНЕРСКИ ОДНОС НА СТРАНСКИТЕ И ДОМАШНИТЕ КОМПАНИИ**




Продлабочувањето на соработката меѓу бизнис-заедницата и владините институции претставува еден од клучните фактори за креирање подобра бизнис-клима, како за странските инвеститори во земјата, така и за домашните компании. Во таа насока беше и средбата со министерот за економија Ваљон Сарачини на иницијатива на Советот на за странски инвеститори при Стопанската комора на Македонија (27.2.2014 година). На состанок во Комората, освен што беа отворени низа клучни прашања, беше договорено учество на претставници на Министерството за економија во работните групи на Советот, при креирање на законска регулатива и административните процедури во земјата. -Соработката меѓу бизнис-заедницата и Владата е неопходна со цел заеднички како партнери да најдеме решенија за одредени законски, даночни или други пречки во работењето на компаниите со странски капитал. Тоа ќе придонесе да се подобри работењето на странските компании коишто веќе вложиле во Македонија, но ќе привлечат и нови инвеститори, - истакна Хуан Педро Иманез Наваро, претседател на Советот на странски инвеститори.

**6.5.2014 година**

**Состанок на претседателот на Советот на странски инвеститори при Стопанската комора на Македонија, Јуан Педро Јименез Наварро, со економско-трговските претставници на ЕУ-амбасадите во Република Македонија - ЈАВНО-ПРИВАТНИОТ ДИЈАЛОГ ФУНКЦИОНИРА, НО ТРЕБА И НАТАМУ ДА СЕ РАЗВИВА**

На покана на Делегацијата на ЕУ во Македонија, Советот на странски инвеститори присуствуваше на состанокот со економско-трговските претставници на ЕУ-амбасадите во Република Македонија, со цел запознавање на присутните со прашањата со кои се соочуваат странските инвеститори во нивното секојдневно работење. На состанокот учествуваше претседателот на Советот на странски инвеститори, Јуан Педро Јименез Наварро, кој пред присутните претставници на ЕУ-амбасадите ја истакна улогата на Советот во македонската економија и неговите активности во правец на подобрување на бизнис-климата во државата.

Пред присутните, Наварро образложи како работи Советот преку своите работни групи и ги објасни областите кои се од значење за странските инвеститори. Господинот Наварро посочи дека постои јавно-приватен дијалог и дека е потребно тој уште повеќе да се развива за да се обезбеди целосно вклучување на засегнатите страни при креирањето на државните политики. Притоа, тој нагласи дека предизвици постојат и потребно е за истите да се изнајдат соодветни решенија, со цел Р. Македонија дополнително да се етаблира како погодна инвестициска држава.

**16.5.2014 година**

**Расправа за зајакнување на соработката меѓу домашните и странските инвеститори - НЕОПХОДНИ МЕХАНИЗМИ ЗА РАМНОПРАВНА ПОЗИЦИЈА НА ПАЗАРОТ**

Во скопскиот хотел „Квинс“ се одржа дебата на тема: „Зајакнување на соработката меѓу домашните и странските инвеститори“, чиј иницијатор беше Министерството за економија на Република Македонија, заедно со трите стопански комори и Советот на странски инвеститори.

Целта на оваа средба, на која земаа учество министерот за економија Ваљон Сарачини, министерот за привлекување странски инвестиции Веле Самак, претседателот на Стопанската комора на Македонија Бранко Азески, претседателот на Советот на странски инвеститори Јуан Педро Јименез Наваро, професорот Томе Неновски, како и странски и домашни стопанственици, беше да произлезат одредени сугестии кои потоа ќе бидат разгледани од Владата, а тоа што ќе биде прифатливо ќе се преточи во законско решение или во измени на постојните закони.

**30.9.2014 година**

**Делегација на „Reservoir Minerals“ од Канада во посета на Комората - ИСТРАЖУВАЊАТА ПРИВРШУВААТ УСПЕШНО, ЌЕ СЕ БАРААТ ПАРТНЕРИ ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА РУДАТА**

На 30.9.2014 година, Антони Пешев, претседавач на Собранието на Стопанската комора на Македонија и извршниот директор, м-р Јелисавета Георгиева со своите соработници од Македонската асоцијација на рударството - МАР и Советот на странски инвеститори, ја примија делегацијата од канадската компанија „Reservoir Minerals“. Делегацијата ја предводеа амбасадорот на Канада во Република Македонија, Живко Груевски и д-р Симон Инграм, директор на компанијата со своите соработници.

**10.11.2014 година**

**Зајакнување на соработката меѓу Стопанската комора на Македонија и Фудбалската федерација на Македонија преку потпишување Меморандум за соработка во насока на унапредување на корпоративната општествена одговорност**

Стопанската комора на Македонија ја зајакнува соработката со Фудбалската федерација на Македонија преку потпишување Меморандум за соработка со цел унапредување на корпоративната општествена одговорност Република Македонија.

**12.11.2014 година**

**На терените на Тренинг центарот на Куќата на фудбалот - ОДИГРАН ФУДБАЛСКИ НАТПРЕВАР МЕЃУ СТОПАНСТВЕНИЦИ ВО НАСОКА НА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ОДГОВОРНОСТ**

Воспоставената соработка меѓу Стопанската комора на Македонија и Фудбалската федерација на Македонија се преточи и на фудбалскиот терен. Имено, на терените на Тренинг центарот на Куќата на фудбалот истрчаа двете екипи составени од претставници на компании-членки на Стопанската комора на Македонија и на Советот на странски инвеститори. Како селектори на двата тима на овој неформален фудбалски натпревар се јавија претседателите на Комората и на Советот, Бранко Азески и Јуан Педро Јименез Наваро.

**30.12.2014 година**

**Во Стопанската комора на Македонија остварена работна средба со потенцијален странски инвеститор од Обединетите Арапски Емирати - ЗАИНТЕРЕСИРАНОСТ ЗА ВЛОЖУВАЊЕ ВО ФАРМАЦЕВТСКАТА ИНДУСТРИЈА**

Во Стопанската комора на Македонија се оствари работна средба меѓу Сафван Арафех, претседател на Group ZFCO, потенцијален странски инвеститор во делот на фармацевтската индустрија (30.12.2014 година). Тој доаѓа од Блискиот Исток, поточно од Обединетите Арапски Емирати и е заинтересиран за инвестирање во фармацевтската индустрија во Македонија. Со оглед на фактот дека Group ZFCO е заинтересирана за извоз, разговорот меѓу господинот Арафех и претставниците од Комората беше концентриран на клучните аспекти на извозот од Република Македонија.

# ЗА ПОКРОВИТЕЛИТЕ – Центар за покровители

**„ТОЧНА, НАВРЕМЕНА, БРЗА, КВАЛИТЕТНА ИНФОРМАЦИЈА И УСЛУГА – КЛУЧ ЗА МОЌЕН БИЗНИС“**

Стопанската комора на Македонија, во напорите да го прошири асортиманот на услугите за своите членки, слично како и во другите комори со доброволно членство во развиените западноевропски земји, веќе неколку години го практикува проектот: ПОКРОВИТЕЛСТВО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА.

Целта на овој проект е понуда на членките, во пакет, повеќе видови на услуги кои би ги користеле континуирано во подолг временски период, а воедно, да се стави на располагање на заинтересираните членки расположивата кадровска и техничка инфраструктура на Комората за развој и унапредување на нивниот бизнис.

За таа цел, Стопанската комора на Македонија, одејќи во чекор со светските економски промени во текот на 2014 година, изврши проширување во квалитетот и во квантитетот на услугите содржани во покровителството, со цел амортизирање на негативните влијанија врз бизнисот.

Сето тоа резултираше со влез на нови компании во семејството покровители на Стопанската комора на Македонија кои го пронајдоа својот бизнис-интерес во активностите на Комората, насочени кон подобрување на климата во стопанството.

**Според планираната Програма за 2014 година:**

- зголемен е бројот на покровители;
- обновени се договорите со веќе постојните покровители;
- активиран е Проектот „Меѓусебна соработка меѓу покровителите преку размена на стоки и услуги по посебни услови“;
- зголемени се бенефициите и попустите во однос на комерцијалните услуги на Стопанската комора на Македонија кон покровителите;
- организирани се презентации, промоции и други настани во Комората во зависност од барањата и потребите на покровителите;
- склучен е договор за Премиум Покровител со 2 нови компании;
- склученни се договори за Стандард Покровителство со 1 нова компанија;
- склученни се договори за Силвер Покровителство со 4 нови компании;
- активирана е можноста договорите за покровителство да бидат склучени на повеќе години со попуст;
- организирани се поинтензивни заеднички работни средби на покровителите со раководството на Стопанската комора на Македонија;
- организирани се работни средби покровител со покровител, на нивно барање;
- поврзување на компаниите покровители и закажување на работни средни со институции за решавање на одреден проблем од значење за нивниот бизнис;
- дадена е логистичка поддршка во организирање на повеќе промотивни настани (во организација на покровителите), за промоција, на барање на покровителите;
- остварени се поинтензивни контакти и работни средби и активности со покровителите од страна на администраторот за покровители при Стопанската комора на Македонија;
- целосно се исполнети точките од договорите за покровителство кон покровителите;
- редовно поставување на рекламен материјал на сите катови во Комората, на рафтови наменети за покровителите;
- поставени логоата на покровителите на рекламни табли на 1-ви кат, 3-ти кат, 3-ти кат сала 3, 4-ти кат, и на 5-ти кат сала 4;
- набавка на производи и услуги за потребите на Комората, со одлука исклучиво од компаниите покровители;
- објавени логоа, интервјуа и изјави на покровителите во „БИЗНИС ИНФО“ на Комората;
- објавени логоа, огласи на фирми од покровителите во „БИЗНИС ОГЛАСНИК“ на Комората;
- редовна емисија на рекламни спотови, настани и логоата на покровителите на тв-екраните поставени на 1-ви, 5-ти кат и во лифтот во Комората;
- реализирана традицијата за размена на новогодишни корпи со производи од покровителите – за покровителите;
- реализирани активности и работни задачи за покровителите, кои не се внесени како услуги во договорите за покровителство, но се произлезени од тековното работење, на нивно барање.

# ПОКРОВИТЕЛИ
## НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

### БРИЛИЈАНТЕН Покровител

Бриллијант

### ПРЕМИУМ Покровители

FENI INDUSTRIES
GRANIT BUILDING & CONSTRUCTION
ALPHA BANK
VERO Супер за цел град
СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ членка на NBG групацијата
КОЖУВЧАНКА
MERMEREN Kombinat
T - Mobile
T
комерцијална банка ад скопје
ЕЛЕМ ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА

### СТАНДАРД Покровители

vitaminka www.vitaminka.com.mk
АЛКАЛОИД СКОПЈЕ
HALKBANK
EVN
ФИЛИП ВТОРИ
АгроТехна
Duna
PERPETUUM MOBILE SECURITY
EVROPA
РАДЕ КОНЧАР - ТЕП ТРАНСФОРМАТОРИ И ЕЛЕКТРИЧНИ ПОСТРОЈКИ
ТИКВЕШ ВИНАРСКА ВИЗБА
EDS ENERGY DELIVERY SOLUTIONS
МАКПРОГРЕС
РАДЕ КОНЧАР - СЕРВИС СЕРВИС И ПОПРАВКА НА ЕЛЕКТРИЧНИ ПРОИЗВОДИ
eurolink ОСИГУРУВАЊЕ А.Д. СКОПЈЕ
OKTA

### СИЛВЕР Покровители

ALLIANCE One
Bis Oil
Carrefour
Kadino
Swisslion
ТЕСТЕНИНИ ГООРИКС
SOCOTAB Leaf tobacco
evita
КИРО ДАНДАРО ГРАФИЧКА ИНДУСТРИЈА-БИТОЛА